Државните органи, органите на државната управа, единиците на локалната самоуправа, трговските друштва, јавните претпријатија, установите и службите се должни да имаат соодветни уреди и инсталации за заштита од пожари и експлозии, друга противпожарна опрема, средства за гаснење на пожари и противпожарни апарати, според пропишаните стандарди. Уредите, инсталациите, опремата и средствата од ставот 1 на овој член, задолжилетно треба да се наоѓаат на одредени места, да се одржуваат во исправна состојба, да бидат поседно обележани и секогаш достапни за употреба, согласно со закон.

Согласно Законот за заштита и спасување (Сл. Весник на Р.М. бр.36/04, бр. 49/04, бр. 86/08, бр. 125/10 и бр. 18/11), член 70, инвеститорот во проектната документација за изградба на објекти, како и за објекти на кои се врши реконструкција-пренамена е должен да изготви посебен елаборате за заштита од пожари, експлозии и опасни материи и да прибави согласност за застапеноста на мерките за заштита од пожари, експлозии и опасни материи. Согласност за застапеност на мерките за заштита од пожари, експлозии и опасни материи дава Дирекцијата, односно најзините подрачни организациони единици за заштита и спасување. Директорот на Дирекцијата ја утврдува содржината на елаборатот за

заштита и спасување од пожари, експлозии и опасни материи. Директорот на Дирекцијата ги пропишува мерките за заштита од пожари, експлозии и опасни материи. Одредбата од ставот 1 на овој член ги опфаќа сите капацитети, освен станбените објекти со висина на венецот до 10 метри и јавните објекти со капацитет за истовремен престој до 25 лица.

За објектите на кои не се однесува одредбата на овој член се применуваат важечките мерки, нормативи и стандарди кои се однесуваат на заштита и спасување.

- **Заштита од неексплодирани убојни и други експлозивни средства**

Согласно Законот за заштита и спасување (Сл. Весник на Р.М. бр.36/04, бр. 49/04, бр. 86/08, бр. 125/10 и бр. 18/11), член 80, заштита од неексплодирани убојни и други експлозивни средства опфаќа пребарување на теренот и пронаоѓање, на неексплодирани убојни средства, обележување и обезбедување на теренот, онеспособување и уништување на сите видови неексплодирани убојни и други експлозивни средства како и транспорт до определено и утврдено место за уништување и безбедносни мерки за време на транспортот. Онеспособување и уништување на сите видови на неексплодирани убојни и други експлозивни средства се врши на местото на пронаоѓањето, ако за тоа постојат безбедносни услови.

Ако не се исполнети условите од ставот 2 на овој член, уништувањето на неексплодирани убојни и други експлозивни средства се врши на претходно определени и уредени места за таа намена.

Стандардните оперативни процедури за заштита од неексплодирани убојни и други експлозивни средства ги пропишува Дирекцијата.

- **Заштита и спасување од урнатини**

За заштита на локалитетот од урнатини при урбанистичкото планирање се следните мерки:

- најмало растојание од градежната линија до следната градежна линија е 6.0м -10.0м , на коридорот на улиците;
- објектите се со кота на венец до 15.0м;
- при рушење објектот ја зафаќа Н/2 од површината околу себе, односно рушевините се во склоп на парцелата;
- сообраќајната мрежа нема да биде оптеретена со рушевини и ќе има можност за пристап на возила за пожар, прва помош, итн.

Просторот на предметниот плански опфат се наоѓа во зона на 9 степени по Меркалиевата скала на очекувани земјотреси, што наметнува задолжителна примена на нормативно-правна регулатива, со која се уредени постапките, условите и барањата за постигнување на технички конзистентен и економски одржлив степен на сеизмичка заштита, при изградба на новите објекти.

Густината на објектите односно нивното растојание е планирано во доменот на сеизмичкото проектирање со помали висини на објектите и со поголеми попречни профил на сообраќајниците, со што во случај на сеизмичко рушење може да се обезбеди проток на луѓе и возила.

- **Мерки за заштита и спасување од природни и технолошки непогоди.**

На локалитетот има можност од појава на технички несреќи како резултат на намената на просторот каде е предвиден **стопански комплекс со намена на површина од Г2 - лесна и незагадувачка индустрија и Е2 комунална супраструктура во м.в. "Св. Атанас", КО Спанчево, општина Чешиново-Облешево,** во максималниот процент на изграденост спаѓа и внатрешниот сообраќаен систем кој има добри сообраќајни врски со надворешниот сообраќаен коридор.

Заради постигнување на целосна заштита на луѓето, материјалните добра, потесната и поширокатa животна средина потребно е одржување на опремата и инсталациите, заради сигурно користење на опасни материи во технолошките процеси заради одбегнување на технолошки катастрофи, ограничување на емисијата како последица од пожар, експлозија или ослободоување на хемикалии, што може да се случи во околности на поголеми индустриски несреќи и заштита на животната средина во смисол на ограничување на ефектите од емисија на опасни материи или последици од пожар и експлозии.

- Услови за заштита и спасување од техничко-технолошки несреќи:

- потребно е да се предвидат превентивни мерки од страна на стопанските субјекти за спречување на технолошки катастрофи, базирани врз анализата на однесувањето на исти или слични постројки;
- потребна е замена на халогенираните јагленоводороди како разладни средства и пропеланти, редукација на сегашната емисија на голем број на опасни супстанци и редукција на емисија на бензин, хлорометан, духлоретан, бакер и кадмиум, намалување на емисијата на јаглероден диоксид и сулфур-диоксид и дефосфатизирање и денитрифицирање на отпадниот материал;
- изработка на соодветни планови и програми за заштита на нелението и едукација и тренинг на персоналот во случај на евентуална техничка катастрофа.

Заради постигнување на целосна заштита на луѓето , материјалните добра и потесната и поширокатa животна средина постојат три нивоа на преземање на сигуросни, превентивни мерки:

Прво ниво: ги вклучува сите мерки кои се преземаат во одржувањето на опремата и инсталациите, заради сигурно користење на опасни материјали во технолошките процеси и одбегнување на технолошки катастрофи;

Второ ниво: се однесува на сите мерки кои треба да обезбедат ограничување на емисијата како последица од пожар, експлозија или ослободување на хемикалии;

Трето ниво: вклучува мерки кои се превземаат за заштита на животната средина во смисла на ограничување на ефектите од емисија на опасни материи, или последици од пожар и експлозии.

При изработката на плановите од пониско ниво треба да се има предвид следното:

- потребата од оформување на системот на евиденција и анализа на технолошките акциденти, компактибилен на системот MAPC на Европската унија,

како база за евиденција на опасни материјали, присутни во технолошките постројки и можни причини на катастрофи;

- потребата од предвидување на превентивни мерки за спречување на технолошки катастрофи, базирани врз анализата на однесувањето на исти или слични постројки;
- изработка на соодветни планови и програми за заштита на населението и едукација и тренинг на персоналот во случај на евенуална техничка катастрофа.

По однос на технолошките непогоди, треба да бидат превземени сите мерки за заштита со изработката на проектите и примената на соодветна технологија.

Овој тип на непогоди претежно се предизвикува од непримената на Законот за заштита на животна средина, а се одразува врз загрозување или уништување на природата пред се на вода, воздух и земја.

- **Спасување од сообраќајни несреќи**

Планираната улична мрежа за **Урбанистички план вон населено место за стопански комплекс со намена Г2 - лесна и незагадувачка индустрија (меѓу кои се и изградба на стовариште за складирање и финална обработка на камен-габро со пропратни содржини) и Е2 комунална супраструктура (објекти за производство на електрична енергија со фото волтаични панели) во м.в. "Св. Атанас", КО Спанчево, општина Чешиново-Облешево,** со површина на планскиот опфат од 25,50ха., се планирана по принцип на херархиска функционална класификација, од примарна и секундарна мрежа.

Стационарниот сообраќај е решен согласно член 59 и член 61 од Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање (Сл. весник на РМ, бр. 63/12). Комплетната сообраќајна сигнализација на уличната мрежа, како вертикална и хоризонтална треба да е изведена согласно прописите од областа на сообраќајот.

Временскиот рок за дејствување на возилата за брза помош зависи од оддалеченоста на најблиската амбуланта, болница или поликлиника, која за овој плански опфат во реонот на амбуланта "Медицински центар - Кочани" би изнесувал од 15 до 20мин.

Временскиот рок за дејствување на пожарните возила зависи од оддалеченоста на најблиската противпожарна станица, која за овој плански опфат кој спаѓа во реонот на Против Пожарна Единица во Кочани, би изнесувал од 15 до 20мин.

- **Евакуација**

Со евакуација се врши планско, организирано и контролирано преместување на населението, материјалните добра и културното наследство на Републиката, од загрозените во побезбедните подрачја.

Евакуацијата се извршува доколку со други мерки не е можно да се спречат последиците од природните непогоди и други несреќи.

Населението од подрачјето од кое се врши евакуација, може да се евакуира во друга општина на одредено место и во одредено време.

На површината на предметниот плански опфат не се предвидени градежни парцели со намена лесна и незагадувачка индустрија. Евакуацијата би се вршела само на материјалните добра на индустриските објекти.

- **Згрижување на загрозеното и настраданото население**

Згрижувањето опфаќа прифаќање, сместување и обезбедување на основни услови за живот на настраданото и загрозено население. Републиката и единиците на локалната самоуправа се должни да обезбедат сместување и итно згрижување на населението, кое поради непогоди и други несреќи, останало без дом и средства за живеење и кое поради загрозеност се задржува надвор од своето место на живеење.

На површината на предметниот плански опфат не се предвидени градежни парцели со намена домување, односно не се предвидуваат мерки за згрижување на население.

- **Радиолошка, хемиска и биолошка заштита**

Радиолошка, хемиска и биолошка заштита опфаќа мерки и активности за заштита на луѓето, добитокот и растенијата, со навремено откривање, следење и контрола на опасностите од последиците од несреќи со опасни материи, како и последиците од радиолошки, хемиски и биолошки агенси и превземање на мерки и активности за отстранување на последиците од нив,

Сопствениците на објекти во кои се произведуваат и скалдираат опасни материи, сопствениците на транспостни средства, сопствениците и корисниците на објектите и уредите кои се наменети за јавно снабдување со вода, производство, сообраќај и складирање на прехранбени производи, лекарства и сточна храна, јавните здравствени служби, како и сопствениците на објекти во кои се врши згрижување и образование на децата, должни се да обезбедат заштитни средства и да ги спроведуваат стандардите и процедурите за радиолошка, хемиска и биолошка заштита.

Надлежните субјекти потребно е да превземат мерки и активности за заштита и спасување и тоа:

- РХБ извидување на територијата;
- дозиметриска контрола;
- детекција на РХБ агенси присутни на одредено подрачје;
-лабораториско испитување на видот, концентрацијата, својствата и другите карактеристики на РХБ контаминентите.

- **Прва медицинска помош**

Прва медицинска помош опфаќа преземање на мерки и активности за укажување на прва медицинска помош со стандардни и прирачни средства на местото на повредувањето - заболувањето, медицинска тријажа на повредените и заболените и транспорт до најблиските здравствени установи.

Временскиот рок за дејствување на возилата за брза помош зависи од оддалеченоста на најблиската болница или поликлиника, која за овој плански

опфат во реонот на амбуланта Медицински центар - Кочани" би изнесувал од 15 до 20мин.

- **Заштита и спасување на животни и производи од животинско потекло**

Заштита и спасување на животни и производи од животинско потекло опфаќа превентивни и оперативни мерки за заштита на животните и производите од животинско потекло од дејствата на природните непогоди, епизоотии и други несреќи.

Превентивните мерки за заштита и спасување на животни и производи од животинско потекло ги спроведуваат надлежните органи и институции во нивното секојдневно работење.

Во спроведување на оперативни мерки, покрај надлежните органи и институции учествува и Дирекцијата со своите единици и тимови, со укажување на прва ветеринарна помош на повреден, заболен или контаминиран добиток со стандардни и прирачни средства на местото на повредувањето и транспорт до соодветните ветеринарни установи.

- **Заштита и спасување на растенија и производи од растително потекло**

Заштита и спасување на растенија и производи од растително потекло опфаќа превентивни и оперативни мерки и активности за заштита од растителни болести, епифитотии, штетници, плавели, радиолошка, хемиска и биолошка контаминација и други видови на загрозувања.

Превентивни мерки за заштита и спасување на растенија и производи од растително потекло ги спроведуваат надлежните органи и институции во нивното секојдневно работење. Во спроведувањето на оперативните мерки, покрај надлежните органи и институции учествува и Дирекцијата со своите единици и тимови.

- **Асанација на теренот**

Асанација на теренот опфаќа пронаоѓање, собирање идентификација, транспорт и погребување на загинати и умрени лица, собирање, транспорт и закоп на угинати животни, собирање и уништување на сите видови отпадни и други опасни материи што го загрозуваат животот и здравјето на луѓето, дезинфекција, дезинсекција и дератизација на теренот и објектите како и асанација на објектите за водоснабдување.

За цврстиот отпад се предвидува собирање во контејнери за отпадоци и нивно редовно евакуирање до депонија. Евентуалните отпадоци од некој процес на производство потребно е да се собираат во посебен контејнер. Со тоа ќе се спречи загадување на почвите и подземните води, а со тоа на животната и работната средина воопшто. Денешниот степен на развиток на сите гранки на техниката и хемијата, апсолутно овозможува здрав и чист животен амбиент, бидејќи може да се прочисти готово секој вид на отпадна вода. Со прочистување на отпадната вода, како и со заштита на водата од загадување, се решава проблемот на снабдување

на стопанството и населбите со чиста вода. Со тоа се решава и прашањето на водата како елемент на животната средина, пресуден за егзистенција на човекот.

Носителите на одделните активности за асанација на теренот ќе се утврдуваат според надлежноста на предметниот реон.

Врз основа на член 29 од Законот за заштита и спасување (Сл. Весник на Р.М. бр.36/04, бр. 49/04, бр. 86/08, бр. 125/10 и бр. 18/11), мерките за заштита и спасување задолжително се применуваат:

1) при планирањето и уредувањето на просторот и населбите;

2) во проектите, за објекти и технолошки процеси наменети за складиање, производство и употреба на опасни материи, нафта и нејзини деривати, енергетски гасови, јавниот сообраќај, црна и обоена металургија, како и за јавна, административна, културна, туристичко-угостителска дејсност

3) при изградба на објекти и инфраструктура. Начинот на применување на мерките за заштита и спасување, при планирањето и уредувањето на просторот и населбите, во проектите и при изградба на објектите, како и учеството на техничкиот прием, Владата го уредува со уредба.

Во функција на уредувањето на просторот задолжително се обезбедува:

1) изградба на објекти отпорни на сеизмички дејства;
2) регулирање на водотеците и изградба на систем на одбранбени насипи;
3) изградба на снегозаштитни појаси и пошумување на голините;
4) обезбедување на противпожарни пречки;
5) изградба на објекти за заштита
6) изградба на потребната инфраструктура.

При примена на планските решенија на **Урбанистички план вон населено место за стопански комплекс со намена Г2 - лесна и незагадувачка индустрија (меѓу кои се и изградба на стовариште за складирање и финална обработка на камен-габро со пропратни содржини) и Е2 комунална супраструктура (објекти за производство на електрична енергија со фото волтаични панели) во м.в. "Св. Атанас", КО Спанчево, општина Чешиново-Облешево,** за што не е регулирано со овие услови да се применуваат стандардите и нормативите утврдени со Законот за заштита и спасување (Сл. Весник на Р.М. бр.36/04, бр. 49/04, бр. 86/08, бр. 125/10 и бр. 18/11), Процена за загрозеност на Република Македонија од природни непогоди и други несреќи (Сл. весник на РМ бр.117/07), Методологијата за содржината и начинот на проценување на опасностите и планирање и заштитата и спасувањето (Сл. весник на РМ бр.76/06) и Уредбите за спроведување на заштитата и спасувањето од пожари и урнатини (Сл. весник на РМ бр.98/05).

6. ОПИС И ОБРАЗЛОЖЕНИЕ НА ПЛАНСКИТЕ РЕШЕНИЈА ЗА ИЗГРАДБА, НА НАМЕНСКАТА УПОТРЕБА НА ГРАДЕЖНОТО ЗЕМЈИШТЕ ПАРЦЕЛИРАНО ЗА ИЗГРАДБА, НА ГРАДЕЖНО ЗЕМЈИШТЕ ЗА ОПШТА УПОТРЕБА, СООБРАЌАЈНАТА И КОМУНАЛНАТА ИНФАСТРУКТУРА

6.1. Парцелација и нумерација

Просторот на урбаното подрачје детално е разработен во еден плански опфат во наменска зона со од класата на намена Г2 - лесна и незагадувачка индустрија и Е2 комунална супраструктура. За полесна идентификација на градежните парцели, истите се означени со бројки.

Во рамките на опфатот се означени градежните парцели односно објектите со примена на двоцифрена нумерација.

Според оваа нумерација (1.01) обележени бројот на блокот, градежните парцели и објектите во графичките прилози и изработени урбанистички параметри (нумерички показатели), за секоја парцела посебно, кои се дел од поглавјето II. Услови за градба, (текстуален дел) и графичкиот дел - графички приказ лист број 2 (план на површини за градење).

Решавањето на проблемот на стационарниот сообраќај потребите на паркирањето на моторните возила да се обезбеди во рамките на градежните парцели.

Во однос на пристапи со возило до градежните парцели тие се решени директно од сообраќајниците.

6.2. Површина и намена

Површината во границата на планскиот опфат во Урбанистички план вон населено место за стопански комлекс со намена Г2 - лесна и незагадувачка индустрија (меѓу кои се и изградба на стовариште за складирање и финална обработка на камен-габро со пропратни содржини) и Е2 комунална супраструктура (објекти за производство на електрична енергија со фото волтаични панели) во м.в. "Св. Атанас", КО Спанчево, општина Чешиново-Облешево, изнесува 25,50ха.
Основната намена на просторот на локалитетот е изградба на објекти со намена на земјиштето

Е - ИНФРАСТРУКТУРА од кои 9 (девет) градежни парцели со Е2 - комунална супраструктура (производство на електрична енергија со фото волтаични панели), 3 (три) градежни парцели со Е2 - комунална супраструктура трафостаници до 20кВ, 1 (една) градежна парцела со Е3 - некомпатибилна инфраструктура-пречисттекна станица и

Г - ПРОИЗВОДСТВО, ДИСТРИБУЦИЈА И СЕРВИСИ

12 (дванаесет) градежни парцели со Г2-лесна и незагадувачка индустрија

и класа на намени "Д2",- заштитно зеленило (заштитен појас на општински (локален) пат и заштитен појас на далновод).

Намената и типот на објектите се дадени од кратенки со букви од кириличното писмо впишани во самиот објект - парцела во графичкиот приказ и во табелите со урбанистичките параметри за секоја градежна парцела посебно. Дејностите во објектите да кореспондира со барањата од инвиститорите а во согласност со Законот за просторно и урбанистичко планирање.

Покрај дефинираната намена на површините се предвидени површини од јавен интерес, односно сообраќајни површини (тротоари, и коловози).

Заштитното зеленило во локалитетот може да се подели во согласност со неговата основна намена:

- заштитни зелени површини со линеарно зеленило, (заштитен појас на општински (локален) пат и заштитен појас на далновод).
- зеленило во состав на парцели,
- останати зелени површини.

Хортикултурното решение и изборот на типот на зеленило се остава на избор на подетални разработувања на самите сопственици на парцелите.

6.3. Преглед на карактеристични податоци

Со анализата на податоците се урврдени основните показатели кои го карактерезираат планскиот опфат и тоа:

- површина на плански опфат 25,50ха
- процент на изграденост (бруто) ..... 65,69 %
- процент на изграденост (нето) ..... 79,75 %
- коефициент на искористеност (бруто) 0.69
- коефициент на искористеност (нето) 0.80

Вкупни биланси показатели:

реден број	Намена	Површина (ха)	Процент (%)
1	2	3	4
1	Г - производство, дистрибуција и сервиси, Г2-лесна и незагадувачка индустрија	9,00	35,29
2	Е1 - комунална инфраструктура - сообраќајници и тротоари	3,05	11,96
3	Е - инфраструктура, Е2 - комунална супраструктура, производство на ел. енергија (фото волтаични панели)	10,82	42,43
4	Е - инфраструктура, канал за одводнување	0,18	0,71
5	Е - инфраструктура, Е2 - комунална супраструктура - трафостаници планирани	0,13	0,51
6	Д-зеленило и рекреација, Д2-заштитно зеленило	0,23	0,91
7	Д-зеленило и рекреација, Д2-заштитен појас (зеленило), на (локален) пат	1,25	4,86
8	заштитен појас на далновод	0,78	3,06

9	Е - инфраструктура, Е3 - некомпатибилна инфраструктура, пречистителна станица	0,07	0,27
вкупно:	**планski опфат**	**25,50**	**100,00**

Вкупни нумерички показатели:

Број на парцела и објект	Површина на парцела	Површина за градење м2	Мах. процент на изграденост	Мах. коефиц. на искористеност	Вкупна пов. по етажи м2	Број на паркинг места	Вид на паркирање	Класа на намена	Мах. висина до венец м´	Спратност	Компатибилна класа на намена до 30% и 49%
1	2	3	4	5	6	7	8	9	10	11	12
1.01	9.166,09	5.883,22	64,18	0,64	5883,22	*	парц.	Е2	* *	П	/
1.02	7.641,11	4.800,82	62,83	0,63	4800,82	*	парц.	Е2	* *	П	/
1.03	3.255,06	2.077,09	64,01	0,64	2077,09	*	парц.	Е2	* *	П	/
1.04	7.128,11	4.990,53	70,01	0,70	4990,53	*	парц.	Е2	* *	П	/
1.05	8.605,59	6.779,59	78,78	0,79	6779,59	*	парц.	Е2	* *	П	/
1.06	1.013,08	504,49	/	/	трафост.	/	/	Е2	* *	/	/
1.07	6.155,52	4.915,87	79,86	0,80	4915,87	*	парц.	Е2	* *	П	/
1.08	6.003,75	4.829,01	80,43	0,80	4829,01	*	Е2	Е2	* *	П	/
1.09	7.720,27	5.591,56	72,43	0,72	5591,56	*	парц.	Е2	* *	П	/
1.10	3.578,02	2.422,85	67,71	0,68	2522,85	*	парц.	Г2	* *	П/П+1	Б1;Б2;Г3;Г4
1.11	3.360,79	2.299,41	68,42	0,68	2299,41	*	парц.	Г2	* *	П/П+1	Б1;Б2;Г3;Г4
1.12	220,06	15,00	/	/	трафост.	/	/	Е2	* *	/	/
1.13	55.073,40	50.255,65	91,23	0,91	50255,65	*	парц.	Г2	* *	П/П+1	Б1;Б2;Г3;Г4
1.14	59.311,09	52.355,30	88,27	0,88	52355,30	*	парц.	Е2	* *	П	/
1.15	1.845,37	881,44	47,76	0,48	881,44	*	парц.	Г2	* *	П	Б1;Б2;Г3;Г4
1.16	717,08	250,88	34,99	0,35	250,88	*	парц.	Г2	* *	П	Б1;Б2;Г3;Г4
1.17	6.143,32	4.404,95	71,70	0,72	4404,95	*	парц.	Г2	* *	П/П+1	Б1;Б2;Г3;Г4
1.18	2.487,52	1.366,62	54,94	0,55	1366,62	*	парц.	Г2	* *	П/П+1	Б1;Б2;Г3;Г4
1.19	2.835,80	1.782,05	62,84	0,63	1782,05	*	парц.	Г2	* *	П/П+1	Б1;Б2;Г3;Г4
1.20	53,49	15,00	/	/	трафост.	/	/	Е2	* *	/	/
1.21	3.101,09	1.548,72	49,94	0,77	2384,18	*	парц.	Г2	* *	П/П+1	Б1;Б2;Г3;Г4
1.22	3.037,19	1.473,12	48,50	0,76	2316,67	*	парц.	Г2	* *	П/П+1	Б1;Б2;Г3;Г4
1.23	6.265,14	4.446,52	70,97	0,71	4446,52	*	парц.	Г2	* *	П/П+1	Б1;Б2;Г3;Г4
1.25	4.294,79	2.988,29	69,58	0,70	2988,29	*	парц.	Г2	* *	П/П+1	Б1;Б2;Г3;Г4
1.25	685,26	355,89	51,94	0,52	355,89	*	парц.	Е3	* *	П	/
Вкупно:	209.687,99	167.223,87	79,75	0,80	168368,39	*	/	/	* *	/	/

* - Потребниот број на паркинг места ќе се определи согласно член 61 од Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање - (Службен весник на РМ бр. 63/12)

* * - висините на градбите до венец ќе се одредат во зависност од технолошкиот процес.

6.4. ИНФРАСТРУКТУРА

- **Сообраќајна инфраструктура**

- Нивелационен план

Врз основа на проектираните улици, како и висинските коти на осовините, добиени од ажурираната геодетска подлога Р 1:1000, се изврши нивелација на уличната мрежа.

Висинските коти, должините и падовите на улиците добиени се компјутерски преку скенираните геодетски подлоги.

Со изработка на Урбанистички план вон населено место за стопански комлекс со намена Г2 - лесна и незагадувачка индустрија (меѓу кои се и изградба на стовариште за складирање и финална обработка на камен-габро со пропратни содржини) и Е2 комунална супраструктура (објекти за производство на електрична енергија со фото волтаични панели) во м.в. "Св. Атанас", КО Спанчево, општина Чешиново-Облешево, со површина од 25,50ха, пристапено е кон изработка на нивелманско решение за истиот локалитет.

Сообраќајниците во нивелациско решеиние ги имаат следните подолжни падови кои се движат во границите од 2,98% до 5,98%, за Идустриска ул. бр. 1, од 1,77% до 5,82%, за Индустриска ул. бр. 2, од 1,41% за Индустриска ул. бр. 3, од 4,74% за Индустриска ул. бр. 4.

Со примена на овие подолжни падови се овозможува одводнување на површинските води од улиците.

- **Сообраќаен план**

Локалитетот, Урбанистички план вон населено место за стопански комлекс со намена Г2 - лесна и незагадувачка индустрија (меѓу кои се и изградба на стовариште за складирање и финална обработка на камен-габро со пропратни содржини) и Е2 комунална супраструктура (објекти за производство на електрична енергија со фото волтаични панели) во м.в. "Св. Атанас", КО Спанчево, општина Чешиново-Облешево, од западната страна граничи односно тангира со Индустриската улица бр. 1 (надвор од планскиот опфат локален пат с. Спанчево-с. Рајчани).

Од источната страна локалитетот граничи односно тангира со Индустриската улица бр. 4.

Во планскиот опфат поминуваат Индустриските улици бр. 2 и бр. 3, кои сообраќајно ги поврзуваат планираните парцели. Истите се вкстосуваат (Индустриските улици бр. 2 и бр. 3) со Индустриската улица бр. 1 (надвор од планскиот опфат локален пат с. Спанчево-с. Рајчани), која сообраќајот го пренасочува према селото, а понатаму и кон саканите дестинации во Републиката и надвот од неа.

Индустриските улици бр. 1, бр.2, бр. 3 и бр.4, се со попречен профил од 1x1.50м. тротоари, 2x3.50м. сообраќајни ленти, или со вкупен попречен профил од 10.0м´.

Растојанието на крстосниците на улиците во планскиот опфат се постојни и како такви се задржани. На истите е предвидено проширување во согласност со член 69 од Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање - (Сл. весник на РМ, бр. 63/12

Потребниот број паркинг места ќе се утврди со проектна документација во зависност од потребите за градбата и специфичните услови кои произлегуваат од нејзината намена, согласно член 59 и член 61, став 1 од Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање - (Сл. весник на РМ, бр. 63/12

Процентуалната застапеност на сообраќајниците и тротоарите во однос на површината на планскиот опфат е 3,05ха. или изразено во проценти 11,96%.

- **Комунална инфраструктура**

- **Водоснабдување**

- Извори на вода

Од анализата на постојната состојба констатирано е дека дел од предметниот локалитет се снабдува со вода од постојната водоводна мрежа и тоа со зафаќање на подземните води (бунарски систем) во м. в. "Грдовски орман" во населено место Грдовци и свои извори- од сопствен бунари.

- *Потреби од вода*

Со урбанизација на овој простор и намената на површините на зафатот опфатен со урбанистичкиот план вон населено место, се планирани намена на површини за стопански комлекс со класа на намена Г2 - лесна и незагадувачка индустрија (меѓу кои се и изградба на стовариште за складирање и финална обработка на камен-габро со пропратни содржини) и Е2 комунална супраструктура (објекти за производство на електрична енергија со фото волтаични панели , со предвидени максимални површини за градба и тоа преставува максимален капацитет на просторот во моментот со 22 градежна парцела, со претпоставка на 63 вработени.

Водоснабдувањето на новопредвидените објекти се предвидува со изградба на секундарна водоводна мрежа. Водоснабдителната норма треба да изнесува 300л/ден/жит.

Потребна количина на вода:

Nk - број на вработени;
Q - водоснабдителна норма Q = 300л/ден/жит.;
a_1 - коефициент на дневна нерамномерност a_1 = 1,4;
a_2 - коефициент на часова нерамномерност a_2 = 1,6;

q мах/час =63 x 300 x 1,4 x 1,6 / 86400 = 1,49 л/сек. или 0,5 л/сек.

Потреби од вода за противпожар
qпож. = 2 x 5,0 = 10,0л/сек.

Вкупни потреби
qмах/час + qпож. = 0,5 + 10,0 = 10,5л/сек.

- *Разводна мрежа*

Оваа потребна количина на вода до водокорисниците ќе се дистрибуира преку планираната дистрибутивна водоводна разводна мрежа.
Разводна мрежа е предвидена од полиетиленски цевки (ПЕ), Ф-100 и Ф-80мм. На разводна мрежа е предвидено да се постават противпожарни хидранти, приклучоци, воздушни вентили, испусни вентили и други објекти потреби за нормално функционирање на мрежата.

- **Канализација**

- Фекална канализација

За одводнување на фекалните отпадни води од локалитетот, предвидена е фекална канализациона мрежа.

Фекалната канализациона мрежа е предвидена од профили на полиетиленски двослојни ребрасти цевки (ПЕДР) Ф = 250мм. до Ф-300мм, и истите ќе бидат дефинирани во зависност од расположивите теренски услови, што ќе биде предмет на понатамошна фаза на изработка на техничка документација.

На канализационата мрежа се предвидени приклучни и ревизиони шахти.

- отпадните води и фекалиите од планскиот опфат ќе бидат прифатени и приклучени во предвидената колекторска мрежа, и тоа К1 и К2, кој треба да се изгради се до предвидената пречистителна станица.
- задолжително е отпадните води да имат предтретман, а потоа да бидат испуштени во колекторската мрежа.
- сето ова ќе биде предмет на проектите и елаборатите од пониско ниво за секој локалитет (плански опфат) или блок посебно, во зависност од технолошкиот процес
- централната пречистителна станица е предвидена во локалитетот "Лака", која треба да ги опслужува селата Облешево, Горни и Долни Подлог, Мојанци,Теранци, Спанчево и др..

Количината на фекални отпадни води се пресметува како 80% од употребената вода, зголемена за 25% од инфилтрација на подземните води:

$$Љ_{фек.} = \frac{0,8 * Nk * Qo * a_1 * a_2 * 1,25}{24 * 60 * 60}$$

- Со оглед на предвидените содржини во стопанскиот комплекс, односно видот на стопански капацитети кои се предвидува да се изградат на локацијата, посебно внимание треба да се посвети на третманот на отпадните води. Да се предвидат соодветни технички зафати за нивно пречистување, со предтретман на ниво на стопански капацитет односно погон, при што квалитетот на водата што се испушта треба да биде еквивалентен на квалитетот на водата во реципиентот, односно во

согласност со Уредбата за класификација на водите и Уредбата за категоризација на водите за конкретниот локалитет;
- Задолжително испитување на пречистените отпадни води пред испуштање во најблискиот реципиент, со цел да се услогласат вредностите на концетрацијата на материите присутни во пречистената отпадна вода со граничните вредности на максимално дозволените концетрации на материите присутни во реципиентот дадени во Уредбата за класификација на водите (член 4) и Уредба за категоризација на водотеците, езерата, акумулациите и подземните води (Сл.в. на Р.М. бр.18/99;

За таа цел планирана е пречистителна станица која ќе биде изведена од две комори и тоа за анаеробно пречистување и аеробно пречистување на водата. Од таму водата ќе оди во биолошки филтер на завршно пречистување и ќе се испушта во рецепиентот. Истата ќе биде поставена во локалитетот на градежната парцела 1.25.

- Атмосферска канализација

- За прифаќање и одведување на атмосферските води предвидено е да се изведе атмосферски канализационен систем и тоа конбиниран со отворени водотеци кои служат како главни рецепиенти за прием на атмосверските води, и систем на затворена атмосверска канализација, и тоа на целиот плански опфат на Облешево.

Димензионирањето на атмосферската канализациона мрежа ќе се изврши на дожд со појава на секоја втора година и интензитетот со траење од 20 мин. како и коефициентот на отекување од c=0,5.

Водно количество кое се очекува од локалитетот е:
Q= 25,50x 0,5 x 0,100 = 1,275 м^3/сек

- За минимални димензии на каналската мрежа се предвидува ф250мм., а останатите дијаметри од канализационата мрежа ќе се одредат во зависност од расположивите теренски услови и припадните сливни површини.
- Како главен рецепиент за евакуација на атмосферските води ќе биде одводниот канал Бања-Злетовска река.

О б в р з у в а ч к и:

Реализацијата на изработката на Урбанистички план вон населено место за стопански комплекс со намена Г2 - лесна и незагадувачка индустрија (меѓу кои се и изградба на стовариште за складирање и финална обработка на камен-габро со пропратни содржини) и Е2 комунална супраструктура (објекти за производство на електрична енергија со фото волтаични панели) во м.в. "Св. Атанас", КО Спанчево, општина Чешиново-Облешево, треба да се одвива преку изработка на Идејни решенија и Основни проекти за чија изработка ќе бидат дадени основни смерници и податоци (хидротехнички услови) од организацијата која стопанисува со објектите (водоводна и канализациона мрежа), како и изработка на Идејни решенија и Основни проекти за сообраќајниците.
Техничкото решение за комуналната инфраструктура на предметниот локалитет, е преставена во графичкиот прилог "ИНФРАСТРУКТУРЕН ПЛАН- КОМУНАЛНА во М=1:1000.

- **Електро-енергетска и телефонска инфраструктура**

- Електрична инсталација:

Билансот на потребната снага во објектите во планскиот опфат, се врши спрема електро енергетски параметри за ангажирана површина за градба на градежните парцели со класа на намена Г2 - лесна и незагадувачка индустрија и тоа од 2,42ха.

За оваа ангажирана површина билансот на потребната снага ќе биде:

Red1=2,42h 10.000 h 0,010 kw/kw^2 = 252kw

За напојување со електрична енергија за 11 (единаесет) градежни парцели со класа на намена Г2 - лесна и незагадувачка индустрија, планирани се 2 (две) трафостаници со дистрибутивна 10/0,4 kV со моќност на трансформатор од 630kVA. За градежната парцела 1.13, со класа на намена Г2 - лесна и незагадувачка индустрија, **(изградба на стовариште за складирање и финална обработка на камен-габро со пропратни содржини),** планирана е посебна трафостаница со дистрибутивна 10/0,4 kV со моќност на трансформатор од 630kVA.

Во планскиот опфат планирани се 3 (три) трафостаници од кои 2 (две) со моќност од 10/0,4 -630кВа. и една трафостаница со моќност од 10/0,4 -1000кВа. кои ќе се прилкучат на постојниот далновод и 9 (девет) трафостаници на кои моќноста ќе и биде одредена во зависност од производството на електрична енегија од обновливи извори на енергија. т.е. фотоволтаични панели поставени на соодветни ротитачки конструкциии со соодветен број, еднаков на можностите на секоја градежна парцела. Инвертерските системи на секоја платформа меѓусебно се поврзани со кабел кој што се води под земја со соодветен број на осигурувачи, разделници и заеднички трансформатор одобрен, прифатен и инсталиран на локалитетот според техничките барања и нормативи на ЕВН Македонија. Од трансформаторскиот дел, одобрен од ЕВН Македонија, произведената електрична енергија ќе се дистрибуира во електро-преносниот систем, преку трафостаницата со моќност од 10/0,4 -1000кВа, односно преку постојниот далновод.

- Улично осветлување

Во локалитетот сообраќајниците во поглед на светлотехнички карактеристики, се класифицираат во следните класи на сообраќајници и следните светлотехнички параметри:

Класа "B-1" – Градски сообраќакници:
- сјајност на коловозот ---------- Lm = 1,5 – 2 cd/m^2
- просечна рамномерност на осветлувањето ---------- J_{LM} = 40 %
- висина на поставување на светилките ---------- H = 10 m
- светлосен извор ---------- NAVT. 400 (250) W
- меѓусебно растојание ---------- 25 – 35 m
- начин на поставување ---------- двореден

Класа "C" (B-2) – Локални сообраќајници во станбени населби:

- сјајност на коловозот ---------- Lm = 1 – 1,5 cd/m²
- просечна рамномерност ---------- ---------- J_{LM} = 40 % - висина
- висина на монтажа ---------- H = 8 - 10 m
- начин на поставување ---------- едноредeн
- меѓусебно растојание ---------- 25 – 35 m

Бидејќи улиците во планскиот опфат не се опфатени со јавно осветлување, предвидени се натриумови високопритисочни светилки со моќност 250-400 W кои ќе се постават на бетонски столбови високи 8-10м и на меѓусебно растојание, од 25-40 м.

Геометријата на елементите потребни за изведба на инсталацијата за јавно осветлување (висина на столбови, растојание помеѓу нив) зависна е од интензитетот на сообраќајот што се одвива по соодветната сообраќајница. За таа цел потребно е да се направи светлотехничка пресметка за сите сообраќајници.

Инсталацијата за јавно осветлување треба да биде проектирана за целоноќен и полуноќен режим на работа.

- *Телефонска инсталација:*

За дефинирање на потребниот број на телефонски приклучоци, од прво степено значење е намената на објектите. Димензионирањето на телефонската мрежа треба да се изведе према принципот градежна парцела два телефони.
Самото приклучување во постојната телефонската мрежа на планираните телефонски корисници ќе се изврши до најблиската реонска телефонска централа. Приклучувањето да се изврши во согласност со АД Македонски Телекомуникации-Подружница Кочани.

7. ЕКОНОМСКО ОБРАЗЛОЖЕНИЕ ЗА НАЧИНОТ, ОБЕМОТ И ДИНАМИКАТА НА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ПЛАНСКИТЕ РЕШЕНИЈА.

Заради зголемениот интерес на правни и физички лица за изградба на свои капацитети од класата на намени Г2 - лесна и незагадувачка индустрија и Е2 комунална супраструктура во м.в. "Св. Атанас", КО Спанчево, локалната самоуправа при општина Чешиново-Облешево донесе Програма (Одлука) за изработка на Урбанистички план вон населено место за стопански комлекс со намена Г2 - лесна и незагадувачка индустрија (меѓу кои се и изградба на стовариште за складирање и финална обработка на камен-габро со пропратни содржини) и Е2 комунална супраструктура (објекти за производство на електрична енергија со фото волтаични панели) во м.в. "Св. Атанас", КО Спанчево, општина Чешиново-Облешево.

Заинтересираност постои и од наши повратници од странство, кои се заинтересирани за финансиски вложувања во своите градежни парцели. За динамика на идното финансиско вложување зависи од динамиката на спроведување на планот и негова реализација.

8. ОПШТИ УСЛОВИ ЗА ИЗГРАДБА, РАЗВОЈ И КОРИСТЕЊЕ НА ЗЕМЈИШТЕТО И ГРАДБИТЕ

Условите за иградба, развој и користење на земјиштето и градбите во планот се составен дел, со соодветните графички прилози на урбанистичката документација на Урбанистички план вон населено место за стопански комлекс со намена Г2 - лесна и незагадувачка индустрија (меѓу кои се и изградба на стовариште за складирање и финална обработка на камен-габро со пропратни содржини) и Е2 комунална супраструктура (објекти за производство на електрична енергија со фото волтаични панели) во м.в. "Св. Атанас", КО Спанчево, општина Чешиново-Облешево, со површина на плански опфат од 25,50ха., и имаат правно дејство врз изградба на нови објекти, изградба на комуналните објекти и инсталации. Градителската активност која ќе следи по стапување во сила на Планот треба да се изведува согласно законската и подзаконската регулатива, техничките прописи во областа на градежништвото и урбанизмот како и параметрите што се составен дел на документацијата.

8.1. Со овие услови:

- се определуваат условите и мерките за спроведување на замислите и ставовите на Урбанистички план вон населено место за стопански комлекс со намена Г2 - лесна и незагадувачка индустрија (меѓу кои се и изградба на стовариште за складирање и финална обработка на камен-габро со пропратни содржини) и Е2 комунална супраструктура (објекти за производство на електрична енергија со фото волтаични панели) во м.в. "Св. Атанас", КО Спанчево, општина Чешиново-Облешево, за плански период од 2012 до 2022 год. (десет год.);

- се објаснуваат некои ставови за чие правилно спроведување од текстуалниот и графичкиот дел на планот не можат да се добијат секогаш јасни и прецизни одговори;

- се укажува на надлежните органи за понатамошно донесување на акти низ кои ќе бидат поблиску и подетално согледувани и регулирани поедини конкретни захвати во рамките на опфатот на урбанистичкото подрачје на планот;

- се утврдуваат глобални смерници за изработка на плановите од понизок ред;

8.2. Овие услови се применуваат во сите фази на разработка и реализација на Урбанистички план вон населено место за стопански комлекс со намена Г2 - лесна и незагадувачка индустрија (меѓу кои се и изградба на стовариште за складирање и финална обработка на камен-габро со пропратни содржини) и Е2 комунална супраструктура (објекти за производство на електрична енергија со фото волтаични панели) во м.в. "Св. Атанас", КО Спанчево, општина Чешиново-Облешево, и преставуваат негов составен дел.

- Условите ќе се применуваат во границите на планскиот опфат на Урбанистички план вон населено место за стопански комплекс со намена Г2 - лесна и незагадувачка индустрија (меѓу кои се и изградба на стовариште за складирање и финална обработка на камен-габро со пропратни содржини) и Е2 комунална супраструктура (објекти за производство на електрична енергија со фото волтаични панели) во м.в. "Св. Атанас", КО Спанчево, општина Чешиново-Облешево, со плански опфат од 25,50ха..

Составен дел на овие услови се графичките прилози во Р=1:1000, и текстуалниот дел;

8.3. Во границите на планскиот опфат за временскиот период (од десет год.), за кој планот се однесува одредено е земјиште за парцели за изградба на објекти со класа на намена Е - ИНФРАСТРУКТУРА од кои 9 (девет) градежни парцели со Е2 - комунална супраструктура (производство на електрична енергија со фото волтаични панели), 3 (три) градежни парцели со Е2 - комунална супраструктура трафостаници до 20кВ, 1 (една) градежна парцела со Е3 - некомпатибилна инфраструктура-пречисттекна станица и
Г - ПРОИЗВОДСТВО, ДИСТРИБУЦИЈА И СЕРВИСИ
12 (дванаесет) градежни парцели со Г2-лесна и незагадувачка индустрија
и класа на намени "Д2",- заштитно зеленило (заштитен појас на општински (локален) пат и заштитен појас на далновод);

8.4. Максималната висина за градба е планска одредба со која се утврдува дозволената висина за градба. За определување на максималната висина на објектите до завршниот венец на градбата, во планскиот опфат на планот, меродавна ќе биде котата на тротоарот на улиците односно котата на тротоарот од каде е пристапот на објектот. Горен или завршен венец на градбата е хоризонтална линија до која завршува вертикалниот фасаден зид од градбата поставен на градежната линија;

8.5. Висината на кровот во целост остапува од максималната или дозволената висина на изградба определена со висината на венецот. Таа се дефинира како висина на слеме (највисока точка на кровот) и се изразува во должни метри над максималната или дозволената висина на изградба, (мак. до 4.5м., согласно член 48, став 4 Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање (Сл. весник на РМ, бр. 63/12).

Од висината на венецот отстапуваат само линијските вертикални технолошки инсталации (оџаци за вентилација, и др.). Максималниот нагиб на кровот може да биде до 35^0 , кој се пресметува од завршниот венец на градбата, согласно член 47, став 2 од Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање - (Сл. весник на РМ, бр. 63/12).

Мансардниот покрив има максимален агол на косина од 60^0 , кој мора да почнува од завршниот венец поставен на вертикална рамнина чијшто пресек со теренот е градежна линија, согласно член 49, став 3 од Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање - (Сл. весник на РМ бр. 63/12.

Рамните покриви имаат агол на косина од 5% и во дозволената силуета е можно скалесто повлекување од страна на лицето на парцелата и оформување

подпокрив, кој кон дното на парцелата е со вертикален зид во рамнина со фасадата. Аголот на скалестото повлекување е најмогу 60^0, согласно член 49 став 4 од Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање - (Сл. весник на РМ, бр. 63/12).

8.6. Потребата од паркинг простор ќе се задоволува во рамките на сопствената парцела и тоа е основниот услов за достигнување на максималната планирана површина за изградба на максимална висина.

Потребниот број на паркинг места ќе се определи согласно член 61 од Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање, (Сл. весник на РМ, бр. 63/12), а димензионирањето на паркинзите да биде во согласност со член 59 од Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање, (Сл. весник на РМ, бр. 63/12),;

8.7. Потребно е да се применат мерки за спречување на бариери во просторот и објектите. Бариерите се пречки кои оневозможуваат непречено движење на инвалидизирани лица. Затоа посебно внимание да се даде во зоните каде се движат пешаците односно тротоарите. Сите денивелации за влезови на јавни површини да се решаваат со рампи за совладување на висински разлики со наклон не помал од оптималниот кој изнесува 8,33% или (1:12)., а слободните страни да се заштитени со огради во висина од 0,90 м.

8.8. Основните решенија за инфраструктура се дадени на графичките прилози во 1:1000 со прикажана проекција. Бидејќи се работи за основни решенија сите елементи дадени во инфраструктурниот план се менливи, доколку проектите од пониско ниво (идејни и основни) покажуваат поопрадани, поекономични или услови од аспект на пократко време на реализација на решенија. Поради тоа при издавање на извод од планот за одредени инфраструктурни објекти треба да се земе во предвид постојната инфраструктурна мрежа, ниво на реализираност на УПВНМ како и задачите кои произлегуваат од делот на УПВНМ кој не е реализиран, а кој што треба да се земат во предвид како задача при проектирање на нови инфарструктурни објекти.

8.9. Основниот сообраќаен систем го сочинуваат; индустриските улица бр. 1, бр. 2, бр.3 и бр,4.

Истите со свои карактеристики и профили дадени се во графичкиот прилог "Сообраќаен и нивелациски план" лист бр. 3.

8.10. Од аспект на сеизмичко дејство со интензитет од IX степени МСЗ задолжително примена на принципите на асеизмичко градење на објекти.

8.11. Комунална инфраструктура

- Со оглед на предвидените содржини во стопанскиот комплекс, односно видот на стопански капацитети кои се предвидува да се изградат на локацијата, посебно внимание треба да се посвети на третманот на отпадните води. Да се предвидат соодветни технички зафати за нивно пречистување, со предтретман на ниво на стопански капацитет односно погон, при што квалитетот на водата што се испушта треба да биде

еквивалентен на квалитетот на водата во реципиентот, односно во согласност со Уредбата за класификација на водите и Уредбата за категоризација на водите за конкретниот локалитет;
- Задолжително испитување на пречистените отпадни води пред испуштање во најблискиот реципиент, со цел да се услогласат вредностите на концетрацијата на материите присутни во пречистената отпадна вода со граничните вредности на максимално дозволените концетрации на материите присутни во реципиентот дадени во Уредбата за класификација на водите (член 4) и Уредба за категоризација на водотеците, езерата, акумулациите и подземните води (Сл.в. на Р.М. бр.18/99;

Најмалата длабочина за поставување на водоводни цевки е 1,5м. и на еден метар оддалеченост од електричните односно од телефонските кабли и не помало растојание од 2 (два) метри од темелот на објектот.

- При поставувањето на било која инсталација под тротоарот, сите ревизиони окна мора де се вклопат во ширината и рамнината на истиот.

Покрај наведените инсталации во профилот на тротоарот со ширина над 1,20м., можно е поставување на дрворед или улично осветлување.

- Зеленилото во склоп на градежната парцела треба да биде уредено во склад со градежниот простор. Дворот према улицата треба да е холтикултурно решен со високо и ниско зеленило, додека задниот двор према потребите на сопственикот.

Се препорачува на сопствениците на градежните парцели во нивните дворни места помеѓу регулационите и градежните линии да засадуваат дрвореди од родни или украсни дрвја, што влијае на подобрување на микроклимата и општата слика на населбата.

8.12. Комунална хигиена

Сметот ќе се одлага во контејнери лоцирани на погодни места во рамките на планскиот опфат, во сопствените парцели или во локација за заеднчки контејнери.

Локациите на заедничките контејнери и нивниот број ги определува со посебна одлука органот на управа на Општината. Истите мораат да овозможат прилагодување на применетиот систем на градската комунална организација со поставување на подвижни контејнери на погоден простор покрај споредните и пристапните сообраќајници на посебно уредени платформи или во сопствените урбанистички парцели, окружени со ниско зеленило.

8.13. Мерки за заштита на недвижното културно наследство.

При изработка на планската документација од пониско ниво, потребно е да се утврди точната позиција на утврдениот локалитет со културно наследство. Доколку при изведувањето на земјаните работи се наиде на археолошки артефакти, односно дојде до отривање на материјални остатоци со културно-историска вредност, потребно е да се постапи во согласност со член 65 од Законот за заштита на културно наследство (Сл. весник на РМ бр. 20/04, бр. 115//07), односно веднаш де се прекине со отпочнатите градежни активности и да се извести надлежната институција за заштита на културното наследство во смисла на член 129 од Законот.

8.14. Урбана опрема

Рекламите и огласите не смеат да му пречат на нормалното одвивање на сообраќајот, да му штетат или да го менуваат изгледот на архитектонските објекти и групации ниту да пречат на објектите поставени во јавен интерес како јавно осветлување, градски часовници, табли со имиња на улици и сл.

Слободниот простор во рамките на парцелите наменети за јавни функции треба да се решава преку проекти за партерно уредување со обработка на пешачки патеки, осветлување и поставување на нужна урбана опрема и сл. - со соодветно применети мерки за заштита на елементите на животната средина.

9. ПОСЕБНИ УСЛОВИ ЗА ИЗГРАДБА, РАЗВОЈ И КОРИСТЕЊЕ НА ГРАДЕЖНОТО ЗЕМЈИШТЕ И ГРАДБИТЕ

9.1. Градежна парцела

Градежната парцела се дефинира со планот и го определува просторот што му припаѓа на постојниот или планираниот објект.

9.2. Намена на земјиште

	Е1 - КОМУНАЛНА ИНФРАСТРУКТУРА	ОТВОРЕН КАНАЛ ЗА НАВОДНУВАЊЕ	5541 m²	0,70%
ВКУПНО ЦЕЛ ПЛАНСКИ ОПФАТ			797210 m²	100,00%

УПС ТРКАЊЕ, ОПШТИНА КОЧАНИ

	А - ДОМУВАЊЕ		589095 m²	73,89%
	В - ЈАВНИ ИНСТИТУЦИИ		12076 m²	1,51%
	Г - ПРОИЗВОДСТВО, ДИСТРИБУЦИЈА И СЕРВИСИ		17892 m²	2,24%
	Д - ЗЕЛЕНИЛО И РЕКРЕАЦИЈА		56097 m²	7,04%
	Е - ИНФРАСТРУКТУРА		122050 m²	15,31%
ВКУПНО ЦЕЛ ПЛАНСКИ ОПФАТ			797210 m²	100,00%

ОСНОВНА КЛАСА НА НАМЕНА	ПОВРШИНА НА НАМЕНСКА ПОТРЕБА НА ЗЕМЈИШТЕ	КОМПАТИБИЛНИ КЛАСИ НА НАМЕНИ	МАКСИМАЛЕН ДОЗВОЛЕН % НА УЧЕСТВО НА КОМПАТИБИЛНИ КЛАСИ НА НАМЕНА ВО ОДНОС НА ОСНОВНАТА	МАКСИМАЛНА ВИСИНА НА ГРАДБА	БРОЈ НА СПРАТОВИ
А1 - ДОМУВАЊЕ ВО СТАНБЕНИ КУЌИ	589095 m²	Б1, Б5, В1, В2, Д3,	30%	10,20	П+2+Пк
В1- ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА	4285 m²	Д3	20%	10,20	П+2
В2- ЗДРВСТВО И СОЦИЈАЛНА ЗАШТИТА	3857 m²	Б5, Б1, Д3, Б4	20%	10,20	П+2
В4 - ДРЖАВНИ ИНСТИТУЦИИ	473 m²	Б1, Б2, Б3. Б4. В3	49%	10,20	П+2
В5- ВЕРСКИ ИНСТИТУЦИИ	3460 m²	Б1, Б5, Д1, Д3, Д4	49%	12,00	П+2
Г2 - ЛЕСНА ИНДУСТРИЈА	17892 m²	Б1, Б2, Б4, В2, Д2, Д3, Д4, Г3, Г4	49%	12,00	П+1
Д1 - ПАРКОВСКО ЗЕЛЕНИЛО	13684 m²	Б1, Д3	10%	3,5	П
Д2 - ЗАШТИТНО ЗЕЛЕНИЛО	10856 m²	-	-	-	-
Д3 - СПОРТ И РЕКРЕАЦИЈА	24743 m²	А4, Б1, Б2, Б3, Б4, Б5, Б6, В3, Д1	40%	со проект	П
Д4 - МЕМОРИЈАЛНИ ПРОСТОРИ	6815 m²	В5	40%	12,00	П+2
Е2 - КОМУНАЛНА СУПРАСТРУКТУРА	121 m²	ТРАФОСТАНИЦИ	-	-	-
Е1 - КОМУНАЛНА ИНФРАСТРУКТУРА	121929 m²	РЕЧНО КОРИТО / КАНАЛ, СООБРАЌАЈНИ КОРИДОРИ, РАЗДЕЛНО ЗЕЛЕНИЛО, ОТВОРЕН КАНАЛ ЗА НАВОДНУВАЊЕ И ЗАШТИТЕН ПОЈАС НА ЕКСПРЕСЕН ПАТ ШТИП - КОЧАНИ	-	-	-
	797210 m²				

ОПШТИНА КОЧАНИ

Број. **22-30/75** од **21.03.2023** год.

Одделение за урбанизам и заштитана животната средина и комунални работи

ИЗВОД ОД ПЛАН: Тех.бр. **19/2017**	
УПС за с. Тркање	
ОДЛУКА БРОЈ: **09-1099/1** од **20.05.2020**г.	
НАМЕНА НА ГРАДБА: сообраќајна инфраструктура	
Ул. ,, _/_ ,,	Бр. _/_
КО: Тркање	КП. _/_
ДЛ:	М= 1:1000

Графички приказ за: Блок **-/-** за **КП** бр. **-/- КО Тркање**
Графички приказ: Намена на земјиште и градби

Б29
Б26
Б27
Б25
Б22
Б21
Б20
Б19
Б18
Б17
Б16
Б15
Б13
Б14
Б11
Б10
Б9
Б8
Б7
Б6
Б5
Б4
Б3
Б2
Б1
S E L I [T E
S T A R I L O Z J A
[E V B R E S T
s. TRKANJE
s. TRKAWE
КОН С.БАЊА
КОН С.ОБЛЕШЕВО
КОН КОЧАНИ
Dolekovod 110kv
Постоен пат
кон село Тркања
" Штип - Кочани - втор дел"

УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА СЕЛО
ТРКАЊЕ
КО ТРКАЊЕ
ОПШТИНА КОЧАНИ
ПЛАНСКА ДОКУМЕНТАЦИЈА
КОНЕЧЕН ПРЕДЛОГ ПЛАН
ПЛАНСКИ ПЕРИОД 2017-2027



M - 1 : 2500

0 10 30 50m

ИНСТИТУТ ЗА УРБАНИЗАМ, СООБРАЌАЈ И ЕКОЛОГИЈА

НАРАЧАТЕЛ: **ОПШТИНА КОЧАНИ**

ИНВЕСТИТОР: **ЦЕНТАР ЗА РАЗВОЈ НА ИСТОЧЕН ПЛАНСКИ РЕГИОН**

УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА СЕЛО
ТРКАЊЕ, КО ТРКАЊЕ, ОПШТИНА КОЧАНИ

ПЛАНСКА ДОКУМЕНТАЦИЈА
ПЛАН НА НАМЕНА НА ЗЕМЈИШТЕТО И ГРАДБИТЕ

ПЛАНЕР ПОТПИСНИК
БЛАГОЈА ТАГАСОВСКИ
дипл. инж. арх.,
ОВЛАСТУВАЊЕ БР. 0.0063

ПЛАНЕРИ
БОЈАН МУЛИЧКОВСКИ, дипл. инж. арх., ОВЛ. БР. 0.0070
ИЛИНА ЛАЛКОВА, дипл. инж. арх., ОВЛ. БР. 0.0403

СОРАБОТНИЦИ
ДУШКО КУЗМАНОВ, м-р. инж. арх.
МОНИКА КРСТЕВСКА, м-р. инж. арх.
ЛИМБА МИНОВА, м-р. инж. арх.

УПРАВИТЕЛ:
БОРИСЛАВ ЈОСИФОВ д.и.а.

РАЗМЕР:
P = 1 : 2500

Технички број: 19/2017
Проекти2017/УПС Тркање

ДАТА:
СКОПЈЕ, 03.2020

ЛИСТ БРОЈ:
1

ОПШТИНА КОЧАНИ

Број. **22-30/75** од **21.03.2023** год.

Одделение за урбанизам и заштитана животната средина и комунални работи

ИЗВОД ОД ПЛАН: Тех.бр. **19/2017**	
УПС за с. Тркање	
ОДЛУКА БРОЈ: **09-1099/1** од **20.05.2020**г.	
НАМЕНА НА ГРАДБА: сообраќајна инфраструктура	
Ул. ,, _/_ ,,	Бр. _/_
КО: Тркање	КП. _/_
ДЛ:	М= 1:1000

Графички приказ за: Блок **-/-** за **КП** бр. **-/- КО Тркање**
Графички приказ: Регулационен план

Б1
Б2
Б3
Б4
Б5
Б6
Б7
Б8
Б9
Б10
Б11
Б12
Б13
Б14
Б15
Б16
Б17
Б18
Б19
Б20
Б21
Б22
Б25
Б26
Б27
Б29

КОН С.БАЊА

КОН С.ОБЛЕШЕВО

КОН КОЧАНИ

КОН КОЧАНИ

Постоен пат
кон село Тркања

" Штип - Кочани - втор дел"

Dalekovod 110kV

Dalekovod 110kV

s. TRKAWE

c. TRKAWE

Ulica Goce Delčev

Ulica Nikola Karev

Ulica Nikola Karev

Ulica Nikola Kar

УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА СЕЛО
ТРКАЊЕ
КО ТРКАЊЕ
ОПШТИНА КОЧАНИ
ПЛАНСКА ДОКУМЕНТАЦИЈА
КОНЕЧЕН ПРЕДЛОГ ПЛАН
ПЛАНСКИ ПЕРИОД 2017-2027



M - 1 : 2500

0 10 30 50m

ИНСТИТУТ ЗА УРБАНИЗАМ, СООБРАЌАЈ И ЕКОЛОГИЈА

НАРАЧАТЕЛ: **ОПШТИНА КОЧАНИ**

ИНВЕСТИТОР: **ЦЕНТАР ЗА РАЗВОЈ НА ИСТОЧЕН ПЛАНСКИ РЕГИОН**

УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА СЕЛО
ТРКАЊЕ, КО ТРКАЊЕ, ОПШТИНА КОЧАНИ

ПЛАНСКА ДОКУМЕНТАЦИЈА
РЕГУЛАЦИОНЕН ПЛАН

ПЛАНЕР ПОТПИСНИК
БЛАГОЈА ТАГАСОВСКИ
дипл. инж. арх.,
ОВЛАСТУВАЊЕ БР. 0.0063

ПЛАНЕРИ
БОЈАН МУЛИЧКОВСКИ, дипл. инж. арх., ОВЛ. БР. 0.0070
ИЛИНА ЛАЛКОВА, дипл. инж. арх., ОВЛ. БР. 0.0403

СОРАБОТНИЦИ
ДУШКО КУЗМАНОВ, м-р. инж. арх.
МОНИКА КРСТЕВСКА, м-р. инж. арх.
ЛИМБА МИНОВА, м-р. инж. арх.

УПРАВИТЕЛ:
БОРИСЛАВ ЈОСИФОВ д.и.а.

РАЗМЕР:
P = 1 : 2500

Технички број: 19/2017
Проекти2017/УПС Тркање

ДАТА:
СКОПЈЕ, 03.2020

ЛИСТ БРОЈ:
2

ОПШТИНА КОЧАНИ

Број. **22-30/75** од **21.03.2023** год.

Одделение за урбанизам и заштитана животната средина и комунални работи

ИЗВОД ОД ПЛАН: Тех.бр. **19/2017**	
УПС за с. Тркање	
ОДЛУКА БРОЈ: **09-1099/1** од **20.05.2020**г.	
НАМЕНА НА ГРАДБА: сообраќајна инфраструктура	
Ул. ,, _/_ ,,	Бр. _/_
КО: Тркање	КП. _/_
ДЛ:	М= 1:1000

Графички приказ за: Блок **-/-** за **КП** бр. **-/- КО Тркање**
Графички приказ: Сообраќаен и нивелациски план

Б1
Б2
Б3
Б4
Б5
Б6
Б7
Б8
Б9
Б10
Б11
Б12
Б13
Б14
Б15
Б16
Б17
Б18
Б19
Б20
Б21
Б22
Б25
Б26
Б27
Б29

КОН С.БАЊА

КОН С.ОБЛЕШЕВО

КОН КОЧАНИ

КОН КОЧАНИ

Постоен пат
кон село Тркања

пресен пат
" Штип - К[illegible]ани - втор дел"

Dalekovod 110kV

Dalekovod 110kV

Rkv= 10000 m

2.0000 %

1196.32

Crkva Sv. Nikola
c. Trkawe

c. TRKAWE

S. TRKAWE

S. TRKANJE

S E L I [T E

S T A R I L O Z J A

S T A R I L O

Tkajska reka

Tkajska reka

Tkajska reka

УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА СЕЛО
ТРКАЊЕ
КО ТРКАЊЕ
ОПШТИНА КОЧАНИ
ПЛАНСКА ДОКУМЕНТАЦИЈА
КОНЕЧЕН ПРЕДЛОГ ПЛАН
ПЛАНСКИ ПЕРИОД 2017-2027



M - 1 : 2500

0 10 30 50m

ИНСТИТУТ ЗА УРБАНИЗАМ, СООБРАЌАЈ И ЕКОЛОГИЈА

НАРАЧАТЕЛ: **ОПШТИНА КОЧАНИ**

ИНВЕСТИТОР: **ЦЕНТАР ЗА РАЗВОЈ НА ИСТОЧЕН ПЛАНСКИ РЕГИОН**

УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА СЕЛО
ТРКАЊЕ, КО ТРКАЊЕ, ОПШТИНА КОЧАНИ

ПЛАНСКА ДОКУМЕНТАЦИЈА
СООБРАЌАЕН И НИВЕЛАЦИСКИ ПЛАН

ПЛАНЕР ПОТПИСНИК
БЛАГОЈА ТАГАСОВСКИ
дипл. инж. арх.,
ОВЛАСТУВАЊЕ БР. 0.0063

ПЛАНЕРИ
БОЈАН МУЛИЧКОВСКИ, дипл. инж. арх., ОВЛ. БР. 0.0070
ИЛИНА ЛАЛКОВА, дипл. инж. арх., ОВЛ. БР. 0.0403

СОРАБОТНИЦИ
ДУШКО КУЗМАНОВ, м-р. инж. арх.
МОНИКА КРСТЕВСКА, м-р. инж. арх.
ЛИМБА МИНОВА, м-р. инж. арх.

УПРАВИТЕЛ:
БОРИСЛАВ ЈОСИФОВ д.и.а.

РАЗМЕР:
Р = 1 : 2500

Технички број: 19/2017
Проекти2017/УПС Тркање

ДАТА:
СКОПЈЕ, 03.2020

ЛИСТ БРОЈ:
3

ОПШТИНА КОЧАНИ

Број. **22-30/75** од **21.03.2023** год.

Одделение за урбанизам и заштитана животната средина и комунални работи

ИЗВОД ОД ПЛАН: Тех.бр. **19/2017**	
УПС за с. Тркање	
ОДЛУКА БРОЈ: **09-1099/1** од **20.05.2020**г.	
НАМЕНА НА ГРАДБА: сообраќајна инфраструктура	
Ул. ,, _/_ ,,	Бр. _/_
КО: Тркање	КП. _/_
ДЛ:	М= 1:1000

Графички приказ за: Блок **-/-** за **КП** бр. **-/- КО Тркање**
Графички приказ: Инфраструктурен план

УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА СЕЛО
ТРКАЊЕ
КО ТРКАЊЕ
ОПШТИНА КОЧАНИ
ПЛАНСКА ДОКУМЕНТАЦИЈА
КОНЕЧЕН ПРЕДЛОГ ПЛАН
ПЛАНСКИ ПЕРИОД 2017-2027



M - 1 : 2500

0 10 30 50m

ИНСТИТУТ ЗА УРБАНИЗАМ, СООБРАЌАЈ И ЕКОЛОГИЈА

НАРАЧАТЕЛ: **ОПШТИНА КОЧАНИ**

ИНВЕСТИТОР: **ЦЕНТАР ЗА РАЗВОЈ НА ИСТОЧЕН ПЛАНСКИ РЕГИОН**

УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА СЕЛО
ТРКАЊЕ, КО ТРКАЊЕ, ОПШТИНА КОЧАНИ

ПЛАНСКА ДОКУМЕНТАЦИЈА
ИНФРАСТРУКТУРЕН ПЛАН

ПЛАНЕР ПОТПИСНИК
БЛАГОЈА ТАГАСОВСКИ
дипл. инж. арх.,
ОВЛАСТУВАЊЕ БР. 0.0063

ПЛАНЕРИ
БОЈАН МУЛИЧКОВСКИ, дипл. инж. арх., ОВЛ. БР. 0.0070
ИЛИНА ЛАЛКОВА, дипл. инж. арх., ОВЛ. БР. 0.0403

СОРАБОТНИЦИ
ДУШКО КУЗМАНОВ, м-р. инж. арх.
МОНИКА КРСТЕВСКА, м-р. инж. арх.
ЛИМБА МИНОВА, м-р. инж. арх.

УПРАВИТЕЛ:
БОРИСЛАВ ЈОСИФОВ д.и.а.

РАЗМЕР:
P = 1 : 2500

Технички број: 19/2017
Проекти2017/УПС Тркање

ДАТА:
СКОПЈЕ, 03.2020

ЛИСТ БРОЈ:
4

Б25
Б27
Б29
Б26
Б22
Б21
Б20
Б19
Б18
Б17
Б15
Б16
Б13
Б14
Б9
Б10
Б8
Б7
Б6
Б5
Б4
Б3
Б2
Б1
10kV ДАЛЕКУВОД (ЕВН)
10kV ДАЛЕКУВОД (ЕВН)
10kV ДАЛЕКУВОД (ЕВН)
10kV ДАЛЕКУВОД (ЕВН)
ДАЛЕКУВОД (АД МЕПСО)
Dalekovod 110kV
Dalekovod 110kV
КОН С.БАЊА
КОН С.ОБЛЕШЕВО
КОН С.ОБЛЕШЕВО
КОН КОЧАНИ
КОН КОЧАНИ
Постоен пат
кон село Тркања
Постоен пат
" Штип - Кочани - втор дел"
ПРИСТАПНА УЛИЦА „МИТЕ ЈОРДАНОВ"
ПРИСТАПНА УЛИЦА „АНГЕЛ СТОЛЧЕВ"
СТАНБЕНА УЛИЦА „ГОДОР ДИМИТРОВ"
СТАНБЕНА УЛИЦА „ТОДОР ДИМИТРОВ"
СТАНБЕНА УЛИЦА „БОРИС ЕФТИМОВ"
СТАНБЕНА УЛИЦА „НОВОПЛАНИРАНА 25"
СТАНБЕНА УЛИЦА „НОВОПЛАНИРАНА 24"
СТАНБЕНА УЛИЦА „ЕДВАРД КАРДЕЉ"
СТАНБЕНА УЛИЦА „ОСОГОВСКА"
СТАНБЕНА УЛИЦА „ЈОШЕ ЈЕРЕМИЈА"
СТАНБЕНА УЛИЦА „АЛЕКСАНДАР МИТЕВ"
СТАНБЕНА УЛИЦА „КРАК ДИМИТАР МИТЕВ"
СТАНБЕНА УЛИЦА „НИКОЛА МИТЕВ"
ПРИСТАПНА УЛИЦА „АЛЕКСАНДАР МИТЕВ"
ПРИСТАПНА УЛИЦА „ЈОВАН СТОЛЧЕВ"
ПРИСТАПНА УЛИЦА „МАРШАЛ ТИТО"
ПРИСТАПНА УЛИЦА „НИКОЛА ЗАФИРОВ"
ПР.УЛ.„НОВОПЛАНИРАНА 22"
ПР.УЛ.„НОВОПЛАНИРАНА 21"
ПР.УЛ.„НОВОПЛАНИРАНА 18"
ПР.УЛ.„НОВОПЛАНИРАНА 19"
ПР.УЛ.„НОВОПЛАНИРАНА 20"
ПР.УЛ.„НОВОПЛАНИРАНА 14"
ПР.УЛ.„НОВОПЛАНИРАНА 15"
ПР.УЛ.„НОВОПЛАНИРАНА 16"
ПР.УЛ.„НОВОПЛАНИРАНА 17"
ПР.УЛ.„НОВОПЛАНИРАНА 4"
ПР.УЛ.„НОВОПЛАНИРАНА 5"
ПР.УЛ.„НОВОПЛАНИРАНА 6"
ПР.УЛ.„НОВОПЛАНИРАНА 26"
ПР.УЛ.„НОВОПЛАНИРАНА 27"
ПР.УЛ.„НОВОПЛАНИРАНА 28"
ПР.УЛ.„НОВОПЛАНИРАНА 29"
ПР.УЛ.„НОВОПЛАНИРАНА 30"
ПР.УЛ.„НОВОПЛАНИРАНА 31"
ПР.УЛ.„НОВОПЛАНИРАНА 32"
ПР.УЛ.„НОВОПЛАНИРАНА 33"
ПР.УЛ.„НОВОПЛАНИРАНА 34"
ПР.УЛ.„НОВОПЛАНИРАНА 35"
ПР.УЛ.„НОВОПЛАНИРАНА 36"
ПР.УЛ.„НОВОПЛАНИРАНА 37"
ПР.УЛ.„НОВОПЛАНИРАНА 38"
ПР.УЛ.„НОВОПЛАНИРАНА 39"
ПР.УЛ.„НОВОПЛАНИРАНА 40"
ПР.УЛ.„НОВОПЛАНИРАНА 41"
ПР.УЛ.„НОВОПЛАНИРАНА 42"
ПР.УЛ.„НОВОПЛАНИРАНА 43"
ПР.УЛ.„НОВОПЛАНИРАНА 44"
ПР.УЛ.„НОВОПЛАНИРАНА 45"
ПР.УЛ.„НОВОПЛАНИРАНА

4. ОПШТИ УСЛОВИ ЗА ИЗГРАДБА, РАЗВОЈ И КОРИСТЕЊЕ НА ЗЕМЈИШТЕТО И ГРАДБИТЕ КОИ ВАЖАТ ЗА ЦЕЛАТА ПОВРШИНА НА ПЛАНСКИОТ ОПФАТ

Општите услови за изградба , развој и користење на земјиштето и градбите важат за целата површина на планскиот опфат и служат за спроведување на Урбанистичкиот план за село, односно за изготвување на извод од урбанистички план и услови за изработка на архитектонско – урбанистички проекти.

4.1 Општите услови и графичките прилози се составен дел на Планот и имаат правно дејство само врз градетелската активност која ќе следи по стапување во сила на Урбанистички план за село;

4.2 Објектите кои се изградени се евидентирани на ажурирани геодетски подлоги во Документационата основа на планот, се третираат како постојна состојба;

4.3 Општи услови се применуваат во рамките на утврдената граница на планскиот опфат, а посебните услови се однесуваат на блок и наменска зона поединечно;

4.4 Со урбанистичкиот план за село Тркање, Општина Кочани, не се планираат градежни парцелим а при спроведување на планот, катастарските парцели претставуваат градежни парцели во кои реализацијата е можна и директно со изработка на основни проекти за градбите, со кои ќе се утврдат и диспозицијата, височината и големината на површината за градење во согласност со максимално зададените урбанистички параметри со овој план, како и одредбите на Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање (Службен весник на Република Македонија, број 142/15, 217/15, 222/15, 228/15, 35/16, 99/16, 134/16 и 33/17);

4.5 По исклучок на предходната точка, од две или повеќе катастарски парцели може да се формира една градежна парцела или во рамки на една катастарска парцела може да се формираат две или повеќе градежни парцели или на една катастарска парцела која претставува градежна парцела може да се предвидат две или повеќе градби, во кои случаи градежните парцели и површините за градење се утврдуваат со архитектонско – урбанистички проект од челн 51 од Законот за просторно и урбанистичко планирање (Службен весник на Република Македонија, број 199/14, 44/15, 193/15, 31/16 и 64/18). Сето ова е во согласност со одредбите на Член 12 од Законот за просторно и урбанистичко планирање (Службен весник на Република Македонија, број 199/14, 44/15, 193/15, 31/16 и 163/16);

4.6 Наменската употреба на земјиштето во планот е уредена со планирање на наменски зони со зададени основни класи на намена, во согласност со одредбите на членовите 24 – 33 од Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање (Службен весник на Република Македонија, број 142/15, 217/15, 222/15, 228/15, 35/16, 99/16, 134/16 и 33/17).Наменска зона е ограничена површина на градежно земјиште со иста наменска употреба на земјиштето;

4.7 Во рамките на една наменска зона со Урбанистичкиот план за село се утврдени исти општи услови за градење и режим на користење на земјиштето.

4.8 За секоја планирана наменска зона одредена е 1 (една) основна класа на намена, согласно системот на класи на намени зададен со Член 28 и табеларните прилози 1 и 2 од Правиликот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање (Службен весник на Република Македонија, број 142/15, 217/15, 222/15, 228/15, 35/16, 99/16, 134/16 и 33/17);

4.9 Заради флексибилност на планот, за наменските зони одредени се и алтернативни класи на намена, компатибилни во однос на основната класа на намена, со зададени максимални проценти на учество во однос на основната класа на намена, а во сѐ во согласност со одредбите на членовите 31 – 33 и табеларниот Прилог 1 од Правилникот за

стандарди и нормативи за урбанистичко планирање (Службен весник на Република Македонија, број 142/15, 217/15, 222/15, 228/15, 35/16, 99/16, 134/16 и 33/17);

4.10 Планскиот опфа е дефиниран со 34 блокови;

4.11 Со урбанистичкиот план за село се одредени:

- граници на блокови;
- регулациони линии;
- граници на наменски зони;
- намена на земјиштето и градбите;

4.12 Со урбанистичкиот план за село предвидени се наменски зони со следните класи на намени:

А – ДОМУВАЊЕ

А1 – Домување во станбени куќи

В – ЈАВНИ ИНСТИТУЦИИ

В1 – Образование и наука (ПОУ „Никола Карев“)

В2 – Здравство и социјална заштита (Детска градинка)

В4 – Државни институции (Месна заедница)

В5 – Верски институции (Православна црква„ Св. Никола“)

Г- ПРОИЗВОДСТВО, ДИСТРИБУЦИЈА И СЕРВИСИ

Г2 – Лесна и незагадувачка индустрија

Д – ЗЕЛЕНИЛО И РЕКРЕАЦИЈА

Д1 – Парковско зеленило

Д2 – Заштитно зеленило

Д3 – Спорт и рекреација

Д4 – Меморијални простори (Православни гробишта)

Е – ИНФРАСТРУКТУРА

Е1 – Комунална инфраструктура (сообраќајни коридори, речно корито и канал)

Е2 – Комунална супраструктура (трафостаници);

4.13 Заради флексибилноста на планот, предвидени се и компатибилни класи на намени во однос на основните класи на намена, дадени во точката 3. Опис и образложение на планските решенија за изградба, на наменската употреба на градежното земјиште парцелирано за изградба, на градежното земјиште за општа употреба, сообраќајната и комуналната инфраструктура – потточка 3.2. Класа на намени, а сѐ во склад со одредбите на Член 31 и Член 32, како и табеларниот Прилог – 1 од Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање (Службен весник на Република Македонија, број 142/15, 217/15, 222/15, 228/15 35/16, 99/16, 134/16, 33/17 и 86/18).

4.14 Процент на изграденост на земјиштето (Р) е урбанистичка величина која ја покажува густината на изграденост, односно колкав дел од градежното земјиште е зафатен со градба. Процентот на изграденост на земјиштето се пресметува како однос помеѓу површината на земјиштето под градбата и вкупната површина на градежното земјиште, изразен во процент. Во површината под градба се подразбира површината ограничена со надворешните ѕидови и столбови на градбата во висина на приземната плоча без надворешните тераси, скали, рампи, патеки и друго. Коефициент на искористеност (К) на земјиштето е урбанистичка големина која го покажува интензитетот на изграденост на градежното земјиште. Коефициент на искористеност на земјиштето се пресметува како однос помеѓу вкупната изградена површина, односно збирот на површините на сите

изградени катови на градбата и вкупната површина на градежното земјиште, изразен со рационален број до две децимали. Под вкупна изградена површина се сметаат површините на сите надземни етажи;

4.15 За сите наменски зони со основна класа на намена **А1 – Домување во станбени куќи**, при реализација, односно при изработка основни проекти кога катастарската парцела претставува градежна парцела и при изработка на архитектонско – урбанистички проекти со кои се дефинираат градежни парцели, дозволени се следниве урбанистички параметри:

- максимален процент на изграденост 70%
- максимален коефициент на искористеност 2,80
- максимална височина до хоризонталниот венец на градбите 10,20m
- максимална катност на градбите ..... П+2+Пк;

4.16 Согласно Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање (Службен весник на Република Македонија, број 142/15, 217/15, 222/15, 228/15 35/16, 99/16, 134/16 и 33/17), Член 28, став 3 во урбанистичките планови за село основната класа на намена А1 ги опфаќа и селските стопански дворови;

4.17 За наменска зона со основна класа на намена, **В1 – Образование и наука, В2 – Здравство и социјална заштита, В4 – Државни институции и В5 – Верски институции**, при реализација, односно при изработка основни проекти кога катастарската парцела претставува градежна парцела и при изработка на архитектонско урбанистички проекти со кои се дефинираат градежни парцели, дозволени се следниве урбанистички параметри:

- максимален процент на изграденост 70%
- максимален коефициент на искористеност 2,10
- максимална височина до хоризонталниот венец на градбите 10,20m
- максимална катност на градбите ..... П+2;

4.18 За наменската зона со основна класа на намена, **Г2 – Лесна и незагадувачка индустрија, Д4 – Меморијални простори**, при реализација, односно при изработка основни проекти кога катастарската парцела претставува градежна парцела и при изработка на архитектонско – урбанистички проекти со кои се дефинираат градежни парцели, дозволени се следниве урбанистички параметри:

- максимален процент на изграденост 70%
- максимален коефициент на искористеност 2,10
- максимална височина до хоризонталниот венец на градбите ..... 12 m
- максимална катност на градбите ..... П+1;

4.19 За наменската зона со основна класа на намена **Д1- парковско зеленило**, при реализација, односно при изработка основни проекти кога катастарската парцела претставува градежна парцела и при изработка на архитектонско – урбанистички проекти со кои се дефинираат градежни парцели, дозволени се следниве урбанистички параметри:

- максимален процент на изграденост е 70%,
- максимален коефициент на искористеност 2,10
- максимална височина до хоризонталниот венец на градбите ..... 3,5 m
- максимална катност на градбите ..... П.

4.20 За наменската зона со основна класа на намена **Д3 – Спорт и рекреација**, при реализација, односно при изработка основни проекти кога катастарската парцела претставува градежна парцела и при изработка на архитектонско – урбанистички проекти

со кои се дефинираат градежни парцели, дозволени се следниве урбанистички параметри:
- максимален процент на изграденост е 70%
- максимален коефициент на искористеност е 2,10
- максимална височина до хоризонталниот венец да се одреди со основниот проект.

4.21 За наменската зона со основна класа на намена **Д1- парковско зеленило**, при реализација, односно при изработка основни проекти кога катастарската парцела претставува градежна парцела и при изработка на архитектонско – урбанистички проекти со кои се дефинираат градежни парцели, дозволени се следниве урбанистички параметри:
- максимален процент на изграденост е 70%,
- максимален коефициент на искористеност 2,10
- максимална височина до хоризонталниот венец на градбите ..... 3,5 m
- максимална катност на градбите ..... П.

4.22 За наменска зона со основна класа на намена **Е2 – Комунална супраструктура** (трафостаници), при реализација односно при изработка на основни проекти кога катастарската парцела претставува градежна парцела дозволени се следниве урбанистички параметри:
- Максимално дозволена височина до хоризонталниот венец на градбите …….. 4,00 m
- Максимално дозволена катност …….. П
- Максимално дозволен процент на изграденост …….. 100 %
- Максимално дозволен коефициент на искористеност …….. 1,00

4.23 При диспозиција на површините за градење за сите наменски зони ќе се применуваат одредбите од Член 40 од Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање (Службен весник на Република Македонија, број 142/15, 217/15, 222/15, 228/15 35/16, 99/16, 134/16 и 33/17);

4.24 По исклучок на горе наведената точка, а во однос на постојните објекти кои се наоѓаат во крајбрежниот појас на водотеците, не смее да се врши нивна доградба и наградба , како и лоцирање на на нови објекти се додека не биде изготвена проектна документација за заштита и регулирање на речните корите со дефинирани профили и хидраулички пресметки базирани врз хидролошки податоци за водните тела;

4.25 Кота на приземна плоча на градбите (±0,00) ќе се одреди во основните проекти и архитектонско урбанистичките проекти, а во согласност со одредбите на Член 42 и Член 45 од Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање (Службен весник на Република Македонија, број 142/15, 217/15, 222/15, 228/15, 35/16, 99/16, 134/16 и 33/17);

4.26 Во архитектонското обработување на објектите, покрај намените функционалните, климатските, геомеханичките, сеизмичките, и другите микролокациски услови, треба да води сметка за специфичностите на прирачните градежни материјали и традиционалните вредности и културата во градењето. Покрај императивните услови кои произлегуваат од дозволените граници на изградба, во компонирање на фасадите треба да се тежнее кон нивно максимално усогласување со соседните објекти со композициските линии на соседите, но сепак со максимално почитување на индивидуалноста на сопственикот и креативноста на архитектот;

4.27 Формата и висината на крововите се определува во зависност од предложената архитектура на дадениот објект и од намената на истиот. Дозволено е формирање на три типа на покриви како и комбинација помеѓу нив:

- коси покриви со максимален агол на косина на кровната конструкција од најмногу 35°,
- мансарден покрив со максимален агол на косина на кровната конструкција од најмногу 60°,
- рамен покрив со максимален агол на косина на кровната конструкција од најмногу 5°.

Во дозволената силуета е дозволено скалесто повлекување од страна на лицето на парцелата и оформување потпокрив, кој кон дното на парцелата е со вертикален ѕид во рамнина со фасадата. Аголот на скалестото повлекување може да изнесува најмногу 60°. Рамниот покрив може да претставува корисен простор за оформување на кровни градини и други содржини во функција на градбата или станбените единици лоцирани во потпокривот. На рамниот покрив не се дозволува поставување на архитектонско декоративни елементи со кои се обѕидува или оформува затворен корисен простор;

- Максималниот агол на кровната конструкција се пресметува од завршниот венец на градбата во однос на вертикалната рамнина на фасадниот ѕид.

4.28 Максималната видина на слеме во однос на висината на завршниот венец на градбата изнесува 4,5 m;

4.29 Наградбите и доградбите на постојните објекти може да се реализираат само по добиено мислење од компетентна институција дека постојниот односно реконструираниот конструктивен систем на објектот може да издржи таква надградба;

4.30 При изработка на основни проекти и архитектонско – урбанистички проекти, дополнителен услов за сите градби од наменските зони кои припаѓаат на групите на класи на намена А – Домување, В – Јавни институции и Г – Производство, дистирбуцијја и сервиси, е предвидување на зеленило во склоп на градежните парцели, со минимална застапеност од 20% во однос на секоја градежна парцела поединечно, а во склад со одредбите на Законот за урбано зеленило (Службен весник на Република Македонија, број 11/18);

4.31 Низ дел од планскиот опфат, во блоковите Б1,Б4, Б5,Б6 и Б7, минува постоен воздушен далековод 110 Kv, во сопственост на АД МЕПСО Скопје. Согласно планските решенија за електроенергетска инфраструктура, а во согласност со Правилникот за технички нормативи за изградба на надземни електро енергетски водови со номинален напон од 1 Kv до 400 Kv, во планскиот период 2017 – 2027 овој вод се задржува. На истиот е планирана заштитна зона (по 12 м, од обете страни на далеководот), во која зона не е дозволенаградба на објекти кои не се во функција на самиот далековод;

4.32 Низ дел од планскиот опфат, во блоковите Б1, Б2, Б3, Б4, Б7, Б10, Б12, Б13, Б15, Б16, Б17 и Б21, минува постоен надземен вод 10 Kv, во сопственост на ЕВН Скопје. Согласно планските решенија за електроенергетска инфраструктура, а во согласност со Правилникот за технички нормативи за изградба на надземни електро енергетски водови со номинален напон од 1 Kv до 400 Kv, во планскиот период 2017 – 2027 овој вод се задржува. На истиот е планирана заштитна зона (по 3 м, од обете страни на надземен вод), во која зона не е дозволенаградба на објекти кои не се во функција на самиот надземен вод;

4.33 Одредби од МЕПСО:

- Согласно член 203 ст.1 од Законот за енергетика (Службен Весник на Република Македонија бр. 96/18), не се дозволува изградба и изведување на други работи, засадување на растенија и дрвја на земјиште под, над и покрај енергетските објекти, уреди и постројки, со кои се нарушува процесот на производство, пренесување и дистрибуција на енергија, или се загрозува безбедноста на луѓето и имотот.
- При изработка на Проектна докуемнтација да се скицираат и текстуално да се опишат сите пресечни точки на ново планирани сообраќајници кој се вкрстуваат

со далекуводот во сопственост на АД МЕПСО, се со цел да се запази нивелацијата на планираната инфраструктура до најблискиот проводник на далекуводот односно да се запази нивелацијата на планираната инфраструктура до најблискиот проводник на далекуводот односно да се запази вертикалното безбедносно растојание на далекуводот.

- Секоја евентуално настаната штета на дел од електроенергетската инфраструктура во сопственост на АД МЕПСО или загрозување на човековата безбедност заради непочитување на пропишаните безбедносни растојанија ќе сноси самиот Инвеститор.

При примена на планските решенија на Урбанистички план за село Тркање за што не е регулирано со овие услови да се применуваат стандардите и нормативите утврдени со Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање (Службен весник на Република Македонија, број 199/14, 44/15, 193/15, 31/16 и 163/16).

4.34 Сообраќајното решение планира улична мрежа во селото составена од 1 сервисна улица, 16 станбени улици и 18 пристапни улици. При изработка на инфраструктурните проекти за истите, можно е да се вршат корекции во положбата на оските, ако тие промени не значат поголемо нарушување на концептот на урбанистичкиот план за село. Можни се и корекции на елементите на крстосниците (радиуси и широчина на возни ленти) во рамките на предвидениот опфат. Овие евентуални промени не повлекуваат потреба од изменување и дополнување на урбанистичкиот план за село;

4.35 Урбанистичкиот план за село за овој локалитет треба да овозможи сообраќајно поврзување до секоја катастарска парцела.Во однос на решавањето на проблемот на стационарниот сообраќај потребите за паркирање за градежните парцели ќе се решаваат во рамките на сопствената парцела, со почитување на потребен број паркинг места согласно член 59 од Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање (Службен весник на Република Македонија, број 142/15, 217/15, 222/15, 228/15 35/16, 99/16, 134/16 и 33/17);

4.36 Водовите на комуналната инфраструктура (водовод, фекална и атмосферска канализација, електроенергетски водови и телекомуникациски водови), како и евентуалните градби кои се во функција на истите (шахти, резервоари, прекидни комори, пречистителни станици, оддалечени степени на телекомуникациската мрежа и други објекти неопходни за функционирање на системите) можат да се лоцираат во просторот иако нема урбанистички план на детално ниво. За нив услови за градба ќе се составуваат во зависност од потребата на системот и непосредното опкружување на локалитетот каде тие ке треба да се градат, се разбира со предходно прибавено стручно мислење и предлог на правните субјекти кои стопанисуваат со комуналните системи. Основните решенија на комуналните објекти и инсталации во овој урбанистички план за село имаат информативен карактер, т.е. целта им е да укажат на концепциите за развој на комуналните објекти и инсталации. Понатамошната реализација и дооформување на системите на комуналните инсталации ке продолжи да се одвива со изработка на основни проекти;

4.37 Рекламите и огласите не смеат да му пречат на нормалното одвивање на сообраќајот, да му штетат или да го менуваат изгледот на архитектонските објекти и групации ниту да пречат на објектите поставени во јавен интерес како јавно осветлување, градски часовници, табли со имиња на улиците и сл.;

4.38 Заради заштита и одржување на природните и уредените речни корита и бреговите на водотеците , езерата и акомулациите, забрането е , освен со дозвола или согласност издадена врз основа на закон, изградба на постојки и објекти во крајбрежните земјишта, односно нивната местоположба треба да биде надвор од крајбрежниот појас во широчина

од 50 метри зад линијата на допирањето на педесетгодишна вода кај нерегулираните водотеците, односно зад ножицата на насипот кај регулираните водоеци; во населените места ширирната на крајбрежниот појас ја определуваат советот на општината, на предлог на градоначалникот на општината, по претходна согласност за определување на ширината на крајбрежниот појас на водотеци издадена од органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на животната средина;

4.39 Во однос на постојните објекти кои се наоѓаат на крајбрежниот појас на водотекот, не смее да се врши не смее да се врши нивна доградба и наградба , како и лоцирање на нови објекти се додека не биде изготвена проектна документација за заштита и регулирање на речното корито со дефинирање профили и хидраулички пресметки базирани врз хидролошки податоци за водното тело.

4.40 Водоснабдувањето со вода за пиење е преку главниот извор Грдовски ормар, кој се наоѓа во непосредна близина на село Грдовци, истата се преработува во Град Кочани и преку водоводната инсталација се доставува до домаќинствата во село Тркање.

4.41 Комуналниот опад - сметот ќе се одлага во контејнери лоцирани на погодни места во рамките на планскиот опфат, од каде отпадот ќе се евакуира во регионална депонија, т.е. градската депонија „Тупанец", лоцирана во атарот на село Бели, на околу 3km северно од Град Кочани, односно на оддалеченост од 10 km во североисточен правец од планскиот опфат;

4.42 За одведување на отпадните води планиран е сепаратен систем на фекална и атмосферска канализција. За доведување на отпадните води до соодветно ниво на пречистеност, во близина на планскиот опфат, во близина на селото Мојанци планирана е и наменска зона со основна класа на намена Е3 – Некомпатибилна инфраструктура /Пречистителна станица/, предвидена за изградба на пречистителна станица. Од истата, пречистените отпадни води ќе се испиштаат во крајниот реципиент – Оризарска Река Масалница. Планирањето на пречистителна станица се надоврзува на веќе одобрениот ЛУПД и ПИ за изградба на пречистителна станица на КП 802 и дел од КП 797, КО Мојанци, Општина Кочани, како и Основниот проект за главен собирен фекален колектор за Град Кочани и село Оризари и дел од колекторскиот систем за Град Кочани, со овој проект се планира пречистителна станица, чија изградба е отпочната, која ќе врши пречистување и прибирање на отпадните води од Град Кочани и селата Оризари, Прибачево, Бели, Грдовци, Горни Подлог, Долни Подлог, Мојанци и Оризари;



4.43 За обезбедување на непречено движење на лицата со инвалидитет, при изработка на проекти за уредување на земјиштето за општа употреба, како и проекти за градбите од градежните парцели со основна класа на намена различна од А1 – Домување во станбени куќи, задолжително се применуваат одредбите на Правилникот за начинот на обезбедување на непречен пристап, движење (хоризонтално и вертикално), престој и работа на лица со инвалидност до и во градби со јавни и деловни намени, градби со намена домување во станбени згради, како и градби со станбено – деловна намена (Службен весник на Република Македонија, број 17/15), одредбите на членовите 109 – 123 од Правилникот за стандарди и нормативи за проектирање (Службен весник на Република Македонија, број 60/12, 29/15, 32/16 I 114/16), како и одредбите на членовите 75 – 79 од Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање (Службен весник на Република Македонија, број 142/15, 217/15, 222/15, 228/15, 35/16, 99/16, 134/16 и 33/17);

4.44 Од аспект на безбедноста на воздушниот сообраќај и напомена дека доколку во планскиот опфат се планира изградба на издвоени антентенски столбови со височина поголема од 15м, оџаци со височина поголема од 30м, далноводи под напон поголем од 100 КВ на премин преку автопат, ветерници или други објекти со височина поголема од 100м, потребно е со планот да се задолжи инвеститорот до Агенцијата за цивилно воздухопловство да достави соодветна проектна документација (Архитектонско урбанистички проект или Основен проект) со барање за издавање на согласност со услови за градба од аспект на безбедноста на воздушниот сообраќај, согласно член 68 став (2) од Законот за воздухопловство.

4.45 Доколку при реализација на Урбанистичкиот план за село се појави археолошко наоѓалиште, да се постапи во согласност со одредбите на член 65 од Законот за заштита на културното наследство (Службен весник на Република Македонија, број 20/04, 115/07,

18/11, 148/11, 23/13, 137/13, 164/13, 38/14, 44/14, 199/14, 104/15, 154/15, 192/15 и 39/16).

4.46 Во понатамошни постапки и разработки на планот, при изградба на објекти, како издвоени антенски столбови со височина поголема од 15м, оџаци со поголема височина од 30м, ветерници или други објекти со височина поголема од 100м, потребно е да се достави до Агенцијата за цивилно воздухопловство соодвена прокетна документација со барање за издавање на согласнст со услови за градба од аспект на безбедноста на воздушниот сообраќај, согласно член 68, став 2 од Законот за воздухопловство.

4.47 За сѐ што не е регулирано со овие параметри, се применуваат стандардите и нормативите утврдени во Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање (Службен весник на Република Македонија, број 142/15, 217/15, 222/15, 228/15 35/16, 99/16, 134/16, 33/17 и 86/18).

5. МЕРКИ ЗА ЗАШТИТА

Законската регулатива со која се регулира заштитата на животната средина, релевантна за изработка на Урбанистичкиот план за село Оризари, Општина Кочани, со плански период 2017 – 2027 год., е следната:

- Закон за животната средина (Службен весник на Република Македонија, бр0ј 53/05, 81/05, 24/07, 159/08, 83/09, 48/10, 124/10, 51/11, 123/12, 93/13, 187/13, 42/14, 44/15, 129/15, 192/15, 39/16 и 99/18);

- Закон за заштита на природата (Службен весник на Република Македонија, бр0ј 67/04, 14/06, 84/07, 35/10, 47/11, 148/11, 59/12, 13/13, 163/13, 41/14, 146/15, 39/16, 63/16 и 113/18);

- Закон за квалитет на амбиентниот воздух (Службен весник на Република Македонија, бр0ј 67/04, 92/07, 35/10, 47/11, 59/12, 163/13, 10/15 и 146/15);

- Закон за управување со отпадот (Службен весник на Република Македонија, бр0ј 39/16 и 63/16);

- Закон за заштита од бучава во животната средина (Службен весник на Република Македонија, бр0ј 79/07, 124/10, 47/11, 163/13 и 146/15);

- Закон за заштита и спасување (Службен весник на Република Македонија, бр0ј 36/04, 49/04, 86/08, 124/10, 18/11, 41/14, 129/15, 71/16, 106/16 и 83/18);

- Закон за водите (Службен весник на Република Македонија, бр0ј 87/08, 6/09, 161/09, 83/10, 51/11, 44/12, 23/13, 163/13, 180/14, 146/15 и 52/16);

- Уредба за класификација на водите (Службен весник на Република Македонија, бр0ј 18/99);

- Уредба за категоризација на водотеците, езерата, акумулациите и подземните води (Службен весник на Република Македонија, број 18/99 и 71/99);

- Правилник за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање (Службен весник на Република Македонија, број 142/15, 217/15, 222/15, 228/15, 35/16, 99/16, 134/16, 33/17 и 86/18).

5.1. МЕРКИ ЗА ЗАШТИТА НА ЖИВОТНАТА СРЕДИНА И ПРИРОДАТА

5.1.1. МЕРКИ ЗА ЗАШТИТА НА КВАЛИТЕТОТ НА ВОЗДУХОТ

Се препорачува да се следи и контролира присуството на загадувачки материи во воздухот со цел да се одржи квалитетот на воздухот во граници на дозволените нивоа на емисии. Зелените површини во планскиот опфат да се уредат со автохтони видови со висок биоакумулативен капацитет за евентуално присутните загадувачки материи во воздухот и почвата.

5.1.2. МЕРКИ ЗА ЗАШТИТА ОД БУЧАВА

Секојдневната изложеност на населението на високо ниво на сообраќајна бучава, карактеристична за урбанизираните подрачја, има сериозен јавно – здравствен ризик и

наметнува потреба од контрола на бучавата во раните фази од планирањето и уредувањето на просторот.

Во планскиот период треба да се стават во функција мерни места за следење на бучавата. Како краткорочен приоритет треба да се постави изработката на Програма за работа на државната односно локалните мрежи за мониторинг на бучавата.

5.2. МЕРКИ ЗА ЗАШТИТА И СПАСУВАЊЕ

Согласно Законот за одбрана (Службен весник на Република Македонија, број 42/01, 5/03, 58/06, 110/08, 51/11, 151/11 и 215/15), Законот за заштита и спасување (Службен весник на Република Македонија, број 36/04, 49/04, 86/08, 124/10, 18/11, 41/14, 129/15, 71/16 и 106/16) и Законот за управување со кризи (Службен весник на Република Македонија, број 29/05, 36/11, 41/14, 104/15, 39/16), задолжително треба да се применуваат мерките за заштита и спасување.

Врз основа на член 29 од Законот за заштита и спасување (Службен весник на Република Македонија,бр. 36/04, 49/04, 86/08, 124/10, 18/11 и 41/14) Мерките за заштита и спасување задолжително се применуваат:

1) при планирањето и уредувањето на просторот и населбите;
2) во проектите, за објекти и технолошки процеси наменети за складирање, производство и употреба на опасни материи, нафта и нејзини деривати,енергетски гасови, јавниот сообраќај, црна и обоена металургија, како и за јавна, административна, културна, туристичко- угостителска дејност и
3) при изградба на објекти и инфраструктура. Начинот на применувањето на мерките за заштита и спасување, при планирањето и уредувањето на просторот и населбите, во проектите и при изградба на објектите, како и учество во техничкиот прием, Владата го уредува со уредба.

Во функција на уредувањето на просторот задолжително се обезбедува:

1) изградба на објекти отпорни на сеизмички дејства;
2) регулирање на водотеците и изградба на систем на одбранбени насипи;
3) изградба на снегозаштитни појаси и пошумување на голините;
4) обезбедување на противпожарни пречки;
5) изградба на објекти за заштита и
6) изградба на потребната инфраструктура.

При примена на планските решенија на урбанистичкиот план за село, за сè што не е регулирано со овие услови да се применуваат стандардите и нормативите утврдени со Законот за заштита и спасување (Службен весник на Република Македонија, бр. 36/04, 49/04, 86/08, 124/10, 18/11, 41/14, 129/15, 71/16 и 106/16), Процена за загрозеност на Република Македонија од природни непогоди и други несреќи (Службен весник на Република Македонија, бр. 117/07), Методологија за содржината и начинот на проценување на опасностите и планирање на заштитата и спасувањето (Службен весник на Република Македонија, бр. 76/06) и Уредбите за спроведување на заштитата и спасувањето од пожари и урнатини (Службен весник на Република Македонија, бр. 8/05).

5.2.1. ЗАШТИТА И СПАСУВАЊЕ ОД ПОЖАРИ, ЕКСПЛОЗИИ И ОПАСНИ МАТЕРИИ

При изработка на архитектонско – урбанистичките проекти и основните проекти, сите објекти да се лоцираат така да се пристапни за пожарните возила, а ширината на пристапот не смее да биде помала од 3,5m со што се овозможува лесна подготовка и ставање во дејство на потребната опрема за борба против пожарот и спасување на луѓето. Ивичњаците на пристапниот пат мора да бидат закосени поради лесен пристап на пожарните возила до објектот.

Сообраќајниот систем во локалитетот овозможува лесен пристап на пожарните возила до објектите. При конципирање на сообраќајот планирано е несметано движење на пожарните возила. Сообраќајницата и пристапот се така планирани да овозможува несметан пристап за пожарни возила со доволна ширина на пристапот, за да се овозможи лесна подготовка и ставање во дејство на потребната опрема за борба против пожарот и спасување на луѓето. Ивичњаците на пристапниот пат треба да бидат со висина не поголема од 7,0cm и закосени поради лесен пристап на пожарни возила до објектот.

Временскиот рок за дејствување на пожарните возила зависи од оддалеченоста на најблиската противпожарна станица, која за овој плански опфат кој спаѓа во реонот на противпожарниот центар во Кочани би изнесувал од 5 до 10 мин.

Планирањето и изработката на техничката документација треба да е во согласност со Законот за заштита и спасување (Службен весник на Република Македонија, бр. 36/04, 49/04, 86/08, 124/10, 18/11, 41/14, 129/15, 71/16 и 106/16). Со планирањето на хидрантската мрежа да се задоволат сите мерки на превентива и заштита во случај на пожар. Надворешната хидрантска мрежа е збир на градежни објекти и уреди со кои водата од извор погоден за снабдување со вода, со цевководи се доведува на хидрантските приклучоци кои непосредно се користат за гаснење на пожари или на нив се приклучуваат противпожарни возила.

За надворешната хидрантска мрежа да се предвиди прстенест систем на цевководи, со минимален пречник Ø80mm. На хидрантската водоводна мрежа со минимален профил од Ø80mm се поставуваат противпожарни хидранти чии приклучни цевководи имаат пречник најмалку Ø80mm. Хидрантите да се поставени на меѓусебно растојание од 80 до 150m. Притисокот во хидрантската мрежа не смее да биде понизок од 2,5 бара.

Државните органи, органите на државната управа, единиците на локалната самоуправа, трговските друштва, јавните претпријатија, установите и службите се должни да имаат соодветни уреди и инсталации за заштита од пожари и експлозии, друга противпожарна опрема, средства за гаснење на пожари и противпожарни апарати, според пропишани стандарди. Уредите, инсталациите, опремата и средствата од ставот 1 на овој член, задолжително треба да се наоѓаат на одредени места, да се одржуваат во исправна состојба, да бидат посебно обележани и секогаш достапни за употреба, согласно со закон.

Согласно Член 70 од Законот за заштита и спасување (Службен весник на Република Македонија, бр. 36/04, 49/04, 86/08, 124/10, 18/11, 41/14, 129/15, 71/16 и 106/16), инвеститорот во проектната документација за изградба на објекти, како и за објекти на кои се врши реконструкција - пренамена е должен да изготви посебен елаборат за заштита од пожари, експлозии и опасни материи и да прибави согласност за застапеноста на мерките за заштита од пожари, експлозии и опасни материи. Согласност за застапеност на мерките за заштита од пожари, експлозии и опасни материи дава Дирекцијата, односно нејзините подрачни

организациони единици за заштита и спасување. Директорот на Дирекцијата ја утврдува содржината на елаборатот за заштита од пожари, експлозии и опасни материи. Директорот на Дирекцијата ги пропишува мерките за заштита од пожари, експлозии и опасни материи. Одредбата од ставот 1 на овој член ги опфаќа сите објекти, освен станбените објекти со висина на венецот до 10,20m и јавните објекти со капацитет за истовремен престој до 25 лица.

За објектите на кои не се однесува одредбата на овој член се применуваат важечките мерки, нормативи и стандарди кои се однесуваат на заштита и спасување.

Задолжително е примена на громобранска инсталација, со цел да нема појава на зголемено пожарно оптоварување.

5.2.2. ЗАШТИТА И СПАСУВАЊЕ ОД УРНАТИНИ

Просторот на предметниот плански опфат се наоѓа во зона на VIII° по Меркалиевата скала на очекувани земјотреси, што наметнува задолжителна примена на нормативно – правна регулатива, со која се уредени постапките, условите и барањата за постигнување на технички конзистентен и економски одржлив степен на сеизмичка заштита при изградбата на новите објекти.

Густината на објектите односно нивното растојание е планирано во доменот на сеизмичкото проектирање со помали висини на објектите и со поголеми попречни профили на сообраќајниците, со што во случај на сеизмичко рушење може да се обезбеди проток на луѓе и возила.

5.2.3. ЗАШТИТА И СПАСУВАЊЕ ОД ПОПЛАВИ

Заштитата и спасувањето од поплави опфаќа регулирање на водотеците, изградба на заштитни објекти, одржување и санирање на оштетените делови на заштитните објекти, набљудување и извидување на состојбите на водотеците и високите брани, заштитните објекти и околината, обележување на висинските коти на плавниот бран, навремено известување и тревожење на населението во загрозеното подрачје, спроведување на евакуација на населението и материјалните добра од загрозеното подрачје, обезбедување на премин и превоз преку вода, спасување на загрозените луѓе на вода и под вода, црпење на водата од поплавените објекти и извлекување на удавените, обезбедување на населението во поплавените подрачја со основните услови за живот и учество во санирање на последиците предизвикани од поплавата.

5.2.4. ЗАШТИТА ОД НЕЕКСПЛОДИРАНИ УБОЈНИ И ДРУГИ ЕКСПЛОЗИВНИ СРЕДСТВА

Согласно Член 80 од Законот за заштита и спасување (Службен весник на Република Македонија, бр. 36/04, 49/04, 86/08, 124/10, 18/11, 41/14, 129/15, 71/16 и 106/16), заштитата од неексплодирани убојни и други експлозивни средства опфаќа пребарување на теренот и пронаоѓање, пронаоѓање на неексплодираните убојни средства, обележување и обезбедување на теренот, онеспособување и уништување на сите видови на неексплодирани убојни и други експлозивни средства како и транспорт до определеното и уреденото место за уништување и безбедносни мерки за време на транспортот. Онеспособување и уништување на сите видови на неексплодирани убојни и други експлозивни средства се врши на местото на пронаоѓање, ако за тоа постојат безбедносни услови.

Ако не се исполнети условите од ставот 2 на овој член, уништувањето на неексплодирани убојни и други експлозивни средства се врши на претходно определени и уредени места за таа намена.

Стандардните оперативни процедури за заштита од неексплодирани убојни и други експлозивни средства ги пропишува директорот на Дирекцијата.

5.2.5. СПАСУВАЊЕ ОД СООБРАЌАЈНИ НЕСРЕЌИ

Во рамките на локалитетот има постојна разгранета сообраќајна мрежа, претежно со неасфалтирани улици со неадекватен сообраќаен профил, кои според планот се предвидуваат да се асфалтираат и да се со регулиран сообраќаен профил. Стационарниот сообраќај е решен согласно Член 59 од Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање (Службен весник на Република Македонија, број 142/15, 217/15, 222/15, 228/15 и 35/16). Комплетната сообраќајна сигнализација на уличната мрежа, како вертикална и хоризонтална треба да е изведена согласно прописите од областа на сообраќајот.

Временскиот рок за дејствување на возилата за брза помош зависи од оддалеченоста на најблиската болница или поликлиника, која за овој плански опфат во реонот на Поликлиника „Кочани" би изнесувал од 5 до 10 мин.

Временскиот рок за дејствување на пожарните возила зависи од оддалеченоста на најблиската противпожарна станица, која за овој плански опфат кој спаѓа во реонот на противпожарниот центар во Кочани би изнесувал од 5 до 10 мин.

5.2.6. ПРВА МЕДИЦИНСКА ПОМОШ

Прва медицинска помош опфаќа преземање на мерки и активности за укажување на прва медицинска помош со стандардни и прирачни средства на местото на повредувањето - заболувањето, медицинска тријажа на повредените и заболените и транспорт до најблиските здравствени установи.

Временскиот рок за дејствување на возилата за брза помош за овој плански опфат во реонот на Поликлиника „Кочани" би изнесувал од 5 до 10 мин.

5.3. МЕРКИ ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА БАРИЕРИ ЗА ЛИЦАТА СО ИНВАЛИДНОСТ

Составен дел на овој Урбанистички план за село се конкретни мерки за создавање на услови за непречено движење на лица со инвалидитет во рамките на планскиот опфат. Ова особено се однесува на уредувањето на земјиштето за општа употреба во рамките на планскиот опфат, а пред сè планираната улична мрежа и јавен паркинг.

За обезбедување на непречено движење на лицата со инвалидитет, сите јавни пешачки површини се планирани со континуирана нивелета без скалести денивелации.

При изработка на проекти за уличната мрежа, на секој пешачки премин треба да се предвидат рампи за совладување на денивелацијата помеѓу тротоарот и коловозот.

Поставувањето на трајна и времена урбана опрема на јавните пешачки површини не смее да претставува архитектонска бариера и да го попречува или отежнува пешачкиот сообраќај, а особено на лица со инвалидност со колички.

При изработка на проекти за уредување на земјиштето за општа употреба, задолжително се применуваат одредбите на Правилникот за начинот на обезбедување на непречен пристап, движење, престој и работа на лицата со инвалидност до и во градбите (Службен весник на Република Македонија, број 25/10), одредбите на членовите 109 – 123 од Правилникот за стандарди и нормативи за проектирање (Службен весник на Република Македонија, број 60/12 и 29/15), како и одредбите на членовите 75 – 79 од Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање (Службен весник на Република Македонија, број 142/15, 217/15, 222/15, 228/15 35/16, 99/16, 134/16 и 33/17).

5.4. МЕРКИ ЗА ЗАШТИТА НА КУЛТУРНОТО НАСЛЕДСТВО

Согласно добиеното писмо од Министерство за култура – Управа за заштита на културното наследство со бр. 17-3798/2 од 30.10. 2017 година, на подрачјето на планскиот опфат се наоша црквата Св.Никола, а во непосредна близина на планскиот опфат се наоѓаат археолошките локалитети „Главовец" (населба од неолитско време) и „Господница" (населба од доцноантичко време). Во рамките на планскиот опфат нема заштитени добра и добра за кои основано се претпоставува дека претставуваат културно наследство.

- анализа на меѓусебната зависност на природните услови и постојните технолошки системи;
- дефинирање на нивото на постојниот ризик при редовна секојдневна работа на технолошките системи и при појавата на инцидентни случаи;
- процена на загрозеноста на луѓето и материјалните добра;
- утврдување на критериумите за избор на оптимална варијанта на заштита врз основа на проценетиот степен на загрозеност.

Со примена на оваа методолошка постапка може де се очекува остварување на следните основни цели за заштита од техничко-технолошки катастрофи:

- максимално усогласување и користење на просторот од аспект на заштита во рамките на просторните можности;
- вградување на мерките на кои се заснова организацијата на заштита и спасување на човечките животи и материјалните добра од техничко-технолошки катастрофи во определувањето на намената на просторот;
- интегрирање на елементите на загрозеноста на прашањата врзани со заштитата на животната средина.

Заради постигнување на целосна заштита на луѓето, материјалните добра и потесната и поширокатa животна средина постојат три нивоа на преземање на сигурносни, превентивни мерки:

Прво ниво: ги вклучува сите мерки кои се преземаат во одржувањето на опремата и инсталациите, заради сигурно користење на опасни материјали во технолошките процеси и одбегнување на технолошки катастрофи.

Второ ниво: се однесува на сите мерки кои треба да обезбедат ограничување на емисијата како последица од пожар, експлозија или ослободување на хемикалии, што може да се случи во околности на поголеми индустриски акциденти.

Трето ниво: вклучува мерки кои се преземаат за заштита на животната средина во смисла на ограничување на ефектите од емисија на опасни материи, или последици од пожар и експлозии.

При изработката на плановите од пониско ниво треба да се има предвид следното:

- Потребата од оформување на системот на евиденција и анализа на технолошките акциденти, компатибилен на системот MAPC на Европската унија, како база за евиденција на опасни материјали, присутни во технолошките постројки и можни причини на катастрофи.
- Потребата од предвидување на превентивни мерки од страна на стопанските субјекти за спречување на технолошки катастрофи, базирани врз анализата на однесувањето на исти или слични постројки.

- Изработка на соодветни планови и програми за заштита на населението и едукација и тренинг на персоналот во случај на евентуална техничка катастрофа.

Усогласување на планската документација со Просторниот план

Сите активности во просторот треба **да се усогласат со насоките на Просторниот план на државата,** а особено значителните и оние кои се однесуваат на планирањето и изградбата на:

- државните инфраструктурни системи (патишта, железници, воздушен сообраќај, телекомуникации);
- енергетските системи, енерговоди и поголеми водостопански системи;
- градежните објекти важни за Државата;
- капацитетите за користење на природните ресурси;
- намената и користењето на површините;
- основите на долгорочната политика на урбанизација;
- мрежата на големата инфраструктура;
- **мрежата на населби**;
- определбите за заштита на животната средина, природното и културното наследство.

Во однос на намената на површините, определбите се следните:

- При изработка на урбанистичките планови на населбите, површините за сите урбани содржини треба да се бараат исклучиво во рамките на постојните урбани опфати, а надвор од овие рамки за исклучително оправдани цели и потреби, на површини од послаби бонитетни класи (над IV категорија);
- Изградбата на викенд зони, стопански зони, земјоделски и други објекти со специфични намени да се насочува кон подрачја кои со планови и програми на општините ќе бидат определени за тие цели;
- Просторите во близина на пороите да се исклучуваат од зони за изградба на објекти и истите да се заштитуваат од можните излевања и наноси со предвидување на заштитни зелени површини.

Посебни мерки и активности за остварување на рационалното користење и заштита на просторот, како и посебни интереси на просторниот развој се:

- Обезбедување на спроведување на постојните закони и прописи со кои се заштитува просторот, ресурсите и националното богатство и се организира и уредува просторот со цел за вкупен развој.
- Рационално користење на подрачјата за градба и нивно проширување или формирањето на нови врз база на критериумите за изготвување на соодветна планска документација.
- Насоките и критериумите за уредување на просторот надвор од градежните подрачја треба да се утврдат со помош на стручни основи и упатствата од ресорите на земјоделството, водостопанството, шумарството и заштитата на животната средина.
- Создавање на услови за лоцирање на мали стопански единици.

ЗАКЛУЧНИ СОГЛЕДУВАЊА

Условите за планирање на просторот се издаваат за потребите за изработка на Урбанистички план за село Тркање, општина Кочани. Површината на планскиот опфат изнесува 80,699 ha.

Во граници на планскиот опфат се предвидуваат намени на земјиштето согласно Законот за просторно и урбанистичко планирање и Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање.

Условите за планирање треба да претставуваат влезни параметри и смерници при планирањето на просторот и поставување на планските концепции и решенија по сите области релевантни за планирањето на просторот, обработени во согласност со **Просторниот план на Република Македонија**.

При изработката на Урбанистичкиот план за село Тркање, општина Кочани, треба да се земат во предвид горенаведените забелешки и следните поединечни заклучни согледувања од секторските области опфатени со Просторниот план на Република Македонија.

Економски основи на просторниот развој

- При спроведувањето на стратегијата за организација и користење на просторот за производни и услужни дејности, решенијата во просторот треба да овозможат поголема атрактивност на просторот, заштита на природните и создадени ресурси и богатства, сообраќајно и информатичко поврзување, локациона флексибилност и почитување на објективните фактори на развојот.
- **Реализацијата на Урбанистичкиот план за село Тркање во општина Кочани со површина на плански опфат од 80,699 ha согласно определбите на "Просторниот план на Република Македонија", треба да базира на принципите и стандардите за заштита на животната средина и одржлив економски развој, особено превенција и спречување на негативните влијанија на постојните и планирани производни и услужни дејности применувајќи ја релевантната законска регулатива.**
- **Појдовна поставка за просторниот и регионалниот развој е дека за просторното и урбанистичкото планирање не се доволни сознанијата за развојот на стопанството во земјата, туку треба да се согледаат и да се предвидат и последиците од тој развиток врз неговото разместување во просторот.**
- **Една од планските определби утврдени со "Просторниот план на Република Македонија" е рационално користење на земјиштето заради што е неопходно пред започнување на сите активности да се утврди економската и општествена оправданост за зафаќање на предложената површина од 80,699 ha на планскиот опфат на селото.**
- **При изработката на Урбанистичкиот план за селото треба да се има во предвид дека на оддалеченост од околу 100 метри на јужната страна од предвидениот плански опфат се наоѓа локација за стопански комплекс за која се изработени услови за планирање на просторот со техн. бр. У32010. Наведената забелешка има за цел согледување на компатибилноста на намените на планските опфати кои се наоѓаат во близина.**

Користење и заштита на земјоделското земјиште

- Согласно просторниот план на Република Македонија просторот на РМ е поделен во **6 земјоделско стопански реони и 54 микрореони**. **Предметната локација припаѓа на Источен реон со 8 микрореони.**
- При изработка на планската документација, неопходно е воспоставување и почитување на ефикасна контрола на користењето и уредување на нормите и стандарди за градба. Меѓу приоритетните определби на Просторниот план е заштитата на земјоделското земјиште, а особено стриктното ограничување на трансформацијата на земјиштето од I-IV бонитетна класа за неземјоделско користење, како и зачувување на квалитетот и природната плодност на земјиштето.

Водостопанство и водостопанска инфраструктура

- Селото Тркање се водоснабдува од водоснабдителниот систем за градот Кочани. При користењето на водата да се применуваат современи технологии во управувањето со водоснабдителниот систем со цел да се постигне нејзино рационално и економично користење;
- Отпадните води пред да се испуштат во реципиентот мора да бидат подложени на третман на пречистување, односно нивниот квалитет да биде доведен во согласност со "Уредбата за категоризација на водотеците, езерата, акумулациите и подземните води".
- Во границите на планскит опфат на селото минуваат површински водотеци за кои при изработката на планската документација треба да се предвиди регулација и да се обезбедни заштитен појас согласно Законот за води.
- За наводнување на обработливите површини во В.П "Средна и Долна Брегалница" изградени се системи за наводнување кои покриваат површина од 25.758 ha, а се предвидува нивно проширување на вкупно 49.069ha. При изработка на планската документација за селото површините за сите содржини треба да се бараат исклучиво на површини од послаби бонитетни класи, приоритет е заштитата на земјоделското земјиште и ограничување на неговата трансформација во неземјоделско земјиште.

Енергетика и енергетска инфраструктура

- **Планскиот опфат село Тркање, општина Кочани нема конфликт со постојните и планирани енергетски водови.**
- За новопредвидените градби потребно е да обезбеди сигурно и непрекинато снабдување со електрична енергија со напон кој ќе биде во дозволените граници.

Урбанизација и мрежа на населби

- Неопходно е почитување на определбите на Просторниот план во однос на дестимулација на проширување на градежното земјиште од една и поефикасно и порационално искористување на постојната ангажирана површина од друга страна;
- При изработка на урбанистичките планови на населбите, површините за сите урбани содржини треба да се бараат исклучиво во рамките на постојните урбани опфати, а надвор од овие рамки за исклучително

оправдани цели и потреби, на површини од послаби бонитетни класи (над IV категорија);

- Изградбата на викенд населби, стопански зони, земјоделски и други објекти со специфични намени да се насочува кон подрачја кои со планови и програми на општините ќе бидат определени за тие цели;
- Усогласување на густините на населеност, изграденост и спратност, со принципите на хумано живеење и рационално искористување на просторот и урбаните содржини согласно со сите видови на заштита.

Домување

- Основна определба на станбената изградба во областа на домувањето за **Урбанистички план за село Тркање, општина Кочани**, во планираниот период треба да биде реализација на зацртаните цели на концепцијата на домувањето во зависност од потребите и економските можности;
- Проекцијата на потребниот станбен простор за селото во планскиот период треба да се заснова на нормативите зацртани во ППРМ и тоа: 20 - 25 m^2/жител станбена површина, 40 - 80 m^2/стан (оптимална големина), 100% опременост на станот со инсталации и потполно елиминирање, односно замена на субстандардниот станбен фонд.

Јавни функции

- Организација на јавните функции, согласно планираната мрежа на населби, да поаѓа од постојната мрежа на јавните функции со запазување на пропишаните стандарди и нормативи согласно ППРМ, а под претпоставка дека идниот развој на овие функции ќе се развива во согласност со економските, институционалните и други промени кои се во тек.

Индустрија

- **Развојот на индустријата во одделните општини, особено помалите, се очекува да се остварува со градба на мали, флексибилни капацитети и поголема застапеност меѓу другото и на агроиндустрискиот сектор.**
- Концепцијата за развој и разместеност на индустријата утврдена со "Просторниот план на Република Македонија" е поставена врз основа на повеќе цели и плански определби кои треба да се имаат во предвид доколку со Урбанистичкиот план за селото се предвиди простор за локација на индустриски капацитети.
- **Индустријата која е двигател на развојот на вкупната економија има значајно влијание врз квалитетот на животната средина. Во услови на усвоената развојна парадигма на "одржлив" развој, напорите треба да се насочат кон суштествени промени во стратегијата и политиката за развој и просторна алокација на индустриски гранки засновани на принципите на еколошка заштита. Според филозофијата на одржлив развој, економскиот односно индустрискиот развој и заштитата на животната средина прават единствен систем. Одржливиот развој претставува алтернатива за загрозените природни и создадени вредности и за создавање на хумано општество и окружување. Разрешувањето**

на конфликтите во овој систем треба да почива на интеракција на релацијата простор и социо-економската компонента на развојот.

Сообраќајна инфраструктура

- Според Просторниот план на Република Македонија (2002 - 2020 г.) автопатската и магистрална патна мрежа релевантна за предметниот простор е:
- **М-5** - (Крстосница Подмоље-Охрид-Ресен-Битола-Прилеп-Велес-Бабуна-крстосница Отовица-Штип-Кочани-Делчево-БГ-Звегор), со (Крак Битола-крстосница Кукуречани-ГР-Меџитлија)
- Врз основа на **Одлуката за категоризација на државните патишта** („Службен весник на Република Македонија" број 133/11, 150/11 и 20/12) овој магистрален патен правец се преименува со ознаката:
- **А3** - (Крстосница Требениште-врска со А-2-крстосница Подмоље-Охрид-Косел-Ресен-Битола-Прилеп-Велес-Штип-Кочани-Делчево-граница со Бугарија-граничен премин Рамна Нива), делница Битола-крстосница Кукуречани-граница со Грција-граничен премин Меџитлија-делница Косел-врска со А-3-Охрид-граница со Албанија-граничен премин Љубаниште)
- **При планирање да се почитува заштитна зона на патот, согласно Законот за јавни патишта** („Службен весник на Република Македонија" број 84/08, 52/09, 114/09, 124/10, 23/11, 53/11, 44/12, 168/12, 163/13, 39/14, 42/14, 166/14, 44/15, 116/15 и 150/15).

Комуникациска мрежа

- Планскиот опфат за село Тркање, општина Кочани нема конфликт со постојните и планирани радиокомуникациски и кабелски електронско комуникациски мрежи.
- Преку кабелските електронски комуникациски мрежи, на крајните корисници треба да им се обезбеди сигурен пренос на јавни електронски комуникациски услуги со задоволување на одредени општи и посебни услови за квалитет, во согласност со Законот за електронските комуникации и препораките за обезбедување на одредено ниво на квалитет на пренос.

Заштита на животна средина

- **Со цел да се обезбеди заштита и унапредување на животната средина при изработката на Урбанистички план за село Тркање, општина Кочани, потребно е да се почитуваат одредбите пропишани во законската регулатива од областа на заштита на животната средина и подзаконските акти донесени врз нивна основа**.
- Да се внимава да не дојде до искористување на земјиштето на начин и обем со кој би се загрозиле неговите природни вредности.
- Потенцијалната ерозија на земјиштето треба да се спречи со што е можно побрзо завршување на земјените активности, покривање на околниот терен со вегетација и оградувања на нагибите.

- Да се уредат зелените површини во границите на планскиот опфат, со видови (автохтони) со висок биоакумулативен капацитет за евентуално присутните загадувачки материи во воздухот и почвата.
- Да се следи и контролира присуството на загадувачки материи во воздухот со цел да се одржи квалитетот на воздухот во граници на дозволените нивоа на емисии.
- Да се предвидат соодветни технички зафати за пречистување на отпадните води и имплементација на технологии кои ќе овозможат нивно повторно искористување за истата или друга намена.
- Да се контролира квалитетот на пречистените отпадни води пред испуштање во најблискиот реципиент, со цел да се усогласат вредностите на концентрацијата на материите присутни во пречистената отпадна вода со пропишаните гранични вредности на максимално дозволените концентрации на материите присутни во реципиентот.
- Да се превземат активности за намалување на бучавата и вибрациите од опремата, со цел да се избегнат негативните ефекти од бучавата и да се почитуваат пропишаните гранични вредности за дозволено ниво на бучава во животната средина.
- Организирано управување со отпадот со цел да се минимизира негативното влијание врз животната средина, животот и здравјето на луѓето. Создавачот и/или поседувачот на отпадни материи и емисии ги сноси сите трошоци за санација на евентуално предизвиканите нарушувања во животната средина.
- Да се избегне губење, модификација и фрагментација на живеалишта и прекумерно искористување на природните богатства, со цел да се намалат или целосно елиминираат негативните последици врз стабилноста на екосистемите.
- Да се изведуваат енергетски ефикасни објекти и да се применуваат најдобри достапни технологии во процесот на производство.

Заштита на природното наследство

- **Согласно Студијата за заштита на природното наследство, изработена за потребите на Просторниот план на Република Македонија, на просторот кој е предмет на разработка на Урбанистички план за село Тркање, општина Кочани, нема регистрирано ниту евидентирано природно наследство**.
- Доколку при изработка на Урбанистичкиот план за село или при уредување на просторот се дојде до одредени нови сознанија за природно наследство кое би можело да биде загрозено со урбанизацијата на овој простор, потребно е да се предвидат соодветни мерки за заштита на природното наследство согласно Законот за заштита на природата.

Заштита на културното наследство

- Доколку при изведувањето на земјаните работи се наиде на археолошки артефакти, односно дојде до откривање на материјални остатоци со културно-историска вредност, потребно е да се постапи во согласност со постоечката законска регулатива, односно веднаш да се

запре со отпочнатите градежни активности и да се извести надлежната институција за заштита на културното наследство.

- Согласно податоците од Експертниот елаборат за заштита на културното наследство и Археолошката карта на Р. Македонија **при изработка на планска документација од пониско ниво да се утврди точната локација на евидентираното културно наследство и во таа смисла да се применат соодветните плански мерки за заштита на истото**.

Туризам и организација на туристички простори

- Предметната локација за која што се наменети Условите за планирање, припаѓа на **Брегалнички туристички регион со 9 туристички зони и 29 туристички локалитети и е составен дел од простор со регионално значење.**
- **Согласно поставките на Концептот и критериумите за развој и организација на туристичката дејност, за непречен развој на вкупната туристичка понуда на ова подрачје, се препорачува, при идната организација на стопанските дејности да се почитуваат критериумите за заштита и одржлив економски развој.**

Заштита од воени разурнувања, природни и техничко-технолошки катастрофи

- **Локацијата за која се наменети условите за планирање на просторот за изработка на Урбанистички план за село Тркање, општина Кочани, се наоѓа во Простори со висок степен на загрозеност од воени дејства**. Според тоа во согласност со Законот за заштита и спасување, задолжително треба да се применуваат мерките за заштита и спасување.
- Задолжителна примена на мерки за заштита од пожар.
- **Анализираниот простор се наоѓа во подрачје каде се можни потреси со јачина до VIII степени по МКС**, што наметнува задолжителна примена на нормативно- правна регулатива, со која се уредени постапките, условите и барањата за постигнување на технички конзистентен и економски одржлив степен на сеизмичка заштита, кај изградбата на новите објекти.

ПЛАНСКА ДОКУМЕНТАЦИЈА

1. ВИД НА ПЛАН, НАЗИВ НА ПОДРАЧЈЕТО НА ПЛАНСКИОТ ОПФАТ, ПЛАНСКИ ПЕРИОД, ПОВРШИНА НА ПЛАНСКИОТ ОПФАТ И ОПШТИНА НА КОЈА ПРИПАЃА ПОДРАЧЈЕТО НА ПЛАНСКИОТ ОПФАТ

Предмет на договорот е изработка на Урбанистички план за село Тркање, КО Тркање, Општина Кочани.

Планската документација е изработена во согласност со Законот за Просторно и урбанистичко планирање (Службен весник на Република Македонија, број 199/14, 44/15, 193/15, 31/16 и 163/16). Согласно Член 7 и Член 12 пристапено е кон изработка на Урбанистички план за село.

Детален урбанистички план за село Тркање, со одлука број 08-5479/1 од 03.12.1987 година (со вкупна површина на плански опфат од 68,79ha), истиот не е во согласност со одредбите од Законот за просторно и Урбанистичко планирање. Согласно горе наведеното за предметниот план изработени се Услови за планирање на просторот со тех. Бр. Y09316 од Јануари 2016, за изработка на Урбанистички план за село Тркање, КО Тркање, Општина Кочани, кои произлегуваат од Просторниот план на Република Македонија, изработени од Агенцијата за планирање на просторот за кои е донесено и Решение, со арх.бр. УП1-15 73/2017 од 02.02.2017 год, од Министерството за животна средина и просторно планирање.

Вкупната површина на планскиот опфат изнесува 79.72 ha.

Подрачјето на планскиот опфат се наоѓа во КО Тркање и со својата местоположба припаѓа на територијата на Општина Кочани.

Планот е усогласен со најновата законска регулатива како што е: Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање (Службен весник на Република Македонија, број 142/15, 217/15, 222/15, 228/15, 35/16, 99/16, 134/16 и 33/17) и Правилникот за поблиска содржина, форма и начин на обработка на генерален урбанистички план, детален урбанистички план, урбанистички план за село, урбанистички план вон населено место и регулациски план на генерален урбанистички план, формата, содржината и начинот на обработка на урбанистичко – плански документации и архитектонско – урбанистичкиот проект и содржината, формата и начинот на обработка на проектот за инфраструктура (Службен весник на Република Македонија, број 142/15).

1.2 ПЛАНСКА ПРОГРАМА

Потреба од изработка на оваа планска документација на Урбанистички план за село Тркање, Општина Кочани се јави после одредени разговори со раководните структури на локалната самоуправа и дојдено е до констатација за потреба од изработка на оваа Урбанистичка документација заради побрза реализација на истата.

Со донесување на Програма за изработка на убанистички планови на територија на општина за 2017 год во која влегува и предметната изработка на урбанистички план , пристапено е кон изработка на Урбанистички план за село Тркање, Општина Кочани. Површината на опфатот на анализираниот простор на предметната измена е утврдена во согласност со Сектор за урбанизам и комунални дејности и заштита на животна средина и природата- Одделение за урбанизам, Општина Кочани и истата изнесува 79,72 ха.

2. ОПИС И ОБРАЗЛОЖЕНИЕ НА ПЛАНСКИОТ КОНЦЕПТ ЗА ПРОСТОРЕН РАЗВОЈ И ХАРМОНИЗАЦИЈА НА ПРОСТОРОТ НА ПОДРАЧЈЕТО ВО РАМКИТЕ НА ПЛАНСКИОТ ОПФАТ

Согласно програмските проекции на Општина Кочани и изработената Планска програма, со овој Урбанистички план за село се планираат наменски зони со следните основни класи на намени:

А1 – Домување во станбени куќи
В1 – Образование и наука (ПОУ „Никола Карев")
В2 – Здравство и социјална заштита (Детска градинка)
В4 – Државни институции (Месна заедница)
В5 – Верски институции (Православна црква Св. Никола)
Г2 – Лесна и незагадувачка индустрија
Д1 – Парковско зеленило
Д2 – Заштитно зеленило
Д3 – Спорт и рекреација
Д4 – Меморијални простори (Православни гробишта)
Е1 – Комунална инфраструктура (Сообраќајни коридори, речно корито и канал)
Е2 – Комунална супраструктура (трафостаници)

Површината на планскиот опфат е во голем дел е изградено земјиште, при што во постојна состојба доминираат градбите со основна класа на намена А1 – Домување во станбени куќи. Со планот се планираат наменски зони со кои се почитува оваа постојна состојба.

Планираната сообраќајна мрежа е усогласена со законската регулатива. Предвидени се сервисна улица и разгранета мрежа на станбени улици и пристапни улици преку кои се овозможува пристап до секоја катастарска парцела. Во најголема мера се почитувани постојните улични мрежи кои се задржуваат во планската документација и се регулира нивниот профил. Во однос на решавањето на проблемот на стационарниот сообраќај за сите класи на намени, потребите за паркирање за градежните парцели ќе се решаваат во рамките на сопствената парцела согласно член 59 од Правилникот за стандарди и нормативи за планирање на просторот (Службен весник на Република Македонија, број 142/15, 217/15, 222/15, 228/15, 35/16, 99/16, 134/16 и 33/17) како услов за градење при издавање на Одобрението за градење.

Урбанистичкиот план за село за овој простор треба да овозможи сообраќајно поврзување до секоја катастарска парцела.

Извршена е и поделба на блокови, чии што граници се движат по осовините на планираните улици и граници на наменски зони. Во рамките на опфатот формирани се 34 блокови.

3. ОПИС И ОБРАЗЛОЖЕНИЕ НА ПЛАНСКИТЕ РЕШЕНИЈА ЗА ИЗГРАДБА, НА НАМЕНСКАТА УПОТРЕБА НА ГРАДЕЖНОТО ЗЕМЈИШТЕ ПАРЦЕЛИРАНО ЗА ИЗГРАДБА, НА ГРАДЕЖНОТО ЗЕМЈИШТЕ ЗА ОПШТА УПОТРЕБА, СООБРАЌАЈНАТА И КОМУНАЛНАТА ИНФРАСТРУКТУРА

Со Урбанистичкиот план за цело Тркање, КО Тркање, Општина Кочани, со плански период 2017-2027, на предметниот локалитет се предвидуваат зони со класа на намена:

А – ДОМУВАЊЕ

А1 – Домување во станбени куќи

В – ЈАВНИ ИНСТИТУЦИИ

В1 – Образование и наука (ПОУ „Никола Карев")
В2 – Здравство и социјална заштита (Детска градинка)
В4 – Државни институции (Месна заедница)
В5 – Верски институции (Православна црква„ Св. Никола")

Г- ПРОИЗВОДСТВО, ДИСТРИБУЦИЈА И СЕРВИСИ

Г2 – Лесна и незагадувачка индустрија

Д – ЗЕЛЕНИЛО И РЕКРЕАЦИЈА

Д1 – Парковско зеленило
Д2 – Заштитно зеленило
Д3 – Спорт и рекреација
Д4 – Меморијални простори (Православни гробишта)

Е – ИНФРАСТРУКТУРА

Е1 – Комунална инфраструктура (Сообраќајни коридори, речно корито и канал)
Е2 – Комунална супраструктура (трафостаници)

Предвидениот концепт се надоврзува на постојната состојба, реалните потреби на крајните корисници и програмските проекции зададени од Општина Кочани.

Извршена е поделба на планскиот опфат на 34 блокови, кои претставуваат логични целини и чии што граници се движат по осовините на планираните улици и граници на наменски зони.

Планирани се наменски зони со одредени основни класи на намена, во склад со членовите 24 – 33 од Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање (Службен весник на Република Македонија, број 142/15, 217/15, 222/15, 228/15, 35/16, 99/16, 134/16 и 33/17).

Планирани се регулациони линии, како линии на разграничување помеѓу градежното земјиште за општа употреба и парцелирано градежно земјиште за поединечна употреба, а во сè во склад со членовите 13, 14 и 15 од Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко

планирање (Службен весник на Република Македонија, број 142/15, 217/15, 222/15, 228/15, 35/16, 99/16, 134/16 и 33/17).

Согласно Член 12 од Законот за Просторно и урбанистичко планирање (Службен весник на Република Македонија, број 142/15, 217/15, 222/15, 228/15, 35/16, 99/16, 134/16 и 33/17), не се утврдуваат градежни парцели и површини за градење, а катастарската парцела претставува градежна парцела.

3.1. ЕДИНИЦИ НА ГРАДЕЖНО ЗЕМЈИШТЕ

Планскиот опфат е дефиниран во 34 блокови кои се состојат од градежно земјиште за општа употреба и парцелирано градежно земјиште за поединечна употреба. Блоковите се планирани на начин да претставуваат логични целини, а нивните граници се движат по осовините на планираните улици и граници на наменски зони.

Сите блокови поединечно се нумерирани со арапска цифра.

Градежни парцели и површини за градење не се утврдуваат, а катастарската парцела претставува градежна парцела. По исклучок, при понатамошна разработка – преку изработка на архитектонско – урбанистички проекти можно е да се формираат градежни парцели од две или повеќе катастарски парцели или во рамките на една катастарска парцела може да се формираат две или повеќе градежни парцели, а во согласност со Член 12 и Член 51 од Законот за Просторно и урбанистичко планирање (Службен весник на Република Македонија, број 142/15, 217/15, 222/15, 228/15, 35/16, 99/16, 134/16 и 33/17).

3.2. КЛАСА НА НАМЕНИ

Со Планот се утврдени наменски зони со следните основни класи на намени:

А – ДОМУВАЊЕ

А1 – Домување во станбени куќи

В – ЈАВНИ ИНСТИТУЦИИ

В1 – Образование и наука (ПОУ „Никола Карев")

В2 – Здравство и социјална заштита (Детска градинка)

В4 – Државни институции (Месна заедница)

В5 – Верски институции (Православна црква„ Св. Никола")

Г- ПРОИЗВОДСТВО, ДИСТРИБУЦИЈА И СЕРВИСИ

Г2 – Лесна и незагадувачка индустрија

Д – ЗЕЛЕНИЛО И РЕКРЕАЦИЈА

Д1 – Парковско зеленило
Д2 – Заштитно зеленило
Д3 – Спорт и рекреација

Д4 – Меморијални простори (Православни гробишта)

Е – ИНФРАСТРУКТУРА
Е1 – Комунална инфраструктура (Сообраќајни коридори, речно корито и канал)
Е2 – Комунална супраструктура (трафостаници)

Класите на намени се впишани на самата наменска зона за секоја од нив поединечно.

Согласно Член 32 и Прилог 1 од Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање (Службен весник на Република Македонија, број 142/15, 217/15, 222/15, 228/15, 35/16, 99/16, 134/16 и 33/17), за наменските зони, одредени се и компатибилни класи на намена и тоа како што следи:

3.2.1. За сите наменски зони со основна класа на намена **А1** - Домување во станбени куќи, одредени се следниве компатибилни класи на намена:
- **Б1** – Мали комерцијални и деловни намени, со максимално дозволен процент на учество во однос на основната класа на намена од 30%,
- **В1** – Образование, со максимално дозволен процент на учество во однос на основната класа на намена од 30% и
- **В2** – Здравство и социјална заштита, со максимално дозволен процент на учество во однос на основната класа на намена од 30%,
- **Д3** – Спорт и рекреација, со максимално дозволен процент на учество во однос на основната класа на намена од 30%.
- **Б5** – Хотелски комплекси, со максимално дозволен процент на учество во однос на основната класа на намена од 5%,

Максимално дозволен процент на учество на збирот на компатибилните класи на намени во однос на основната класа на намена е 30%.

3.2.2. За сите наменски зони со основна класа на намена **В1** - Образование и наука, одредени се следниве компатибилни класи на намена:

- **Д3** - Спорт и рекреација, со максимален дозволен процент на учество во основната класа на намена од 20%

Максималниот дозволен процент на учество на збирот на компатабилни класи на намени во однос на основната класа на намена изнесува 20%.

3.2.3. За сите наменски зони со основна класа на намена **В2** – Здравство и социјална заштита, одредени се следниве компатибилни класи на намена:

- **Б5**- Хотелски комплекси. Максималниот дозволен процент на учество на единечна класа на намена во однос на основната класа на намена изнесува 20%.
- **Б1** - мали комерцијални и деловни единици, со максимален дозволен процент на учество во основната класа на намена од 20%
- **Д3** - Спорт и рекреација. Максималниот дозволен процент на учество на единечна класа на намена во однос на основната класа на намена изнесува 20%.
- **Б4** - Деловни простори, со максимален дозволен процент на учество во основната класа на намена од 20%

Максималниот дозволен процент на учество на збирот на компатабилни класи на намени во однос на основната класа на намена изнесува 20%.

3.2.4. За сите наменски зони со основна класа на намена **В4** – Државни институции одредени се следниве компатибилни намени:

- **Б1** - Мали комерцијални и деловни намени. Максималниот дозволен процент на учество на единечна класа на намена во однос на основната класа на намена изнесува 49%.
- **Б2** – Големи трговски единици. Максималниот дозволен процент на учество на единечна класа на намена во однос на основната класа на намена изнесува 49%.
- **Б3** – Големи угостителски единици. Максималниот дозволен процент на учество на единечна класа на намена во однос на основната класа на намена изнесува 49%.
- **Б4** - Деловни простори. Максималниот дозволен процент на учество на единечна класа на намена во однос на основната класа на намена изнесува 49%.
- **В3** - Култура. Максималниот дозволен процент на учество на единечна класа на намена во однос на основната класа на намена изнесува 49%.

3.2.5. За сите наменски зони со основна класа на намена **В5** - Верски институции, одредени се следниве компатибилни класи на намена:

- **Б5**- Хотелски комплекси. Максималниот дозволен процент на учество на единечна класа на намена во однос на основната класа на намена изнесува 10%.
- **Б1**-Мали комерцијални и деловни намени. Максималниот дозволен процент на учество на единечна класа на намена во однос на основната класа на намена изнесува 10%.
- **Д1**-Парковско зеленило. Максималниот дозволен процент на учество на единечна класа на намена во однос на основната класа на намена изнесува 10%.
- **Д3**- спорт и рекреација, со максимален дозволен процент на учество во основната класа на намена од 40%
- **Д4**-Меморијални простори. Максималниот дозволен процент на учество на единечна класа на намена во однос на основната класа на намена изнесува 49%.

Максимално дозволен процент на учество на збирот на компатибилните класи на намени во однос на основната класа на намена е 49%.

3.2.6. За наменската зона со основна класа на намена **Г2** – Лесна индустрија, одредени се следниве компатибилни класи на намена:

- **Б1**-Мали комерцијални и деловни намени. Максималниот дозволен процент на учество на единечна класа на намена во однос на основната класа на намена изнесува 30%.
- **Б2**-големи трговски единици, со максимален дозволен процент на учество во основната класа на намена од 30%
- **Б4**-Деловни простори. Максималниот дозволен процент на учество на единечна класа на намена во однос на основната класа на намена изнесува 10%.
- **В2** –Здравство и социјална заштита. Максималниот дозволен процент на учество на единечна класа на намена во однос на основната класа на намена изнесува 5%.
- **Д2**-Заштитно зеленило. Максималниот дозволен процент на учество на единечна класа на намена во однос на основната класа на намена изнесува 30%.
- **Д3** - спорт и рекреација, со максимален дозволен процент на учество во основната класа на намена од 30%
- **Д4**-Меморијални простори. Максималниот дозволен процент на учество на единечна класа на намена во однос на основната класа на намена изнесува 30%.

- **Г3** - Сервиси. Максималниот дозволен процент на учество на единечна класа на намена во однос на основната класа на намена изнесува 30%.
- **Г4**- Стоваришта. Максималниот дозволен процент на учество на единечна класа на намена во однос на основната класа на намена изнесува 30%.

Максимално дозволен процент на учество на збирот на компатибилните класи на намени во однос на основната класа на намена е 49%.

При изработка на архитектонско урбанистички проект или основен проект да се планира и реализира заштитно зеленило во склоп на градежната парцела, со застапеност од мин 15%, односно на страна со граница со наменска зона А-домување да се испланира појас од заштитно зеленило со димензија од 5,0м.

3.2.7. За сите наменски зони со основна класа на намена **Д1**– Парковско зеленило, одредени се следниве компатибилни класи на намена:

- **Б1**-Мали комерцијални и деловни намени. Максималниот дозволен процент на учество на единечна класа на намена во однос на основната класа на намена изнесува 10%.
- **Д3**-Спорт и рекреација, со максимален дозволен процент на учество во основната класа на намена од 10%

Максималниот дозволен процент на учество на збирот на компатабилни класи на намени во однос на основната класа на намена изнесува 10%.

3.2.8. За сите наменски зони со основна класа на намена **Д2–** Заштитно зеленило, нема одредено компатибилни класи на намена.

3.2.9. За наменската зона со основна класа на намена **Д3** – Спорт и рекреација, одредени се следниве компатибилни класи на намена:

- **А4 –** Времено сместување. Максималниот дозволен процент на учество на единечна класа на намена во однос на основната класа на намена изнесува 20%.
- **Б1**-Мали комерцијални и деловни намени. Максималниот дозволен процент на учество на единечна класа на намена во однос на основната класа на намена изнесува 10%.
- **Б2**-големи трговски единици, со максимален дозволен процент на учество во основната класа на намена од 30%
- **Б3** – Големи угостителски единици, со максимален дозволен процент на учество во основната класа на намена од 10%
- **Б4**-Деловни простори, со максималниот дозволен процент на учество на единечна класа на намена во однос на основната класа на намена изнесува 10%.
- **Б5** – Хотелски комплекси, со максималниот дозволен процент на учество на единечна класа на намена во однос на основната класа на намена изнесува 20%.
- **Б6** – Градби за собири, со максималниот дозволен процент на учество на единечна класа на намена во однос на основната класа на намена изнесува 30%.
- **Д1** –Парковско зеленило, со максималниот дозволен процент на учество на единечна класа на намена во однос на основната класа на намена изнесува 40%.

Максималниот дозволен процент на учество на збирот на компатабилни класи на намени во однос на основната класа на намена изнесува 40%.

3.2.10. За сите наменски зони со основна класа на намена **Д4–** Меморијални простори, одредени се следниве компатибилни класи на намена:

- **В5** –Верски институции. Максималниот дозволен процент на учество на единечна класа на намена во однос на основната класа на намена изнесува 40%.

  Максималниот дозволен процент на учество на збирот на компатабилни класи на намени во однос на основната класа на намена изнесува 40%.

  Овој систем на основни класи на намени и компатибилни класи на намени се спроведува при реализација, при изработка на основни проекти во случаите кога градежна парцела претставува катастарската парцела, но и во случаите кога се формираат градежни парцели и површини за градење со изработка на архитектонско – урбанистички проекти.

За сите наменски зони со основна класа на намена **А1** – Домување во станбени куќи, при реализација, односно при изработка основни проекти кога катастарската парцела претставува градежна парцела и при изработка на архитектонско – урбанистички проекти со кои се дефинираат градежни парцели, дозволени се следниве урбанистички параметри:

- максимален процент на изграденост е 70%,
- максимален коефициент на искористеност е 2,80,
- максимална височина до хоризонталниот венец на градбите изнесува 10,20m и
- максимална катност на градбите е П+2+Пк.

За наменска зона со основна класа на намена **В1 –** Образование и наука**, В2,** Здравство и социјална заштита, **В4** – Државни институции и **В5 –** Верски институции при реализација, односно при изработка основни проекти кога катастарската парцела претставува градежна парцела и при изработка на архитектонско урбанистички проекти со кои се дефинираат градежни парцели, дозволени се следниве урбанистички параметри:

- максимален процент на изграденост е 70%,
- максимален коефициент на искористеност е 2,10,
- максимална височина до хоризонталниот венец на градбите изнесува 10,20m и
- максимална катност на градбите е П+2.

За наменската зона со основна класа на намена **Г2 –** Лесна и незагадувачка индустрија, **Д4 –** Меморијални простори, при реализација, односно при изработка основни проекти кога катастарската парцела претставува градежна парцела и при изработка на архитектонско – урбанистички проекти со кои се дефинираат градежни парцели, дозволени се следниве урбанистички параметри:

- максимален процент на изграденост е 70%,
- максимален коефициент на искористеност е 2,10 и
- максимална височина до хоризонталниот венец на градбите изнесува 12 m и
- максимална катност на градбите е П+2.

За наменската зона со основна класа на намена **Д1 -** Парковско зеленило, при реализација, односно при изработка основни проекти кога катастарската парцела претставува градежна парцела и при изработка на архитектонско – урбанистички проекти со кои се дефинираат градежни парцели, дозволени се следниве урбанистички параметри:

- максимален процент на изграденост е 70%,

- максимален коефициент на искористеност е 2,10 и
- максимална височина до хоризонталниот венец на градбите изнесува 3,5 m и
- максимална катност на градбите е П.

За наменската зона со основна класа на намена **Д3** – Спорт и рекреација, при реализација, односно при изработка основни проекти кога катастарската парцела претставува градежна парцела и при изработка на архитектонско – урбанистички проекти со кои се дефинираат градежни парцели, дозволени се следниве урбанистички параметри:

- максимален процент на изграденост е 70%,
- максимален коефициент на искористеност е 2,10 и
- максимална височина до хоризонталниот венец да се одреди со основниот проект.

За наменската зона со основна класа на намена **Е2 –** Комунална супструктура (трафостаници), при реализација, односно при изработка основни проекти кога катастарската парцела претставува градежна парцела и при изработка на архитектонско – урбанистички проекти со кои се дефинираат градежни парцели, дозволени се следниве урбанистички параметри:
- максимален процент на изграденост е 100%,
- максимален коефициент на искористеност е 1,00 и
- максимална височина до хоризонталниот венец на градбите изнесува 4 m и
- максимална катност на градбите е П.

При реализација на градбите ја искористуваат можноста за реализација со основна класа на намена различна од основната класа на намена на наменската зона кон која припаѓаат и се повикуваат на горенаведените дозволени основни класи на намена, задолжителна е изработка на архитектонско – урбанистички проект согласно член 51 од Законот за Просторно и урбанистичко планирање (Службен весник на Република Македонија, број 142/15, 217/15, 222/15, 228/15, 35/16, 99/16, 134/16 и 33/17), со кој ќе се формира градежна парцела и површина за градење. При тоа, максимално дозволен процент на изграденост е 70%, максимално дозволен коефициент на искористеност на градежната парцела е 2,80, максимална дозволена височина е 10,20m до хоризонталниот венец на градбите и максимална катност е П+2+Пк.

Процентот на озеленетост во рамките на парцелите од сите наменски зони потребно е да изнесува минимум 5%.

3.3. СООБРАЌАЈНО РЕШЕНИЕ

Планираната улична мрежа е поставена врз основа на постојната состојба на уличната мрежа која моментално го опслужува сообраќајот како и претпоставените токови на движење на моторниот и пешачкиот сообраќај а според урбанистички поставената организација на просторот со намена на површини и функции кои ќе егзистираат во истиот за предвидениот плански период.

Во планскиот опфат се планирани сервисни, станбени и пристапни улици, исто така е важно да се напомене дека покрај планскиот опфат поминува и Експресниот пат – А3, Делница

Штип – Кочани, пристапот кон селото од јужната страна, односно од страната на Експресниот пат – А3, е преку подвожњак кој води до сервисната улица Гоце Делчев, односно кон село Тркање и во обратен правец кон село Горни Подлог (Согласно предходно усвоениот проект за Инфраструктура за изградба на Експресен пат А3 Делница Штип – Кочани).



Вкупната површина на опфатот изнесува 79,72 ha, од која 12,21 ha припаѓаат на инфраструктура или 15,31%.

Комплетна сообраќајна сигнализација на уличната мрежа, како вертикална и хоризонтална, треба да се изведе согласно прописите од областа на сообраќајот.

Радиусите и кривините на уличната мрежа се планирани адекватно со сообраќајните прописи и се стандардни. Комплетната сообраќајна сигнализација на уличната мрежа, како верикална така и хоризонтална, треба да е изведена согласно прописите од областа на сообраќајот.

Во однос на решавањето на проблемот на стационарниот сообраќај за сите класи на намени, потребите за паркирање ќе се решаваат во рамките на сопствената парцела, како услов за градење при издавање на одобрение за градење, согласно Член 59 од Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање (Службен весник на Република Македонија, број 142/15, 217/15, 222/15, 228/15, 35/16, 99/16, 134/16 и 33/17).

Пресметката за обезбедување на доволен број на паркинг места се утврдува според следните нормативи:

А1 – Домување во станбени куќи:

- За станбени куќи по едно паркинг место на една станбена единица;

В1 – Образование и наука

- За основно образование;
  - 1 паркинг место на секои 100 м2 вкупно изградена површина;

В2 – Здравство и совијална заштита

- За социјални установи и детски градинки
  - 1 паркинг место на секои 120 м2 вкупно изградена површина;

В4 – Државни институции

- 1 паркинг место на 80 м2 од вкупно изградена површина;

В5 – Верски институции

- Потребниот број паркинг места се утврдува со проектна документација во зависност од потребите на градбата;

Г2 – Лесна и незагадувачка индустрија

- Потребниот број паркинг места се утврдува со проектна документација во зависност од потребите за градба;

Д1 – Парковско зеленило

- Потребниот број паркинг места се утврдува со проектна документација во зависност од потребите за градба;

Д2 – Заштитно зеленило

- Не се предвидува паркинг места за оваа намрена;

Д3 – Спорт и рекреација

- Потребниот број паркинг места се утврдува со проектна документација во зависност од потребите за градба;

Д4 – Меморијални простори

- Потребниот број паркинг места се утврдува со проектна документација во зависност од потребите за градба.

Димензионирањето на групните паркиралишта во градежните парцели и градбите се врши на тој начин што на вкупниот број паркинг места се планираат минимум 3% паркинг места за инвалиди. На паркиралишта со помалку од 20 места се предвидува минимум едно паркинг место за инвалиди. Паркинг местата за инвалиди да се димензионираат согласно Член 38 од Правилникот за начинот на обезбедување на непречен пристап, движење, престој и работа на лицата со инвалидност до и во градбите (Службен весник на Република Македонија, број 25/10).

3.4. НИВЕЛМАНСКО РЕШЕНИЕ

Со изработка на урбанистичкиот план за село, пристапено е кон изработка на нивелациско решение за истиот локалитет. Предмет на изработка на нивелманското решение е изработка на вертикално решение на пристапните сообраќајници.

Појдовна основа за изработка на вертикалното решение е постојната нивелета и постојниот терен на локалитетот. Во најголема мерка се почитува природниот пад на теренот.

Подолжните наклони на сите сообраќајници се движат во границите на дозволените.

3.5. ЕЛЕКТРОЕНЕРГЕТСКА И ТЕЛЕКОМУНИКАЦИСКА ИНФРАСТРУКТУРА

Вкупната површина на опфатот изнесува 79.72 ha.

За земјиштето со намена домување, електричната мрежа и потребата од едновремена ел. снага се димензионира според следните електроенергетски параметри:

$P_{en1} = f_n \times P_e \times n = 0.17*13*1225 = 2707$ KW

$f_n = f\sim + \frac{1-f\sim}{\sqrt{n}}$

$f_n = 0.15+0.02 = 0.17$

$$f_n = f\sim + \frac{1-f\sim}{\sqrt{n}}$$

каде P_{en1} - вкупна едновремена ел. снага за „n" станови
P_e - едновремена ел. снага за просечен стан Pe' = 13kW
f~ - фактор на едновременост, за бесконечен број на станови f~=0,15
f_n - коефициент на едновременост за „n" станови
n - број на станови,

За останатите предвидени функции едновремената ел. снага за новопредвидените објекти се димензионира според следните електроенергетски параметри со напомена дека се предвидени максимални површини за градба и тоа претставува максимален капацитет на просторот во моментот:

- за производно – дистрибутивни функции 0,12kW/m²

Антиципираната бруто развиена површина на градбите со производно – дистрибутивни функции изнесува 4591m².

Едновремената ел. снага за нив изнесува Pen2 = 1821kW.

Вкупната едновремената ел. снага изнесува: Pen = Pen1+Pen2 = 1770Kw

Бројот на трафостаници се одредува за ТС опрема со енергетски маслен трансформатор од 630kVA и лоцирани во тежиштето на конзумот.

$$\eta_{tr} = \frac{\Sigma P_{en}}{S_{tr}} = \frac{15178}{630 \times 0{,}75} = 9.57 = 10 \text{ трафостаници}$$

Кабловското напојување со средно напонса и нисконапонска електрична мрежа ќе се определи и ќе се развива во понатамошниот тек на разработка на техничката документација, односно при изработка на разработка на блок, проекти за инфраструктура, архитектонско – урбанистички проекти и идејни и основни проекти за електрична мрежа.

Поврзувањето на трафостаниците е планирано со подземни средонапонски електроенергетски водови, планирани долж уличната мрежа.

Постојниот воздушен среднонапонски 10kV вод, со кој е поврзан на веќе постоечките трафостаници во селото, во планскиот период 2018 – 2028 се задржува. На истиот е планирана заштитна зона (по 3,5m од обете страни на далноводот), во која зона не е дозволена градба на објекти кои не се во функција на самиот далновод.

УЛИЧНО ОСВЕТЛУВАЊЕ

Сообраќајници во локалитетот по поглед на светлотехничките параметри се класифицираат во следните класи:

- класа „B-2", споредни, локални
- класа „B", паркинг простори

За овие класи на сообраќајници се препорачуваат следните светлотехнички параметри.

„B-2" (C)

- сјајност на коловозот L_m=1-1,5cd/m²
- средна погонска осветленост E_{sr} = 15-25Lx
- просечна рамномерност jr = 40%
- висина на монтажа на светилките H=8m
- светлосен извор VTFE-250W
- начин на поставување еднореден

„B" - паркинг простори

- средна погонска осветленост E_{yg} = 10-20Eh
- просечна рамномерност jr = 25%
- висина на монтажа на светилките N= 8(10) (m)
- светлосен извор VTFE - 250W

начин на поставување двореден (еднореден).

ТЕЛЕКОМУНИКАЦИСКА ИНФРАСТРУКТУРА

Согласно добиеното писмо од Македонски Телеком АД Скопје, со арх.бр. 409212/1 од 20.11.2017 година и согласно добиеното писмо од АЕК, со арх. бр. 1404-2815/2 од 14.11.2017 година во границите на планскиот опфат има постојни подземни инсталации ТК кои се вметнати во графичкиот прилог.

Македонски телеком АД Скопје за своите корисници обезбедува широк опсег на услуги како што се: говорни услуги (вклучувајќи услуги со додадена вредност), услуги за пренос на податоци, пристап до Интернет, мобилни телекомуникациски услуги, јавни говорници. Комуникациските услуги се обезбедуваат врз основа на добро воспоставената комуникациска мрежа со примена на најсовремени технологии.

1. Предмет на ова Одобрување е:
   Попречни подземни премни на канализациони цевки со дупчење под девијацијата на регионалниот пат Р2342 (Р-534) **и под експресниот пат Штип-Кочани во градба во заштитна челична цевка Ф 610 мм во која се поставува канализационата цевка PP DN 315 и нивно подолжно водење покрај експресниот пат Штип-Кочани.**
2. Предметот на ова Одобрување треба да биде изведен на Регионален пат:
   Р2342 (Р-534), Тркање (врска со А3)-Соколарци-Пишица (врска со Р1205)
   Експресен пат: Штип-Кочани, во градба
3. Делница: Штип-Кочани,
   стационажи за на попречните премини: на Р2342 (Р-534) км. 0+486,80 и на експресниот пат на км. 26+378,74 (стационажа од магистралниот пат А3 км. 244+875)
   стационажи за подолжно водење: од км.26+378,72 до км.26+591,94, со должина L=213м.
4. Краток опис, местоположбата и основни податоци:
   - Нема

Појаснување за Делот III и Делот IV од ова Одобрување:
Со **Делот III** (Општи услови за изведување на работите и користење во периодот на важноста на Одобрувањето) и **Делот IV**(Посебни услови за изведување на работите и користење во периодот на важноста на Одобрувањето) **дефинирани** се условите за изведување на работите и користењето согласно ова Одобрување, при што:

- **сите услови пропишани во Делот III** (Општи услови за изведување на работите и користење во периодот на важноста на Одобрувањето), **кои не се изменети, дополнети или избришани во делот Делот IV**(Посебни услови за изведување на работите и користење во периодот на важноста на Одобрувањето) **остануваат во важност.**
- со **Делот IV** (Посебни услови за изведување на работите и користење во периодот на важноста на Одобрувањето) **се менуваат, дополнуваат или бришат услови пропишани во Делот III** (Општи услови за изведување на работите и користење во периодот на важноста на Одобрувањето),
- Условите **пропишани во Делот IV** (Посебни услови за изведување на работите и користење во периодот наважноста на Одобрувањето) **имаат предимство** во однос

на условите пропишани во **Делот III** (Општи услови за изведување на работите и користење во периодот на важноста на Одобрувањето),

- Сите услови и обврски пропишани кон Корисникот на ова Одобрување претставуваат услови и обврски кон Сопственикот на предметот на ова Одобрување.

Дел III. Општи услови за изведување на работите (поставување на инсталацијата) и користење во периодот на важноста на Одобрувањето

III.а. Општи услови за изведување на работите

1. Сите трошоци за изведување на работите ги сноси Корисникот на Одобрувањето.
2. Рокот за изведување на работите е дефиниран во **Дел IV.а.** (Посебни услови за изведување на работите)
3. Работите треба да ги изведува Изведувач кој има потребно искуство, квалификации, опрема, овластувања и лиценци за изведување на оваков вид на работи.
4. Работите да се изведат во согласност со:
   (i). Условите дефинирани со ова Одобрување,
   (ii). Поднесеното Барање и приложената документација, наведена во **Дел V** (Документација врз основа на која е издадена оваОдобрување),
   (iii). Записникот од теренскиот увид наведен во **Дел V** (Документација врз основа на која е издадена оваОдобрување),
   (iv). Законската регулатива,
   (v). Други услови дефинирани во **Дел IV.а.** (Посебни услови за изведување на работите)
5. Работите треба да се изведуваат согласно важечките технички прописи и стандарди, вклучувајќи ги и нормативите поврзани со заштитата на животната средина, користење на атестирани материјали со потребен квалитет и друго.
6. Корисникот на ова Одобрување, на своја сметка, пред да започне со било какви припреми или изведување на работите ќе ги реши потребните имотно правни прашања со сопствениците или корисниците на земјиштето на локацијата на која треба да се изведуваат работите. Корисникот е единствено одговорен и ги прифаќа сите обврски, одговорност или оштетни побарувања од трети лица по сите прашања поврзани со имотно правните работи за потребите на овој Проект.
7. Корисникот на ова Одобрување, на своја сметка, пред да започне со било какви припреми или изведување на работите ќе ги обезбеди сите потребни одобренија, согласности и дозволи од надлежните институции за изведување и користење на предмето на Одобрувањето.
8. Во текот на изведување на работите, Изведувачот не смее да го зафаќа патот, објектите и опремата на патот, како и целиот патен и заштитен појас со било каков градежен материјал, опрема и механизација и сл. По завршување на работите сите непотребни материјали треба да бидат отстранети од локацијата. Вишокот на ископана земја, градежниот шут или отпад треба да бидат транспортирани и депонирани во најблиската легална депонија.
9. Корисникот на Одобрувањето е одговорен и е должен работите да ги изведува крајно внимателно, односно со својата работа да не причини никакви штети на туѓ имот кој е

во патниот или заштитниот појас. Надоместот за било какви причинети штети на патот, на околниот имот или животната средина, кои ќе настанат поради неорганизираност, немарност, нестручност, невнимание, загадување и други причини за кои е одговорен Корисникот ќе бидат на негова сметка. Соодветно, Корисникот на Одобрувањето е единствено одговорен и за сите останати законски последици кои ќе произлезат од изведувањето на работите.

10. Корисникот на Одобрувањето е одговорен и должен да ги превземе и спроведе сите технички и заштитни мерки и услови, и е единствено одговорен, за безбедоноста и сугурноста на целокупната работна рака вклучена во изведувањето на работите, кои се пропишани со важечките закони, стандарди и правилници. Соодветно Корисникот ќе обезбеди соодветни осигурувања за целиот персонал и работна рака вклучена во реализација на работите.
11. Работите треба да се изведуваат под сообраќај без попречување на постојниот режим на сообраќајот, освен ако тоа не е поинаку дефинирано во **Дел IV.a**. (Посебни услови за изведување на работите).

    Корисникот на Одобрувањето е целосно одговорен за превземање на сите потребни мерки и исполнување на сите услови за обезбедување на сигурен и непрекинат сообраќај на постојниот пат за цело време на изведување на работите, при што Јавното претпријатие за државни патишта не сноси никаква одговорност во врска со истото.

    Во случај ако изведувањето на работите условува изменет режим на сообраќајот, Корисникот на Одобрувањето:

    (i). е должен навремено да ги изготви сите потребни документи и планови и да ги добие или обнови сите потребни согласности и одобренија од надлежните државни органи за изменет режим на сообраќајот кои се неопходни за непречено и континуирано изведување на работите,

    (ii). ќе ја обезбеди, постави и одржува целокупната сообраќајна сигнализација и опрема за цело време на важноста на изменетиот режим на сообраќајот, при тоа целосно почитувајќи ги и спроведувајќи ги условите од согласностите и одобренијата од надлежните органи,

    (iii). секогаш кога се планира измена на режимот на сообраќајот на постојниот пат поради изведување на работите, навремено ќе ја извести јавноста и учесниците во сообраќајот преку електронските и печатени медиуми,

    (iv). ја сноси целокупната одговорост за сите причинети штети и оштетни побарувања од трети лица кои се должат на негови пропусти да обезбеди сигурен, непрекинат и безбеден сообраќај за целиот период на изведување на работите, до нивниот технички прием,

12. Контрола од страна на Јавното претпријатие

    (i). За исполнување на условите наведени во ова Одобрување, Јавното претпријатие за државни патишта ќе ангажира стручно лице кое ќе биде присутно и ќе го надгледува и контролира извршувањето на работите. Ангажираното стручно лице има овластување:

    - континурано да го следи извршување на работите,
    - да издава налози на Корисникот на Одобрувањето со кои ќе бидат во целост почитувани и спроведени пропишаните услови,
    - да учествува во техничкиот преглед на изведените работи,

- да ги стопира работите во случај ако Корисникот не се придржува кон пропишаните услови,
- да ги стопира работите за да се спречат или минимизираат можни штети на патот, патниот појас, имотот на трети лица, или нарушување на безбедноста на сообраќајот и сл.,
- да предложи на Јавното претпријатие за државни патишта Одобрувањето да биде повлечено,
- други работи дефинирани во **Дел IV.а.** (Посебни услови за изведување на работите).

(ii). Трошоците за ангажирањето на стручното лице ќе бидат на сметка на Корисникот на Одобрувањето.

(iii). Корисникот на Одобрувањето нема да попречува и ќе овозможи непречен пристап во секое време на стручното лице, и на други лица назначени од Јавното претпријатие за државни патишта, до локацијата каде се изведуваат работите и до целокупната документација која се однесува на ова Одобрување.

13. Технички преглед на изведените работи:
По завршување на целокупните работи, локацијата на која се изведени работите треба да биде детално очистена од материјали, градежен отпад, опрема и друго, што е предуслов за вршење на технички преглед. Техничкиот преглед го извршуваат претставници на Корисникот на Одобрувањето и ангажираното стручното лице, а по потреба и други претставници назначени од Јавното претпријатие, при што се изготвува и потпишува Записник кој содржи краток опис на изведените работи, отстапувањата во однос на издаденото Одобрување, работи кои треба да бидат довршени, во кој рок и слично. Кон Записникот од техничкиот преглед треба да биде приложена и техничка скица со точна вцртана местоположба на предметот на Одобрувањето во однос на патот. Еден оригинален примерок од Записникот за технички преглед (со сите прилози) се доставува до Јавното претпријатие за државни патишта.
Записникот од Техничкиот преглед не го ослободува Корисникот на ова Одобрување од надомест на било какви штети причинети врз патот, патниот и заштитниот појас во текот на користењето на инсталацијата и важноста на Одобрувањето.

14. а) Јавното претпријатие ќе ги стопира работите и ќе го повлече Одобрувањето, ако Корисникот на Одобрувањето:
(i). Не се придржува кон условите наведени во Одобрувањето,
(ii). Не ги почитува налозите издадени од стручното лице одредено од Јавното претпријатие за државни патишта,
(iii). Не ги изведе и комплетира работите во дадениот рок, вклучувајќи го и рокот во кој ќе биде толерирано доцнење и кој е наведен **Дел IV.а.** (Посебни услови за изведување на работите),
(iv). Не се изврши технички преглед на работите, не биде изготвен Записник од техничкиот преглед, или Записникот не биде доставен до Јавното претпријатие за државни патишта,
(v). во други случаи пропишани со Одобрувањето и со законската регулатива.

б) Во случај ако Одобрувањето биде повлечено, Корисникот ќе ги надомести сите трошоци и штети кои ги претрпело Јавното претпријатие за државни патишта или трети лица, вклучувајќи:

(i). штети на патот и штети во патниот и заштитниот појас,
(ii). трошоци за доведување на локацијата во првобитна состојба,
(iii). трошоци и штети предизвикани кон трети лица,
(iv). штети предизвикани од загрозување на безбедноста на сообраќајот,
(v). други штети предизвикани од Корисникот на Одобрувањето.

15. Трошоци кои ги надоместува Корисникот пред издавање на Одобрувањето:
    (i). надомест за издавање на ова Одобрување,
    (ii). трошоци за извршување на теренски увид и изготвување на Записник од теренскиот увид,
    (iii). трошоци за ангажирање на стручно лице кое ќе го надгледува и контролира извршувањето на работите согласно ова Одобрување.
    (iv). други трошоци дефинирани во **Дел IV.а.** (Посебни услови за изведување на работите).

    Висината на овие трошоци ги одредува Јавното претпријатие за државни патишта. Пресметаните трошоци Корисникот треба да ги уплати на жиро сметка на Јавното претпријатие за државни патишта пред издавање на Одобрувањето.
16. Други услови наведени во **Дел IV.а.** (Посебни услови за изведување на работите).

III.6. Општи услови за користење во периодот на важноста на Одобрувањето

1. **Ова Одобрување има времен карактер.**
   Согласно Законот за јавните патишта, Јавното претпријатие за државни патишта е надлежно за комплетно финансирање, проектирање, изградба, реконструкција, одржување и заштита на државните патишта, како и други работи поврзани со управувањето на државните патишта. Во наредниот период се планираат значителни активности на државните патишта, вклучувајќи изградба на нови, или реконструкција и подобрување на постојните државни патишта и објектите на нив. Во тој правец Јавното претпријатие за државни патишта, преку стратегијата за развој, како и петтогодишните и годишните планови и програми ќе направи напор да ја подобри постојната патна инфраструктура која ќе опфати значителни и сериозни инвестициони активности, што може да услови измени и во делот на поставените инсталации.
2. Јавното претпријатие за државни патишта ќе го повлече ова Одобрување пред истекот на неговата важност, наведена во **Дел V** (Општо), без обврска за надомести на било какви штети на Корисникот, во следните случаи:
   (i) доколку со Годишните програма се планирани активности за изведување на градежни работи кои се однесуваат на изградба, реконструкција, одржување, или заштита на патот со кои ќе се подобрат градежно-техничките и сообраќајно-безбедностите услови на овој патен правец. Во оваков случај Јавното претпријатие за државни патишта ќе го повлече ова Одобрување, со претходно писмено известување до Корисникот на Одобрувањето, во рок дефиниран во **ДелIV.б.** (Посебни услови за користење во текот на важноста на Одобрувањето). Во овој период Корисникот на Одобрувањето има обврска да ја

дислоцира, или да ја означи точната местоположба (во зависност од потребата) на својата инсталација за да овозможи несметано изведување на планираните градежни работи. Во случај на повлекување на ова Одобрување, трошоците за таквата дислокација се на сметка на Корисникот на Одобрувањето. Доколку во тој период Корисникот не успее да ја дислоцира својата инсталација, ќе се смета дека Јавното претпријатие нема никакви обврски кон Корисникот на Одобрувањето, а работите ќе ги изведува согласно планираната динамика без обврски за надомест на било какви оштетни побарувања предизвикани од изведување на градежните работи на патот или објектите на патот.

(ii) доколку со користењето на предметната инсталација се предизвикуваат неповолни влијанија врз животната средина или безбедоста на сообраќајот и здравјето на луѓето, констатирано од надлежни државни органи или доколку други надлежни државни институции или инспекциски органи донесат соодветно решение за тоа,

(iii) доколку Корисникот не ги отстранува навремено недостатоците кои ќе бидат евидентирани и констатирани од Јавното претпријатие за државни патишта или други државни или инспекциските органи,

(iv) доколку не ги исплати причинетите штети, кон Јавното претпријатие за државни патишта и кон трети лица, а кои се предизвикани од користењето или неповолното влијание на предметната инсталација,

(v) во случај ако Корисникот односно сопственикот на ова Одобрување падне во стечај или ликвидација,

(vi) ако Корисникот на ова Одобрување или сопственик на инсталацијата, односно предметната инсталација биде превземена од друг корисник или сопственик, доколку новиот Корисник претходно не обезбеди ново Одобрувањето на свое име,

(vii) во случај ако Корисникот не ги исполни условите наведени во наредната точка 3 од овој Дел III.6.

(viii) доколку Корисниот на Одобрувањето навремено не ги подмирува надоместоците за користење,

(ix) други случаи дефинирани во **Дел IV.6.** (Посебни услови за користење во текот на важноста на Одобрувањето).

3. Условите за користење дефинирани со ова Одобрување, во текот на неговата важност, може да претрпат измени и дополни:

(i) во случај на измена на законската регулатива со која се регулира предметната област или се менуваат условите.

(ii) измена на технички услови, прописи и стандарди со кои се зголемува сигурноста, безбедности и заштитата, или кои се задолжителни за користење и примена.

(iii) во други случаи дефинирани во **Дел IV.6.** (Посебни услови за користење во текот наважноста на Одобрувањето).

Трошоците за исполнување на барањата предизвикани од изменетите услови се на сметка на Корисникот. На барање на Јавното претпријатие Корисникот е должен истите да ги спроведе во рокот дефиниран во **Дел IV.6.** (Посебни услови за користење во текот на важноста на Одобрувањето).

4. Корисникот кој нема важечко Одобрување или важноста на Одобрувањето е истечена, а истото не е обновено, Јавното претпријатие нема обврска да го информира за било какви активности на државните патишта, а настанатите штети кои ќе ги претрпи тој Корисник ќе бидат на негова сметка.
5. Доколку во текот на важноста на ова Одобрување дојде до оштетување на патот или патното земјиште, или штети на трети лица предизвикани од предметот на ова Одобрување, сите трошоци за поправка и санирање на тие штети ќе бидат на сметка на Корисникот.
6. Доколку дојде до неповолни влијанија и бидат причините штети на животната средина предизвикани од користењето на предметот на ова Одобрување, трошоците за санирање на тие штети и последици ќе ги надомести Корисникот на Одобрувањето.
7. Доколку во текот на користењето, Корисникот на Одобрувањето има потреба за одржување или интервенција на предметот на ова Одобрување, Јавното претпријатие треба да биде писмено известено за тоа во рокот кој е дефинирано во **Дел IV.6.** (Посебни услови за користење во текот на важноста на Дозволата), освен во случаи кога итноста на таа интервенција не го дозволува тоа, а известувањето може да биде и во пократок временски период. Доколку при одржувањето или интервенцијата бидат предизвикани било какви штети кон Јавното претпријатие, односно патната инфраструктура или трети лица, Корисникот на Одобрувањето истите ќе ги надомести во целост на своја сметка. Корисникот, пред да започне со било какво одржување или интервенција на инсталацијата е единствено и целосно одговорен да ги превземе и спроведе сите потребни мерки поврзани со прашањата на безбедноста на сообраќајот и безбедноста на работната рака вклучена во извршувањето на работите.
8. Јавното претпријатие за државни патишта не сноси никаква одговорност за надомест на било какви претрпени штети врз предметот на ова Одобрување, кои би настанале поради оштетувања од сообраќајот и сообраќајното оптоварување на патот, одрони, клизишта, елементарни непогоди, работи на патот и користење на тешка градежна механизација поради изградба, реконструкција и одржување на патот, виша сила, трошоци и давачки кои може да бидат наметнати од концесионери на патот, штети причинети од трети лица и др.
9. Јавното претпријатија за државни патишта не сноси никаква одговорност за надомест на било какви претрпени штети, изгубена добивка или било какви други надоместоци, доколку предметната делница делумно или целосно биде затворена за сообраќај, без разлика на должината на временскиот период, поради изведување на градежни работи на патот.
10. Јавното претпријатие за државни патишта не сноси никаква одговорност за надомест на било какви претрпени штети, изгубена добивка или било какви други надоместоци, доколку државниот пат за кој се однесува ова Одобрување го изгуби тоа својство согласно Законот за јавните патишта, или биде прекатегоризиран во понизок ранг со што Корисникот би претрпел штета. Истото се однесува и за случаи ако со изградба, реконструкција или одржување предметниот пат или негова делница го изгуби својството на јавен пат.
11. Корисникот на Одобрувањето ќе исплаќа надоместок за користење во целиот период на важноста на Одобрувањето како што е тоа регулирано до **Дел IV.6.** (Посебни услови за користење во текот на важноста на Одобрувањето).

12. Корисникот на Одобрувањето, најдоцна во рокот наведен во **Дел IV.б.** (Посебни услови за користење во текот на важноста на Одобрувањето), ќе достави писмено барање за обновување, односно продолжување на истото, во спротивно ќе се смета дека по истекот на неговата важност Одобрувањето е повлечено, а сите негативни последици од понатамошното користење ќе ги сноси Корисникот.
13. Ако Корисникот не достави барање за продолжување на важноста на Одобрувањето или ако не биде дозволено продолжување на Одобрувањето, по истекот на важноста на ова Одобрување Корисникот во рок наведен во **Дел IV.б.** (Посебни услови за користење во текот на важноста на Одобрувањето), ќе ја отстрани предметната инсталација на своја сметка. По истекот на овој рок, доколку инсталацијата не е отстранета, истата има третман на бесправен објект, а сите негативни последици и штети се на сметка и одоговорност единствено на Корисникот.
14. Други услови, ако се такви дефинирани во **Дел IV.б.** (Посебни услови за користење во текот на важноста на Одобрувањето).

Дел IV. Посебни услови за изведување на работите и користење во периодот на важноста на Одобрувањето

IV.а. Посебни услови за изведување на работите

1. Рокот за изведување на работите е:
   150 дена, сметајќи од денот кога е издадено ова Одобрување.
2. Други услови за изведување на работите:
   - Попречните премини и подолжното водење на канализационите цевки да се извршат исклучиво како во приложената техничка документација и договорените услови согласно записникот од одржаните состаноци со надзорниот претставници од надзорниот орган за изградба на експресниот пат, изведувачот и проектантите на Основниот проект за канализационата мрежа за дел од с.Тркање. Ако Јавното претпријатие, во било кое време утврди дека Корисникот постапил спротивно на овој услов, ќе ја отстрани предметната инсталација на сметка на Корисникот, без обврска за претходно писмено известување, а Корисникот нема право на надомест на било какви претрпени штети предизвикани при таквата дислокација.
3. Други овластувања на стручното лице:
   - нема
4. Толеранција за доцнење во комплетирање на работите:
   90 дена, по крајниот рок за изведување на работите.
5. Јавното претпријатие ќе ги стопира работите и ќе го повлече Одобрувањето, и во следните случаи:
   - Ако Корисникот изведува работи во патниот појас спротивно на ова Одобрување
6. Други трошоци кои ги надоместува Корисникот на Одобрувањето:
   - нема

7. Други посебни услови за изведување на работите:
   - нема

IV.6. Посебни услови за користење во текот на важноста на Одобрувањето

1. Рок за писмено известување до Корисникот на Одобрувањето:
   најмалку 60 дена пред да започнат било какви градежни активности на патот.
2. Јавното претпријатие ќе го повлече Одобрувањето и во следните случаи:
   - нема.
3. На барање на Јавното претпријатие, Корисникот е должен изменетите условите да ги спроведе во рок од:
   60 дена од денот на известувањето.
4. Рокот за писменото известување до Јавното претпријатие е:
   најмалку 7 дена пред да биде превземена било каква интервенција во инсталацијата.
5. Надомест за користење на инсталацијата во периодот на важноста на ова Одобрување:
   Не се плаќа надомест,
   Ако во иднина се донесат соодветни одлуки за наплата на надоместок за користење на патното земјиште и објектите со кои управува Јавното претпријатие, Корисникот ќе биде обврзан да го плаќа тој надоместок.
6. Рок за доставување на писмено барање за обновување, односно продолжување на Одобрувањето
   Најмалку 3 месеци пред истекот на важноста на Одобрувањето.
7. Рок за отстранување на инсталацијата:
   6 месеци по истекот на важноста на Одобрувањето.
8. Јавното претпријатие, со претходно писмено известување до Корисникот, ќе ја отстрани инсталацијата на сметка на Корисникот, ако во било кое време утврди дека истата е изведена (вградена) во патниот појас спротивно на ова Одобрувањето. Корисникот има целосна одговорност и ќе ги надомести сите штети на патот и патниот појас кои ќе произлезат од отстранувањето на инсталацијата. За можните штети предизвикани на инсталацијата при нејзиното отстранување Јавното претпријатие не сноси никаква одоговорност.

Дел V. Документација врз основа на која е издадено ова Одобрување:

1. Барање бр.12-449/1 од 12.05.2021год, заведно кај Јаното претпријатие под број УП10-120/1 од 18.05.2021година (и дополнително доставени прилози бр.12-449/3 од 13.08.2021 пристигнати во Јавното претпријатие на 19.08.2021 год. и заведени под бр.УП10-120/
2. Подносител: Хидро Енерго Инженеринг-доо Скопје
   Предмет на барањето:
   Регионален пат Р2342 (Р-534): попрен премини на канализациона цевка со дупчење на км. 0+486,80 и под експресниот пат Штип-Кочани (во градба) на км. 26+378,74 со дупчење и нејзино подолжно водење покрај истиот од км. 26+378,72 до км. 26+591,94 со должина L=213 м.
3. Записник бр. 08-238 од извршен теренски увид на 30.07.2021г.
4. Приложена проектна документација:
   - Ситуација со внесени стационажи
   - Карактеристични попречни профили на местата на премините со внесени стационажи и
   - Попречни пресеци за подолжното водење со внесени стационажи.
5. Проектант:
   Хидро Енерго Инженеринг-доо Скопје, бул.Видое Смилевски Бато бр. 71/1, 1000 Скопје (изработен 11.2020 год.) Технички број: КО-IV-642/20-1

ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

Врз основа на поднесеното Барање и пропратната документација наведена погоре, Јавното претпријатие за државни патишта го прифати истото и ги пропиша условите под кои се издава ова Одобрување.

Упатство за правното средство:
Подносителот на Барањето има право на жалба до Комисијата на Владата на Република Македонија за решавање во управни работи од втор степен од областа на транспортот и врските во рок од 8 (осум) дена од денот на приемот на Одобрувањето.

Директор,
Ejup Rustemi

Изработил: Драгица Гашпарова
Контролирал: Зоран Велков
Одобрил: d-r Ejup Latifi

Општина Кочани
Ул. Раде Кратовче бр. 1 * 2300 Кочани * Република Северна Македонија
Тел. +389(0)33/274-001 • Факс. +389(0)33/273-542
www.kocani.gov.mk info@kocani.gov.mk

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА КОЧАНИ
Бр.22-171/4
18.04.2023г.
Кочани

П О Т В Р Д А З А О Д О Б Р У В А Њ Е

на Урбанистички проект за парцелирано градежно земјиште за ГП 1.1 од УПВНМ за изградба на комплекс со основна класа на намена Г2-лесна и незагадувачка индустрија во м.в. Цацков Бунар, КО Тркање, Општина Кочани

Се потврдува заверка на Урбанистички проект за парцелирано градежно земјиште за ГП 1.1 од УПВНМ за изградба на комплекс со основна класа на намена Г2-лесна и незагадувачка индустрија во м.в. Цацков Бунар, КО Тркање, Општина Кочани, со тех. број 0801-868/22 од април 2023 год. изработен од ДТУ БИЛД УРБАН ДООЕЛ Скопје. Урбанистичкиот проект за парцелирано градежно земјиште за ГП 1.1 од УПВНМ за изградба на комплекс со основна класа на намена Г2-лесна и незагадувачка индустрија во м.в. Цацков Бунар, КО Тркање, Општина Кочани, е доставен преку информацискиот систем е-урбанизам постапка бр.47981, со барање заведено под наш бр. 22-171/2 од 12.04.2023г.

Раководител на одделение за урбанизам
и заштита на животна средина,
Дивна Цековска

ОПШТИНА КОЧАНИ
Градоначалник,
Љупчо Папазов

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА * ОПШТИНА КОЧАНИ *

адреса: ул. Бул. Илинден бр. 107/13
, Р.Македонија
тел./факс: 02 3083575
e-mail: bidurban@gmail.com
жиро сметка: 210-0702349901-85
НЛБ Тутунска Банка АД
даночен број: МК4057015528431
матичен број: 7023499

Друштво за трговија и услуги
„БИЛД УРБАН“ ДООЕЛ Скопје

УРБАНИСТИЧКИ ПРОЕКТ ЗА ПАРЦЕЛИРАНО ГРАДЕЖНО ЗЕМЈИШТЕ ЗА ГП 1.1 ОД УПВНМ ЗА ИЗГРАДБА НА КОМПЛЕКС СО ОСНОВНА КЛАСА НА НАМЕНА Г2-ЛЕСНА И НЕЗАГАДУВАЧКА ИНДУСТРИЈА ВО М.В. ЦАЦКОВ БУНАР, КО ТРКАЊЕ, ОПШТИНА КОЧАНИ

ТЕХ БР: 0801-868/22

ИНВЕСТИТОР: ДПТУ **ЕКО ОИЛ ДООЕЛ** с. Тркање – Кочани

JORGO SHUNDOVSKI
Digitally signed by JORGO SHUNDOVSKI
Date: 2023.04.10 08:41:29 +02'00'

Tonka Romeva
Digitally signed by Tonka Romeva
Date: 2023.04.09 16:55:28 +02'00'

Bojan Mulichkovski
Digitally signed by Bojan Mulichkovski
DN: c=MK, ou=VAT - 4057015528431, 2.5.4.97=NTRMK-7023499, o=DTU BILD URBAN DOOEL Skopje, serialNumber=160518, title=Upravitel, sn=Mulichkovski, givenName=Bojan, cn=Bojan Mulichkovski
Date: 2023.04.09 17:12:02 +02'00'

УПРАВИТЕЛ: БОЈАН МУЛИЧКОВСКИ

Скопје, Април 2023г

Место:	Општина Кочани
Инвеститори:	ДПТУ **ЕКО ОИЛ ДООЕЛ** с. Тркање – Кочани
Предмет:	**Урбанистички проект за парцелирано градежно земјиште за ГП 1.1 од УПВНМ за изградба на комплекс со основна класа на намена Г2-лесна и незагадувачка индустрија во м.в. Цацков Бунар, КО Тркање, Општина Кочани**
Изработка	**„**БИЛД УРБАН“ ДООЕЛ Булевар „Илинден“ 107/13 Карпош, тел/факс 02 3083575
Работен тим:	Бојан Муличковски, д.и.а., овластување бр.0.0070 Тонка Ромева, м-р.инж.арх., овластување бр.0.0447
Управител:	Бојан Муличковски
Фаза:	Урбанистички проект за парцелирано градежно земјиште
Технички Број:	0801-868/22
Изработено:	Април 2023г

Број: 0805-50/150120230009766

Датум и време: 3.4.2023 г. 13:32:31

ТЕКОВНА СОСТОЈБА

ПОДАТОЦИ ЗА СУБЈЕКТОТ	
ЕМБС:	7023499
Целосен назив:	Друштво за трговија и услуги БИЛД УРБАН ДООЕЛ СКОПЈЕ
Кратко име:	БИЛД УРБАН ДООЕЛ СКОПЈЕ
Седиште:	БУЛЕВАР ИЛИНДЕН бр.107/17 СКОПЈЕ - КАРПОШ, КАРПОШ
Вид на субјект на упис:	ДООЕЛ
Датум на основање:	10.3.2015 г.
Времетраење:	Неограничено
Деловен статус:	Активен
***Вид на сопственост:**	Приватна
ЕДБ:	4057015528431
Потекло на капиталот:	Домашен
Големина на субјектот:	мал
Организационен облик:	05.4 - друштво со ограничена одговорност основано од едно лице
Надлежен регистар:	Трговски Регистар

ОСНОВНА ГЛАВНИНА	
Паричен влог MKD:	307.500,00
Непаричен влог MKD:	0,00
Уплатен дел MKD:	307.500,00
Вкупно основна главнина MKD:	307.500,00

СОПСТВЕНИЦИ	
Име и презиме/Назив:	БОЈАН МУЛИЧКОВСКИ
Адреса:	БУЛЕВАР ИЛИНДЕН бр.87-18 СКОПЈЕ - ЦЕНТАР, ЦЕНТАР
Тип на сопственик:	Основач/сопственик
Паричен влог MKD:	307.500,00
Непаричен влог MKD:	0,00

Уплатен дел MKD:	307.500,00
Вкупен влог MKD:	307.500,00

ДЕЈНОСТИ	
Приоритетна дејност/ Главна приходна шифра:	71.11 - Архитектонски дејности
ОПШТА КЛАУЗУЛА ЗА БИЗНИС	
Евидентирани се дејности во надворешниот промет	

ОВЛАСТУВАЊА

Овластени лица

Име и презиме:	БОЈАН МУЛИЧКОВСКИ
Адреса:	БУЛЕВАР ИЛИНДЕН бр.87-18 СКОПЈЕ - ЦЕНТАР, ЦЕНТАР
Овластувања:	ССС - Управител
Тип на овластување:	Неограничени овластувања во внатрешниот и надворешниот промет
Овластено лице:	Овластено лице

ДОПОЛНИТЕЛНИ ИНФОРМАЦИИ	
КОНТАКТ	
E-mail:	bildurban@gmail.com

Напомена:
Во тековната состојба прикажани се само оние податоци за кои има запишана вредност.

*Видот на сопственоста се определува врз основа на својството на основачот/содружникот /сопственикот и служи исклучиво за статистички цели на Државниот завод за статистика на Република Северна Македонија

Правна поука: Против овој реален акт може да се изјави приговор до Централниот регистар на Република Северна Македонија во рок од 8 дена од денот на приемот.

Изготвил: **Овластено лице:**

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
МИНИСТЕРСТВО ЗА ТРАНСПОРТ И ВРСКИ
СКОПЈЕ

Врз основа на член 68 став (2) од Законот за урбанистичко планирање,
Министерството за транспорт и врски издава

Л И Ц Е Н Ц А

ЗА ИЗРАБОТУВАЊЕ НА УРБАНИСТИЧКИ ПЛАНОВИ

на

Друштво за трговија и услуги БИЛД УРБАН ДООЕЛ Скопје

БУЛЕВАР ИЛИНДЕН бр.107/17 СКОПЈЕ - КАРПОШ, КАРПОШ

ЕМБС: 7023499

(назив, седиште, адреса и ЕМБС на правното лице)

СО ДОБИВАЊЕ НА ОВАА ЛИЦЕНЦА ПРАВНОТО ЛИЦЕ СЕ СТЕКНУВА СО
ПРАВО ЗА ИЗРАБОТУВАЊЕ НА УРБАНИСТИЧКИ ПЛАНОВИ
И УРБАНИСТИЧКИ ПРОЕКТИ

Лиценцата се издава на НЕОПРЕДЕЛЕНО ВРЕМЕ и важи се додека правното лице ги исполнува условите за издавање на лиценцата пропишани со овој закон.

Број: 0090
30.07.2022 година
(ден, месец и година на издавање)

МИНИСТЕР ЗА ТРАНСПОРТ И ВРСКИ

Благој Бочварски

адреса: ул. Бул. Илинден бр. 107/13
, Р.Македонија
тел./факс: 02 3083575
e-mail: bildurban@gmail.com
жиро сметка: 210-0702349901-85
НЛБ Тутунска Банка АД
даночен број: МК4057015528431
матичен број: 7023499

Друштво за трговија и услуги
„БИЛД УРБАН“ ДООЕЛ Скопје

Врз основа на Законот за урбанистичко планирање („Службен весник на Република Северна Македонија“, број 32/20) и Правилникот за урбанистичко планирање („Службен весник на Република Северна Македонија“ број 225/20, 219/21 и 104/22), а во врска со изработка на **Урбанистички проект за парцелирано градежно земјиште за ГП 1.1 од УПВНМ за изградба на комплекс со основна класа на намена Г2-лесна и незагадувачка индустрија во м.в. Цацков Бунар, КО Тркање, Општина Кочани,** БИЛД УРБАН д.о.о.е.л од го издава следното

Р Е Ш Е Н И Е

ЗА НАЗНАЧУВАЊЕ НА ПЛАНЕРИ

За изработка на **Урбанистички проект за парцелирано градежно земјиште за ГП 1.1 од УПВНМ за изградба на комплекс со основна класа на намена Г2-лесна и незагадувачка индустрија во м.в. Цацков Бунар, КО Тркање, Општина Кочани**, со технички број 0801-868/22, како планери се назначуваат:

Планер потписник:

- Бојан Муличковски, дипл.инж.арх., овластување бр.0.0070

Планер:

- Тонка Ромева, м-р.инж.арх., овластување бр.0.0447

Планерите се должни урбанистичкиот проект да го изработат согласно Законот за урбанистичко планирање („Службен весник на Република Северна Македонија“, број 32/20) и Правилникот за урбанистичко планирање („Службен весник на Република Северна Македонија“ број 225/20, 219/21 и 104/22), како и другите важечки прописи и нормативи од областа на на урбанизмот и проектирањето.

УПРАВИТЕЛ: БОЈАН МУЛИЧКОВСКИ

Република Северна Македонија
КОМОРА НА ОВЛАСТЕНИ АРХИТЕКТИ
И ОВЛАСТЕНИ ИНЖЕНЕРИ

Врз основа на член 67, став (10) од Законот за урбанистичко планирање,
(„Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 32 од 10 февруари 2020 г.)
Комората на овластени архитекти и овластени инженери издава

ОВЛАСТУВАЊЕ

ЗА ИЗРАБОТУВАЊЕ НА УРБАНИСТИЧКИ ПЛАНОВИ

на

БОЈАН МУЛИЧКОВСКИ

дипломиран инженер архитект (NQF VII-1)

Овластувањето се издава на НЕОПРЕДЕЛЕНО ВРЕМЕ и важи се додека лицето носител на овластувањето ги исполнува условите пропишани во овој закон и во статутот на комората

Број: **0.0070**

Издадено на: 17.11.2020 год.

Претседател на
Комората на овластени архитекти
и овластени инженери

Проф. д-р Миле Димитровски
дипл.маш.инж.

Република Северна Македонија
КОМОРА НА ОВЛАСТЕНИ АРХИТЕКТИ
И ОВЛАСТЕНИ ИНЖЕНЕРИ

Врз основа на член 67, став (10) од Законот за урбанистичко планирање,
(„Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 32 од 10 февруари 2020 г.)
Комората на овластени архитекти и овластени инженери издава

ОВЛАСТУВАЊЕ

ЗА ИЗРАБОТУВАЊЕ НА УРБАНИСТИЧКИ ПЛАНОВИ

на

ТОНКА РОМЕВА

дипломиран инженер архитект (NQF VII-1)

Овластувањето се издава на НЕОПРЕДЕЛЕНО ВРЕМЕ и важи се додека лицето носител на овластувањето ги исполнува условите пропишани во овој закон и во статутот на комората

Број: **0.0447**

Издадено на: 14.09.2020 год.

Претседател на
Комората на овластени архитекти
и овластени инженери

Проф. д-р Миле Димитровски
дипл.маш.инж.

Содржина:

- Општ дел
- Потврда за регистрирана дејност
- Лиценца за изработување на урбанистички планови
- Решение за назначување на планери
- Овластувања за изработување на урбанистички планови на назначените планери

I. ТЕКСТУАЛЕН ДЕЛ НА УРБАНИСТИЧКИ ПРОЕКТ 10
Вовед 11
1. Проектна програма 13
2. Инвентаризација на снимен изграден градежен фонд, вкупна физичка супраструктура и инфраструктура во рамки на проектниот опфат 16
3. Опис и образложение на проектниот концепт на урбанистичкото решение на градежната парцела, во која е утврден простор определен со градежни линии во кој може да се поставуваат повеќе градби 17
3.1 Дејности и активности кои се одвиваат во градбите во градежната парцела со нумерички показатели на урбанистичките параметри за секоја градба поединечно 17
3.2 Внатрешни сообраќајници и начин на обезбедување на потребен број на паркинг места 20
3.3 Партерно решение со хортикултура 21
3.4 Водови и инсталации на инфраструктурите 21
4. Детални услови за проектирање и градење 22
5. Мерки за заштита 31
5.1 Мерки за заштита на животната средина 31
5.2 Мерки за заштита и спасување 34
5.3 Мерки за обезбедување на пристапност на лица со инвалидност 41
5.4 Мерки за заштита на културното наследство 42
6. Прилози кон текстуален дел 43
Податоци и информации 44
Мислења 45
II. ГРАФИЧКИ ДЕЛ НА УРБАНИСТИЧКИ ПРОЕКТ 46

1.Извод од УПВНМ со нанесена граница на проектен опфат
2.Ажурирана геодетска подлога со нанесена граница на проектен опфат
3.Табела со нумеричките показатели на урбанистичките параметри за проектниот опфат
4.Табела со нумеричките показатели на урбанистичките параметри за градбите во проектниот опфат
5.Урбанистичко решение на градежна парцела (Површина за градење)
6.Урбанистичко решение на градежна парцела (Внатрешен сообраќај и нивелманско решение)
7.Урбанистичко решение на градежна парцела (Приклучни точки за сите водови и градби на инфраструктури)
8.Урбанистичко решение на градежна парцела (Партерно уредување со хортикултура)
9.Урбанистичко решение (синтезен приказ)

I. ТЕКСТУАЛЕН ДЕЛ
НА УРБАНИСТИЧКИ ПРОЕКТ

Вовед

Постапката за изготвување на Урбанистички проект за парцелирано градежно земјиште за ГП 1.1 од УПВНМ за изградба на комплекс со основна класа на намена Г2-лесна и незагадувачка индустрија во м.в. Цацков Бунар, КО Тркање, Општина Кочани е започната по барање на Инвеститорот: ДПТУ **ЕКО ОИЛ ДООЕЛ** с. Тркање – Кочани, сопственик на целокупното земјиште во рамките на проектниот опфат, а видно од имотниот лист бр. 1500, КО Тркање.

Локалитетот се наоѓа на територијата на Општина Кочани, а подрачјето е опфатено со Урбанистички план вон населено место за изградба на комплекс со основна класа на намена Г2 – Лесна и незагадувачка индустрија во м.в. Цацков Бунар, КО Тркање, Општина Кочани, усвоен со Одлука на Советот на Општина Кочани бр. 09-2803/1 од 28.12.2018.

Со овој урбанистички проект за парцелирано градежно земјиште, се разработува градежна парцела ГП 1.1, формирана со Урбанистички план вон населено место за изградба на комплекс со основна класа на намена Г2 – Лесна и незагадувачка индустрија во м.в. Цацков Бунар, КО Тркање, Општина Кочани, усвоен со Одлука на Советот на Општина Кочани бр. 09-2803/1 од 28.12.2018, во која се планиранини градежни линии како граница на површина за градење на повеќе градби, со услов за понатамошна разработка со архитектонско – урбанистички проект. Овој урбанистички проект за парцелирано градежно земјиште разработува парцела од урбанистички план вон населено место кој е донесен согласно Законот за просторно и урбанистичко планирање (Сл.весник на Р.М. бр.51/05, бр.137/07, бр.91/09 , 124/10, 18/11, 53/11, 144/12, 55/13, 163/13 и 42/14). Истиот се спроведува согласно Член 97 од Законот за урбанистичко планирање („Службен весник на Република Северна Македонија“, број 32/20), односно за планската одредба од планот со која е предвидена изработка на архитектонско – урбанистички проект се применуваат одредбите за изработка на урбанистички проект од Законот.

Со важечки УПВНМ, за ГП 1.1 планирана е основна класа на намена Г2-лесна и незагадувачка индустрија со компатибилни класи на намени Б1-мали комерцијални и деловни единици со максимален дозволен процент на учество на единечна класа на намена во однос на основната класа на намена од 30%, Б2-големи трговски единици со максимален дозволен процент на учество на единечна класа на намена во однос на основната класа на намена од 30%, Б4-деловни простори со максимален дозволен процент на учество на единечна класа на намена во однос на основната класа на намена од 30%, В2- здравство и социјална заштита со максимален дозволен процент на учество на единечна класа на намена во однос на основната класа на намена од 5%, Д2-заштитно зеленило со максимален дозволен процент на учество на единечна класа на намена во однос на основната класа на намена од 30%, Д3-спорт и рекреација со максимален дозволен процент на учество на единечна класа на намена во однос на основната класа на намена од 30%, Д4-меморијални простори со максимален дозволен процент на учество на единечна класа на намена во однос на основната класа на намена од 30%, Г3-сервиси со максимален дозволен процент на учество на единечна класа на намена во однос на основната класа на намена од 49%, Г4-стоваришта, со максимален дозволен процент на учество на единечна класа на намена во однос на основната класа на намена од 49% и Е2 - комунална супраструктура со максимален дозволен процент на учество на единечна класа на

намена во однос на основната класа на намена од 40%, а максималениот дозволен % на учество на збирот на компатибилни класи на намени во однос на основната класа на намена изнесува 49%. Со урбанистичкиот проект се планираат објекти со класа на намена Г2-лесна преработувачка и помалку загадувачка индустрија со компатибилни класи на намени Б4 - Деловни и комерцијални дејности во големи канцелариски згради, Г4 – Стоваришта, складови и отпади и Е1.8 – Трансформаторски станици, согласно класификацијата на намени од член 77 од Правилникот за урбанистичко планирање („Службен весник на Република Северна Македонија“ број 225/20, 219/21 и 104/22).

Оттаму, пристапено е кон изработка **на Урбанистички проект за парцелирано градежно земјиште за ГП 1.1 од УПВНМ за изградба на комплекс со основна класа на намена Г2-лесна и незагадувачка индустрија во м.в. Цацков Бунар, КО Тркање, Општина Кочани**, согласно зададените услови од важечкиот Урбанистички план вон населено место за изградба на комплекс со основна класа на намена Г2 – Лесна и незагадувачка индустрија во м.в. Цацков Бунар, КО Тркање, Општина Кочани, усвоен со Одлука на Советот на Општина Кочани бр. 09-2803/1 од 28.12.2018, како и согласно Член 58 став (2) точка 1 од Законот за урбанистичко планирање („Службен весник на Република Северна Македонија“, број 32/20) и Член 52 од од Правилникот за урбанистичко планирање („Службен весник на Република Северна Македонија“ број 225/20, 219/21 и 104/22).

Самиот Урбанистичкиот проект е изработен во склад со зададените услови со важечкиот Урбанистички план вон населено место за изградба на комплекс со основна класа на намена Г2 – Лесна и незагадувачка индустрија во м.в. Цацков Бунар, КО Тркање, Општина Кочани, усвоен со Одлука на Советот на Општина Кочани бр. 09-2803/1 од 28.12.2018, Законот за урбанистичко планирање („Службен весник на Република Северна Македонија“, број 32/20), Правилникот за урбанистичко планирање („Службен весник на Република Северна Македонија“ број 225/20, 219/21 и 104/22), како и останатата релевантна законска и подзаконска регулатива од областа на урбанистичкото планирање и проектирање.

1. Проектна програма

ПРОЕКТНА ПРОГРАМА

за изработка на Урбанистички проект за парцелирано градежно земјиште за ГП 1.1 од УПВНМ за изградба на комплекс со основна класа на намена Г2-лесна и незагадувачка индустрија во м.в. Цацков Бунар, КО Тркање, Општина Кочани

Предмет: Проектна програма
Проект: Урбанистички проект за парцелирано градежно земјиште
Намена: Г2 – Лесна преработувачка и помалку загадувачка индустрија
Локација: м.в. Цацков Бунар, КО Тркање, Општина Кочани
Проектен опфат: 3,32 ха

Согласно член 60, точка 1 од Правилникот за урбанистичко планирање („Службен весник на Република Северна Македонија" број 225/20, 219/21 и 104/22) во рамки на Урбанистичкиот проект се приложува Проектна програма. Проектната програма е документ со кој донесувачот на планот ги дефинира описот на проектниот опфат, проектните барања за градбите во рамки на проектниот опфат и проектните барања за инфраструктура.

Подрачјето е опфатено со следниов урбанистички план:
1. Урбанистички план вон населено место за изградба на комплекс со основна класа на намена Г2 – Лесна и незагадувачка индустрија во м.в. Цацков Бунар, КО Тркање, Општина Кочани, усвоен со Одлука на Советот на Општина Кочани бр. 09-2803/1 од 28.12.2018.

Проектната програма се изработува со цел да се овозможи изработка на:

Урбанистички проект за парцелирано градежно земјиште за ГП 1.1 од УПВНМ за изградба на комплекс со основна класа на намена Г2-лесна и незагадувачка индустрија во м.в. Цацков Бунар, КО Тркање, Општина Кочани.

- **Опис на проектниот опфат**

Локалитетот се наоѓа во м.в. Цацков Бунар, КО Тркање, на територија на Општина Кочани. Поточно, лоциран е крај магистралниот пат „А3" (Штип – Кочани), непосредно крај постојната бензинска пумпа ЕКО ОИЛ, на околу 700m југоисточно од с. Тркање и на околу 1km западно од Град Кочани.

Границата на проектниот опфат коинцидира со границата на градежната парцела 1.1 (како што е дефинирана со претходно изработениот УПВНМ), при што во целост ја опфаќа КП1075/2, КО Тркање. Истата се движи како што следи:

- на **север** границата коинцидира со дел од границата на катастарска парцела КП 1126/1, КП 1111, КП 1114, КП 1091/2, КП 1090, КП 1088/1, КП 1087/1, КП 1076, КП 1075/1;
- на **исток** границата коинцидира со дел од границата на катастарска парцела КП 1075/3;
- на **југ** границата коинцидира со дел од границата на катастарска парцела КП 1074/11, КП 1074/1, КП 1074/12, КП 1074/7, КП 1119/20;
- на **запад** границата коинцидира со дел од границата на катастарска парцела КП 3501/1, КП 1121.

1

Вкупната површина на проектниот опфат во рамките на опишаните граници изнесува **33245m²**, односно **3,32ha**.

- **Проектни барања за градбите во рамките на проектниот опфат**

За потребите на инвеститорот потребно е да се изработи Урбанистички проект за парцелирано градежно земјиште за ГП 1.1 од УПВНМ за изградба на комплекс со основна класа на намена Г2-лесна и незагадувачка индустрија во м.в. Цацков Бунар, КО Тркање, Општина Кочани, во согласност со:

- Законот за урбанистичко планирање („Службен весник на Република Северна Македонија" број 32/20) и
- Правилникот за урбанистичко планирање („Службен весник на Република Северна Македонија" број 225/20, 219/21 и 104/22).

Подрачјето е опфатено со следниов урбанистички план:

1. Урбанистички план вон населено место за изградба на комплекс со основна класа на намена Г2 – Лесна и незагадувачка индустрија во м.в. Цацков Бунар, КО Тркање, Општина Кочани, усвоен со Одлука на Советот на Општина Кочани бр. 09-2803/1 од 28.12.2018.

Со овој урбанистички план земјиштето под предметната катастарска парцела е планирано во една градежна парцела (ГП 1.1), во која се планирани градежни линии како граница на површина за градење на повеќе градби, со услов за понатамошна разработка со архитектонско – урбанистички проект согласно Член 51 од Законот за просторно и урбанистичко планирање (142/15, 217/15, 222/15, 228/15, 35/16, 99/16, 134/16, 33/17 и 86/18). Сообраќајниот пристап до градежната парцела е решен од постојниот асфалтиран пат – врска со с. Тркање, на југозападниот крај на парцелата.

Во историјатот на планирањето на подрачјето, за дел од просторот на планскиот опфат има претходно изработена и одобрена Локална урбанистичка планска документација за изградба на објекти со намена Г – Производство, дистрибуција и сервиси, КО Тркање, Општина Тркање, одобрена од Градоначалникот на Општина Кочани со Решение бр. УП1 22-534 од 14.11.2014. Оваа локална урбанистичка планска документација престанала да важи со донесување на претходно наведениот Урбанистички план вон населено место. Врз основа на планските одредби на оваа ЛУПД, на дел од просторот веќе има реализиран градежен фонд и комунална инфраструктура, кои е потребно да се вклопат во проектното решение на овој урбанистички проект.

Оттаму, согласно развојните планови и потреби на Инвеститорот ЕКО ОИЛ ДООЕЛ с. Тркање – Кочани, потребно е да се изработи Урбанистички проект за парцелирано градежно земјиште за ГП 1.1 од УПВНМ за изградба на комплекс со основна класа на намена Г2-лесна и незагадувачка индустрија во м.в. Цацков Бунар, КО Тркање, Општина Кочани, а во сè во склад со позитивна законска и подзаконска регулатива од областа на урбанистичкото планирање и проектирање.

Намената е дефинирана согласно класификацијата на намени од член 77 од Правилникот за урбанистичко планирање („Службен весник на Република Северна Македонија" број 225/20, 219/21 и 104/22).

Со овој урбанистичкиот проект потребно е:

- да се изврши разработка на претходно дефинираната градежна парцела 1.1, со планирање на поединечни површини за градење и решавање на внатрешниот сообраќај за пристап до градбите;
- намената на градбите да биде соодветна на претходно планираното: Г2 – Лесна преработувачка и помалку загадувачка индустрија, но да се земе во обзир и можноста за

планирање на компатибилни класи на намена во однос на основната класа на намена, во сè во склад со дозволеното со претходно изработениот Урбанистички план вон населено место;

- постојниот градежен фонд да се вклопи во проектното решение;
- земајќи во обзир дека индустрискиот комплекс е од затворен тип, а за вработените се врши организиран превоз, потребите за паркирање во градежната парцела се минимални – најмалку 3 паркинг места за патнички автомобили;
- неопходно е да се обезбеди пристап до градбите за товарни возила, за дотур и одвоз на репро материјали и готови производи, но не е потребно да се обезбедува паркинг простор за товарни возила, кои се гаражираат на друга локација.

- **Проектни барања за инфраструктурата**

Со Урбанистичкиот проект потребно е да се обезбеди квалитетна комунална инфраструктура за предметниот простор.

Внатрешните инфраструктурни водови ќе бидат предмет на оваа урбанистичко-проектна документација и ќе бидат дефинирани трасите на основните инфраструктурни водови, за кои е пожелно е да се водат подземно во јасно дефинирани инфраструктурни коридори, а согласно добиените податоци и информации од органите на државната управа и други субјекти.

Да се почитува инфраструктурата дефинирана со Урбанистички план вон населено место за изградба на комплекс со основна класа на намена Г2 – Лесна и незагадувачка индустрија во м.в. Цацков Бунар, КО Тркање, Општина Кочани, усвоен со Одлука на Советот на Општина Кочани бр. 09-2803/1 од 28.12.2018.

Доколку при изведување на земјаните работи за поставување на објектот, се наиде на археолошки артефакти, односно дојде до откривање на материјални остатоци со културна историска вредност, потребно е да се постапи во согласност со член 65 од Законот за заштита на културно наследство (Сл.весник на Република Северна Македонија бр. 20/04,115/07, 18/11, 148/11, 23/13, 137/13, 164/13, 38/14, 44/14, 199/14, 104/15, 154/15, 192/15, 39/16, 11/18 и 20/19), односно веднаш да се запре со отпочнати градежни активности и да се извести надлежната институција за заштита на културно наследство во смисла на член 129 од Законот.

Од аспект на одржив степен на сеизмичка заштита, при изградба на објектите да се изврши геомеханичко испитување на носивоста на земјиштето, каде ќе се постават објектите.

Инвеститор:

ДПТУ ЕКО ОИЛ ДООЕЛ
с. ТРКАЊЕ – КОЧАНИ:

Управител
Мирче Здравков

2. Инвентаризација на снимен изграден градежен фонд, вкупна физичка супраструктура и инфраструктура во рамки на проектниот опфат

Просторот дефиниран за изработка на Урбанистички проект за парцелирано градежно земјиште за ГП 1.1 од УПВНМ за изградба на комплекс со основна класа на намена Г2-лесна и незагадувачка индустрија во м.в. Цацков Бунар, КО Тркање, Општина Кочани со својата местоположба припаѓа на територија на Општина Кочани.

За целосно согледување на постојната состојба, во границите на опфатот извршени се детални истражувања на просторот.

Истражувањата на локалитетот се извршени по пат на:

- директен увид на теренот, и
- директна комуникација со корисниците на просторот.

При увидот на лице место, согледано е дека на просторот има изградени објекти, со овој урбанистички проект просторот треба програмски да се дополни за реалните потреби на Инвеститорот.

На геодетската подлога, изработена од овластена фирма ажурирана е состојбата на просторот, со сите свои параметри на поставеност, димензии и висински точки на предметната локација и нејзината околина.

Инвентаризација на електротехничката инфраструктура

Согласно добиеното писмо од АЕК со бр. 1404-3189/2 од 17.11.2022 постојат електронски комуникациски мрежи и истите се внесени во графичкиот приказ.

Согласно добиеното писмо од АЦВ со бр. 12-8/1235 од 07.11.2022 може да се планира без посебни услови и ограничувања од аспект на безбедноста на воздушниот сообраќај.

Согласно добиеното писмо од НЕР со бр. 15-3187/2 од 09.11.2022 на наведениот плански опфат нема изградено и не е планирано изградба на гасоводна мрежа.

Согласно добиеното писмо од Електродистрибуција ДОООЕЛ Скопе со бр.10-26/4-293 од 11.11.2022 има електроенергетски објекти и инсталации и истите се внесени во графичкиот приказ.

Согласно добиеното писмо од Македонски Телеком АД со бр.47074 од 14.11.2022 на планскиот опфат има постојна МКТ инфраструктура и истата е внесена во графичкиот приказ.

Согласно добиеното писмо од ЈПДП со бр.10-11330/2 од 16.11.2022 покрај проектниот опфат помоинува траса на експресниот пат А3 Штип Кочани, кој е во фаза на изградба.

Согласно добиеното писмо од А1 со бр.11-7535/1 од 08.11.2022 има постојни подземни/надземни инсталации и истите се внесени во графичкиот приказ.

Согласно добиеното писмо од АД ГАМА со бр.0308-2234/2 од 24.11.2022 на предвидениот плански опфат нема изведен и планиран гасовод.

Согласно добиеното писмо од МЕПСО со бр.11-6106/1 од 11.11.2022 предметниот плански опфат не се пресекува со ЕЕ објекти во сопственост на АД МЕПСО.

3. Опис и образложение на проектниот концепт на урбанистичкото решение на градежната парцела, во која е утврден простор определен со градежни линии во кој може да се поставуваат повеќе градби

3.1 Дејности и активности кои се одвиваат во градбите во градежната парцела со нумерички показатели на урбанистичките параметри за секоја градба поединечно

Локалитетот се наоѓа во место викано Цацков Бунар на територија на Општина Кочани.

Границите на проектниот опфат во целост ја опфаќа катастарската парцела КП 1075/2, КО Тркање, Општина Кочани.

Намената на градежната парцела е превземена од важечкиот Урбанистички план вон населено место за изградба на комплекс со основна класа на намена Г2 – Лесна и незагадувачка индустрија во м.в. Цацков Бунар, КО Тркање, Општина Кочани, усвоен со Одлука на Советот на Општина Кочани бр. 09-2803/1 од 28.12.2018 и усогласена со член 77 од Правилникот за урбанистичко планирање („Службен весник на Република Северна Македонија“ број 225/20, 219/21 и 104/22) и истата е одредена како:

- **Г2 – Лесна преработувачка и помалку загадувачка индустрија**

Наменската употреба на земјиштето може да се претстави табеларно на следниов начин:

ГП 1.1	Намена на површини	Класа на намена	Површина	Процент
		шифра	m²	%
1	Г2 – Лесна преработувачка и помалку загадувачка индустрија	Г2	33245 m²	100,00%
Вкупно			33245 m²	100,00%

Согласно горенаведеното, со урбанистичкото решение во рамките на градежната парцела ГП 1.1 се предвидени површини за градење, претставени табеларно како што следи:

општина: Кочани

локалитет: м.в. Цацков Бунар, КО Тркање, Општина Кочани

дата: Април 2023

Урбанистички проект за парцелирано градежно земјиште за ГП 1.1 од УПВНМ за изградба на комплекс со основна класа на намена Г2-лесна и незагадувачка индустрија во м.в. Цацков Бунар, КО Тркање, Општина Кочани
П = 3,32 ha

БИЛД УРБАН Д.О.О.Е.Л. Скопје -

Градежна парцела	Површина на проектен опфат (ПП)	Број на градба	Површина на намена	Површина под градба	Процент на изграденост	Бруто развиена површина	Коефициент на искористеност	Класа на намена и поединечна намена	Компатибилни класи на намена на основната намена		Максимална висина на градба	Број на спратови	Процент на озеленетост на градежната парцела	Потребен број на паркинг места
1.1	33245 m²	1.1.1	1604 m²	1604 m²	61%	1604 m²	0,65	Г4 – Стоваришта, складови и отпади	-	-	постојна	П	20%	8 паркинг места
		1.1.2	17928 m²	2748 m²		3064 m²		Г2 – Лесна преработувачка и помалку загадувачка индустрија	-	-	постојна	П+1		
		1.1.3		3632 m²		3632 m²		Г2 – Лесна преработувачка и помалку загадувачка индустрија	Б1,Б2,Б4,В2,Г3,Г4,Е2	35,54%	8,00 m	П		
		1.1.4		4002 m²		4002 m²		Г2 – Лесна преработувачка и помалку загадувачка индустрија	Б1,Б2,Б4,В2,Г3,Г4,Е2	35,54%	8,00 m	П		
		1.1.5		7164 m²		7541 m²		Г2 – Лесна преработувачка и помалку загадувачка индустрија	Б1,Б2,Б4,В2,Г3,Г4,Е2	35,54%	8,00 m	П+1		
		1.1.6		382 m²		382 m²		Г2 – Лесна преработувачка и помалку загадувачка индустрија	Б1,Б2,Б4,В2,Г3,Г4,Е2	35,54%	8,00 m	П		
		1.1.7	639 m²	639 m²		1277 m²		Б4 - Деловни и комерцијални дејности во големи канцелариски згради	/	/	8,00 m	П+1		21 паркинг места
		1.1.8	14 m²	10 m²		10 m²		Е1.8 –Трансформаторски станици	/	/	постојна	П		/
		1.1.9		4 m²		4 m²		Е1.8 –Трансформаторски станици	/	/	4,00 m	П		
		/	6693 m²	/		/		Површини под зеленило	/	/	/	/		
		/	6367 m²	/		/		Сообраќајни површини	/	/	/	/		
	33245 m²		**33245 m²**	**20185 m²**	**61%**	**21516 m²**	**0,65**							29 паркинг места

Сумирано, во урбанистичкиот проект се зададени:

- 9 (девет) новопредвидена површина за градење

Површина за градење се нумерирани со арапски цифри со тричлена номенклатура, (1.1.1).

Класа на намена за градбата е:

- **Г2 – Лесна преработувачка и помалку загадувачка индустрија**

Во рамките на проектниот опфат се евидентирани и предвидени под комплементарни намени, а согласно одредбите на Член 80 од Правилникот за урбанистичко планирање („Службен весник на Република Северна Македонија“ број 225/20, 219/21 и 104/22). Комплементарни намени кои се јавуваат во проектниот опфат се:

- Површини под зеленило и
- Сообраќајни површини.

Во рамките на проектниот опфат се евидентирани и предвидени под компатибилни намени, а согласно важечкиот Урбанистички план вон населено место за изградба на комплекс со основна класа на намена Г2 – Лесна и незагадувачка индустрија во м.в. Цацков Бунар, КО Тркање, Општина Кочани, усвоен со Одлука на Советот на Општина Кочани бр. 09-2803/1 од 28.12.2018. Компатибилни намени кои се јавуваат во проектниот опфат се:

- Б4 - Деловни и комерцијални дејности во големи канцелариски згради, со 5,94% учество во однос на основната класа на намена
- Г4 - Стоваришта, складови и отпади, со 7,45% учество во однос на основната класа на намена

- Е1.8 –Трансформаторски станици, со 0,07% учество во однос на основната класа на намена,

  оттаму максимални от % на учество на збирот на компатибилни класи на намени во однос на основната класа на намена кои се издвоени како засебни објекти изнесува 13,46%.

Од максималната височина на слемето и силуетата на покривот може да отстапуваат делови на градбата и тоа: кули, покривни бањи, издадени покривни елементи, оџаци, вентилациски канали, лифтовски куќички, вертикални комуникации и сите техничко – технолошки инсталации, односно сите архитектонски декоративни елементи со кои не се обѕидува или оформува затворен корисен простор над котата на горниот венец, односно над дозволената силуета на покривот, а во сè во склад со одредбите од Правилник за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање (Службен весник на РМ бр. 63/12, 126/12, 19/13, 95/13 и 37/14).

За површината за градба во градежна парцела ГП 1.1 зададена е кота на приземна плоча, изразени во м.н.в. (метри надморска височина), а одредена согласно проектираното нивелетско решение од каде се пристапува до градбата. При изработка на основни проекти за градбата дозволени се минимални отстапувања од зададената вредност (до ± 30 cm).

Урбанистичкото решение е целосно во склад со дозволените параметри зададени со важечкиот Урбанистички план вон населено место за изградба на комплекс со основна класа на намена Г2 – Лесна и незагадувачка индустрија во м.в. Цацков Бунар, КО Тркање, Општина Кочани, усвоен со Одлука на Советот на Општина Кочани бр. 09-2803/1 од 28.12.2018.

Споредбени нумерички показатели во однос на дозволеното со важечкиот УПВНМ:

ДОЗВОЛЕНО СО УПВНМ 2018 год.

број на градежна парцела	површина на градежна парцела	површина под градба	процент на изграденост	бруто развиена површина	коефициент на искористеност	основна класа на намена	максимална висина на градба	број на спратови	минимален процент на озеленетост
1.1	33245 m²	23271 m²	70%	69814 m²	2,10	Г2 - ЛЕСНА И НЕЗАГАДУВАЧКА ИНДУСТРИЈА	12,00 m	П+2	20,00%

ПРОЕКТИРАНО СО УП 2022 год.

број на градежна парцела	површина на градежна парцела	површина под градба	процент на изграденост	бруто развиена површина	коефициент на искористеност	класа на намена	максимална висина на градба	број на спратови	проектиран процент на озеленетост
1.1	33245 m²	20185 m²	61%	21516 m²	0,65	Г2 – Лесна преработувачка и помалку загадувачка индустрија	8,00 m	П+1	20,13%

- Предмет на разработка е градежната парцела ГП 1.1, претходно зададена со Урбанистички план вон населено место за изградба на комплекс со основна класа на намена Г2 – Лесна и незагадувачка индустрија во м.в. Цацков Бунар, КО Тркање, Општина Кочани, усвоен со Одлука на Советот

на Општина Кочани бр. 09-2803/1 од 28.12.2018, со вкупна површина од **33245m²**.

- Градежната парцела е планирана со класа на намена Г2 – Лесна преработувачка и помалку загадувачка индустрија.
- Вкупната максимална бруто развиена површина на ниво на проектен опфат е **21516 m²**.
- Процентот на изграденост изнесува **61%**.
- Коефициентот на искористеност изнесува **0,65**.
- Процентот на озеленетост на градежната парцела изнесува 20%.

Проектното решение на овој Урбанистички проект е основа за понатамошна изработка на основни проекти за градби. Со урбанистичкото решение овозможена е етапна реализација.

3.2 Внатрешни сообраќајници и начин на обезбедување на потребен број на паркинг места

Главниот сообраќаен пристап до Урбанистички проект за парцелирано градежно земјиште за ГП 1.1 од УПВНМ за изградба на комплекс со основна класа на намена Г2-лесна и незагадувачка индустрија во м.в. Цацков Бунар, КО Тркање, Општина Кочани е од западна страна на градежната парцела согласно Урбанистички план вон населено место за изградба на комплекс со основна класа на намена Г2 – Лесна и незагадувачка индустрија во м.в. Цацков Бунар, КО Тркање, Општина Кочани, усвоен со Одлука на Советот на Општина Кочани бр. 09-2803/1 од 28.12.2018.

Внатрешните сообраќајници се планирани согласно законската регулатива.

Нивелманско решение

Со урбанистичкото решение на овој Урбанистички проект решена е нивелацијата на внатрешните сообраќајници. Нивелетското решение ја почитува зададената нивелација со важечкиот план, како и фактичката состојба на лице место. Подолжните падови се движат во рамките на дозволеното.

Паркирање

Бројот на паркинг места е пресметан согласно Правилник за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање (Службен весник на РМ бр. 63/12, 126/12, 19/13, 95/13 и 37/14), согласно Урбанистички план вон населено место за изградба на комплекс со основна класа на намена Г2 – Лесна и незагадувачка индустрија во м.в. Цацков Бунар, КО Тркање, Општина Кочани, усвоен со Одлука на Советот на Општина Кочани бр. 09-2803/1 од 28.12.2018:

За намената Б4 - Деловни и комерцијални дејности во големи канцелариски згради, согласно член 61 од Правилник за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање (Службен весник на РМ бр. 63/12, 126/12, 19/13, 95/13 и 37/14), потребно е едно паркинг место на секои 60м² од вкупната површина или 21 паркинг место.

За намената Г2 – Лесна преработувачка и помалку загадувачка индустрија и Г4 – Стоваришта, складови и отпади, согласно член 61 од Правилник за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање (Службен весник на РМ бр. 63/12, 126/12, 19/13, 95/13 и 37/14), паркирањето е пресметано согласно потребите или 8 паркинг места.

За намената Е1.8 –Трансформаторски станици не се предвидуваат паркинг места.

Вкупниот број на паркинг места изнесува 29 паркинг места.

3.3 Партерно решение со хортикултура

За градежната парцела 1.1 изработен е и предлог на партерно уредување на парцелата.

Партерното решение во најголема можна мерка се надоврзува на постојната состојба, при тоа инкорпорирајќи го новопроектираното сообраќајно решение.

Континуитетот на предвиденото зеленилото се прекинува само кај влезот во парцелата.
Зеленилото во рамките на градежните парцели ќе има значајна функција во заштита на животната средина, но ќе има и забележителни пејзажни ефекти. Согласно решението за парцелата, површината на зелелнилото изнесува 6693 m², односно 20%.

3.4 Водови и инсталации на инфраструктурите

Водовод и канализација

Потребните количини на вода пресметани се со Урбанистички план вон населено место за изградба на комплекс со основна класа на намена Г2 – Лесна и незагадувачка индустрија во м.в. Цацков Бунар, КО Тркање, Општина Кочани, усвоен со Одлука на Советот на Општина Кочани бр. 09-2803/1 од 28.12.2018 и истите со овој урбанистички проект се почитуваат.

Приклучокот со примарниот вод да се изврши според важечките стандарди и нормативи за тој вид инфраструктура.

Електро - енергетика и ПТТ инсталации

Во рамките на локацијата постои 10(20)/0.4kV Трафостаница, постојната и планираната мрежа е согласно податоците добиени од ЕВН.

Телефонска мрежа

Согласно добиените информации од телекомуникациските правни лица, на посочената предметна локација, има податоци за изградени јавни електронски комуникациски мрежи, додатно испланиран е и нов телекомуникациски вод.

За дефинирање на потребниот број на телефонски приклучоци, од првостепено значење е намената на објектот. Димензионирањето на бројот на телефонски приклучоци треба да се врши според нивната големина, нивната функција и слични критериуми.

Поврзувањето на телефонски потрошувачи ќе се изведе во склад со развојните програми на Македонски телекомуникации.

4. Детални услови за проектирање и градење

1. Одредбите за уредување на просторот и графичките прилози се составен дел на Урбанистичкиот проект и имаат дејство само врз градителската активност која ќе следи по одобрување на урбанистичкиот проект.

2. Изградбата на нови објекти, изградбата на комуналните објекти и инсталации како и вкупното просторно уредување на предметниот локалитет треба да се изведува согласно законската и подзаконската регулатива, техничките прописи во областа на градежништвото и урбанизмот како и овие параметри што се составен дел на документацијата.

3. Сите детални услови за проектирање и градење кои се зададени со овој Урбанистички проект за парцелирано градежно земјиште се комплементарни на условите зададени со важечкиот Урбанистички план вон населено место за изградба на комплекс со основна класа на намена Г2 – Лесна и незагадувачка индустрија во м.в. Цацков Бунар, КО Тркање, Општина Кочани, усвоен со Одлука на Советот на Општина Кочани бр. 09-2803/1 од 28.12.2018. Условите од овој урбанистички проект единствено ги надополнуваат и детално разработуваат, а во никој случај не ги заменуваат условите за градење од важечкиот УПВНМ.

4. Параметрите се применуваат во рамките на утврдената граница на опфатот. Специфичните параметри за уредување на просторот се однесуваат на поединечните површини за градење.

5. Проектниот опфат ја опфаќа во целост катастарската парцела КП 1075/2, КО Тркање, Општина Кочани.

6. Со Урбанистичкиот проект се одредени:
   - Урбанистичко решение за проектниот опфат, односно за градежната парцела ГП 1.1 како што е дефинирана со важечкиот Урбанистички план вон населено место за изградба на комплекс со основна класа на намена Г2 – Лесна и незагадувачка индустрија во м.в. Цацков Бунар, КО Тркање, Општина Кочани, усвоен со Одлука на Советот на Општина Кочани бр. 09-2803/1 од 28.12.2018;
   - Регулациско и нивелациско решение во рамките на проектниот опфат;
   - Поединечни површини за градење ограничени со градежни линии;
   - Максимално дозволена височина до хоризонталните венци на градбите, како и максимално дозволена катност;
   - Целосно решение на внатрешниот динамичен и стацинарен сообраќај;
   - Внатрешни водови на инфраструктурата за опслужување на новопроектираните градби.
7. Во графичките прилози од Планскиот дел на овој Урбанистички проект дадено е урбанистичко решение за проектниот опфат со зададени:
   - површини за градење со градежни линии,
   - постојни градби без развој ограничени со информативни линии,
   - намена на градбите,
   - нумерација на поставените површини за градење,
   - вкупна површина на градежна парцела,
   - вкупна етажна површина за градење,
   - максимална височина на градбата изразена во метри,
   - максимален број на спратови,
   - кота на нултата плоча,
   - процент на изграденост на земјиштето,
   - коефициент на искористеност на земјиштето,
   - внатрешен и стационерен сообраќај,
   - нивелманско решение
   - партерно уредување со хортикултура,
   - приклучни точки за сите водови и градби на инфраструктура.

8. Урбанистичкиот проект содржи и Проектен дел, во кој се дадени Идејни проекти за сите новопроектирани градби.

9. Намената на градежната парцела е превземена од важечкиот Урбанистички план вон населено место за изградба на комплекс со основна класа на намена Г2 – Лесна и незагадувачка индустрија во м.в. Цацков Бунар, КО Тркање, Општина Кочани, усвоен со Одлука на Советот на Општина Кочани бр. 09-2803/1 од 28.12.2018 и усогласена со член 77 од Правилникот за урбанистичко планирање („Службен весник на Република Северна Македонија“ број 225/20, 219/21 и 104/22) и истата е одредена како:

- **Г2 – Лесна преработувачка и помалку загадувачка индустрија**

10. Во урбанистичкиот проект се зададени:

    - 9 (девет) новопредвидена површини за градење

11. Основна класа на намена на градбите во комплексот е:

- **Г2 – Лесна преработувачка и помалку загадувачка индустрија**

Дел од поединечните површини за градење и земјиштето во рамките на проектниот опфат се евидентирани и предвидени под комплементарни намени, а согласно одредбите на Член 80 од Правилникот за урбанистичко планирање („Службен весник на Република Северна Македонија“ број 225/20, 219/21 и 104/22). Комплементарни намени кои се јавуваат во проектниот опфат се:

- Површини под зеленило и
- Сообраќајни површини.

Сите овие комплементарни намени се дополнување на основната намена и се во функција исклучиво за остварување на основната намена.

12. Процент на изграденост на земјиштето (Р) е урбанистичка величина која ја покажува густината на изграденост, односно колкав дел од градежното земјиште е зафатен со градба.

    Процентот на изграденост на земјиштето се пресметува како однос помеѓу површината на земјиштето под градбата и вкупната површина на градежното земјиште, изразен во процент. Во површината под градба се подразбира површината ограничена со надворешните ѕидови и столбови на градбата во висина на приземната плоча без надворешните тераси, скали, рампи, патеки и друго.

    Коефициент на искористеност (К) на земјиштето е урбанистичка големина која го покажува интензитетот на изграденост на градежното земјиште.

Коефициент на искористеност на земјиштето се пресметува како однос помеѓу вкупната изградена површина, односно збирот на површините на сите изградени катови на градбата и вкупната површина на градежното земјиште, изразен со рационален број до две децимали. Под вкупна изградена површина се сметаат површините на сите надземни етажи.

Со урбанистичкото решение на овој Урбанистички проект, планирана е 1 (една) градежна парцела со класа на намена Г2 – Лесна преработувачка и помалку загадувачка индустрија. Во табеларниот приказ што е составен дел на урбанистичкото решение на овој Урбанистички проект, прикажана е градежната парцела и дефинирана со:

- број на градежна парцела;
- површина на градежна парцела (m²)
- површина за градење (m²)
- процент на изграденост (%);
- вкупна површина по катови (m²)
- коефициент на искористеност (k);
- намена на земјиштето и градбите;
- максимална висина на градбата (m');
- максимален број на катови;

Сите овие одредби се одредени согласно претходно зададеното со Урбанистички план вон населено место за изградба на комплекс со основна класа на намена Г2 – Лесна и незагадувачка индустрија во м.в. Цацков Бунар, КО Тркање, Општина Кочани, усвоен со Одлука на Советот на Општина Кочани бр. 09-2803/1 од 28.12.2018 и Правилникот за урбанистичко планирање („Службен весник на Република Северна Македонија“ број 225/20, 219/21 и 104/22).

13. При изработка на основни проекти за градбите дозволени се минимални отстапувања на нултата плоча (до ± 30 cm). Максималната височина на градбите до хоризонталниот венец се пресметува во однос на овие утврдени коти.

14. Од максималната височина на слемето и силуетата на покривот може да отстапуваат делови на градбата и тоа: кули, покривни бањи, издадени покривни елементи, оџаци, вентилациски канали, лифтовски куќички, вертикални комуникации и сите техничко – технолошки инсталации, односно сите архитектонски декоративни елементи со кои не се обѕидува или оформува затворен корисен простор над котата на

горниот венец, односно над дозволената силуета на покривот, а во сè во склад со одредбите на Правилник за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање (Службен весник на РМ бр. 63/12, 126/12, 19/13, 95/13 и 37/14).

15. Во однос на решавањето на проблемот на стационарниот сообраќај, потребите за паркирање за градежната парцела се решени во рамките на сопствената парцела. Потребниот минимален број на паркинг места е зададен согласно Правилник за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање (Службен весник на РМ бр. 63/12, 126/12, 19/13, 95/13 и 37/14).

16. Процентот на озеленетост во рамките на парцелата претставува однос помеѓу површината на градежно земјиште наменето за зеленило и вкупната површина на градежното земјиште изразено во проценти.

17. Зададените вредности со урбанистичкото решение од Планскиот дел на овој Урбанистички проект за површина на градење, бруто развиена површина, процент на изграденост, коефициент на искористеност, катност и височина до хоризонталниот венец на градбите се максимално дозволени вредности. При изработката на основните проекти за новопредвидените градби, може да се проектира градба и со помала површина, при што не смее да ги надмине овие максимални вредности и не смее да отстапува надвор од зададените градежни линии, односно граници на површината за градење.

18. За градежната парцела ГП 1.1 изработено е и предлог на партерно уредување на парцелата. Истото ќе се доразработи при изработката на основните проекти за градежната парцела, односно ќе се усогласи со проектното решение за градбите од тие проекти.

19. Со урбанистичкото решение на овој Урбанистички проект, предвидени се и приклучни места на градбите на водовите од комуналната инфраструктура. При изработка на основните проекти за градежната парцела ГП 1.1, трасите на приклучоците ќе се доразработат, односно ќе се усогласат со проектните решенија за инфраструктурата од тие проекти.

20. Рекламите и огласите не смеат да му пречат на нормалното одвивање на сообраќајот, да му штетат или да го менуваат изгледот на архитектонските објекти и групации ниту да пречат на објектите поставени во јавен интерес како јавно осветлување, градски часовници, табли со имиња на улиците и сл.

21. Комуналниот отпад – сметот ќе се одлага во контејнери лоцирани на погодни места во рамките на проектниот опфат, од каде ѓубрето ќе се евакуира во регионална односно општинска депонија.

22. Доколку при реализација на Урбанистичкиот проект се појави археолошко наоѓалиште, да се постапи во согласност со одредбите на член 65 од Законот за заштита на културното наследство („Службен весник на Република Македонија“ број 20/04, 115/07, 18/11, 148/11, 23/13, 137/13, 164/13, 38/14, 44/14, 199/14, 104/15, 154/15, 192/15, 39/16, 11/18 и 20/19).

За сè што не е регулирано со овие параметри, се применуваат одредбите на општите и посебни услови за градење од важечкиот Урбанистички план вон населено место за изградба на комплекс со основна класа на намена Г2 – Лесна и незагадувачка индустрија во м.в. Цацков Бунар, КО Тркање, Општина Кочани, усвоен со Одлука на Советот на Општина Кочани бр. 09-2803/1 од 28.12.2018.

- Предмет на разработка е градежната парцела ГП 1.1, претходно зададена со Урбанистички план вон населено место за изградба на комплекс со основна класа на намена Г2 – Лесна и незагадувачка индустрија во м.в. Цацков Бунар, КО Тркање, Општина Кочани, усвоен со Одлука на Советот на Општина Кочани бр. 09-2803/1 од 28.12.2018, со вкупна површина од **33245m²**.
- Градежната парцела е планирана со класа на намена Г2 – Лесна преработувачка и помалку загадувачка индустрија.
- Вкупната максимална бруто развиена површина на ниво на проектен опфат е **21516 m²**.
- Процентот на изграденост изнесува **61%**.
- Коефициентот на искористеност изнесува **0,65**.
- Процентот на озеленетост на градежната парцела изнесува 20%.

Проектното решение на овој Урбанистички проект е основа за понатамошна изработка на основни проекти за градби. Со урбанистичкото решение овозможена е етапна реализација, со можност за изработка на поединечни основни проекти за секоја од новопредвидените градби.

Наменската употреба на земјиштето може да се претстави табеларно на следниов начин:

ГП 1.1	Намена на површини	Класа на намена	Површина	Процент
		шифра	m²	%
1	Г2 – Лесна преработувачка и помалку загадувачка индустрија	Г2	33245 m²	100,00%
Вкупно			33245 m²	100,00%

Споредбени нумерички показатели во однос на дозволеното со важечкиот УПВНМ:

ДОЗВОЛЕНО СО УПВНМ 2018 год.									
број на градежна парцела	површина на градежна парцела	површина под градба	процент на изграденост	бруто развиена површина	коефициент на искористеност	основна класа на намена	максимална висина на градба	број на спратови	минимален процент на озеленетост
1.1	33245 m²	23271 m²	70%	69814 m²	2,10	Г2 - ЛЕСНА И НЕЗАГАДУВАЧКА ИНДУСТРИЈА	12,00 m	П+2	20,00%

ПРОЕКТИРАНО СО УП 2022 год.									
број на градежна парцела	површина на градежна парцела	површина под градба	процент на изграденост	бруто развиена површина	коефициент на искористеност	класа на намена	максимална висина на градба	број на спратови	проектиран процент на озеленетост
1.1	33245 m²	20185 m²	61%	21516 m²	0,65	Г2 – Лесна преработувачка и помалку загадувачка индустрија	8,00 m	П+1	20,13%

Површина за градба 1.1.1

Намена на објектот: Г4 – Стоваришта, складови и отпади

Површина за градење: 1604 m²

Бруто развиена површина: 1604 m²

Височина до венец: постојна

Број на катови: П

Површина за градба 1.1.2

Намена на објектот: Г2 – Лесна преработувачка и помалку загадувачка индустрија

Компатибилна класа на намена: Б1,Б2,Б4,В2,Г3,Г4,Е2 до 35,54%

Површина за градење: 2748 m²

Бруто развиена површина: 3064 m²

Височина до венец: постојна

Број на катови: П+1

Површина за градба 1.1.3

Намена на објектот: Г2 – Лесна преработувачка и помалку загадувачка индустрија

Компатибилна класа на намена: Б1,Б2,Б4,В2,Г3,Г4,Е2 до 35,54%

Површина за градење: 3632 m²

Бруто развиена површина: 3632 m²

Кота на приземна плоча: 323,25 м.н.в. ± 30 cm

Максимална дозволена височина до венец: 8,00 m

Максимален број на катови: П

Спроведување: Зададена е површина за градење и приложен Идеен проект; во следна фаза пред реализација потребно е да се изработи основен проект за градбата.

Површина за градба 1.1.4

Намена на објектот: Г2 – Лесна преработувачка и помалку загадувачка индустрија

Компатибилна класа на намена: Б1,Б2,Б4,В2,Г3,Г4,Е2 до 35,54%

Површина за градење: 4002 m²

Бруто развиена површина: 4002 m²

Кота на приземна плоча: 323,25 м.н.в. ± 30 cm
Максимална дозволена височина до венец: 8,00 m
Максимален број на катови: П
Спроведување: Зададена е површина за градење и приложен Идеен проект; во следна фаза пред реализација потребно е да се изработи основен проект за градбата.

Површина за градба 1.1.5

Намена на објектот: Г2 – Лесна преработувачка и помалку загадувачка индустрија
Компатибилна класа на намена: Б1,Б2,Б4,В2,Г3,Г4,Е2 до 35,54%
Површина за градење: 7164 m²
Бруто развиена површина: 7541 m²
Кота на приземна плоча: 323,25 м.н.в. ± 30 cm
Максимална дозволена височина до венец: 8,00 m
Максимален број на катови: П+1
Спроведување: Зададена е површина за градење и приложен Идеен проект; во следна фаза пред реализација потребно е да се изработи основен проект за градбата.

Површина за градба 1.1.6

Намена на објектот: Г2 – Лесна преработувачка и помалку загадувачка индустрија
Компатибилна класа на намена: Б1,Б2,Б4,В2,Г3,Г4,Е2 до 35,54%
Површина за градење: 382 m²
Бруто развиена површина: 382 m²
Кота на приземна плоча: 323,25 м.н.в. ± 30 cm
Максимална дозволена височина до венец: 8,00 m
Максимален број на катови: П
Спроведување: Зададена е површина за градење и приложен Идеен проект; во следна фаза пред реализација потребно е да се изработи основен проект за градбата.

Површина за градба 1.1.7

Намена на објектот: Б4 - Деловни и комерцијални дејности во големи канцелариски згради
Површина за градење: 639 m²
Бруто развиена површина: 1277 m²
Кота на приземна плоча: 323,85 м.н.в. ± 30 cm
Максимална дозволена височина до венец: 8,00 m
Максимален број на катови: П+1
Спроведување: Зададена е површина за градење и приложен Идеен проект; во следна фаза пред реализација потребно е да се изработи основен проект за градбата.

Површина за градба 1.1.8

Намена на објектот: Е1.8 –Трансформаторски станици
Површина за градење: 10 m²
Бруто развиена површина: 10 m²
Височина до венец: постојна
Максимален број на катови: П
Спроведување: Зададена е површина за градење и приложен Идеен проект; во

Површина за градба 1.1.9

Намена на објектот: Е1.8 –Трансформаторски станици

Површина за градење: 4 m²

Бруто развиена површина: 4 m²

Максимална дозволена височина до венец: 4,00 m

Максимален број на катови: П

Спроведување: Зададена е површина за градење и приложен Идеен проект; во следна фаза пред реализација потребно е да се изработи основен проект за градбата.

општина: Кочани

локалитет: м.в. Цацков Бунар, КО Тркање, Општина Кочани

дата: Април 2023

Урбанистички проект за парцелирано градежно земјиште за ГП 1.1 од УПВНМ за изградба на комплекс со основна класа на намена Г2-лесна и незагадувачка индустрија во м.в. Цацков Бунар, КО Тркање, Општина Кочани
П = 3,32 ha

БИЛД УРБАН Д.О.О.Е.Л. Скопје -

Градежна парцела	Површина на проектен опфат (ГП)	Број на градба	Површина на намена	Површина под градба	Процент на изграденост	Бруто развиена површина	Коефициент на искористеност	Класа на намена и поединечна намена	Компатабилни класи на намена на основната намена		Максимална висина на градба	Број на спратови	Процент на озеленетост на градежната парцела	Потребен број на паркинг места
1.1	33245 m²	1.1.1	1604 m²	1604 m²	61%	1604 m²	0,65	Г4 – Стоваришта, складови и отпади	-	-	постојна	П	20%	8 паркинг места
		1.1.2	17928 m²	2748 m²		3064 m²		Г2 – Лесна преработувачка и помалку загадувачка индустрија	-	-	постојна	П+1		
		1.1.3		3632 m²		3632 m²		Г2 – Лесна преработувачка и помалку загадувачка индустрија	Б1,Б2,Б4,В2,Г3,Г4,Е2	35,54%	8,00 m	П		
		1.1.4		4002 m²		4002 m²		Г2 – Лесна преработувачка и помалку загадувачка индустрија	Б1,Б2,Б4,В2,Г3,Г4,Е2	35,54%	8,00 m	П		
		1.1.5		7164 m²		7541 m²		Г2 – Лесна преработувачка и помалку загадувачка индустрија	Б1,Б2,Б4,В2,Г3,Г4,Е2	35,54%	8,00 m	П+1		
		1.1.6		382 m²		382 m²		Г2 – Лесна преработувачка и помалку загадувачка индустрија	Б1,Б2,Б4,В2,Г3,Г4,Е2	35,54%	8,00 m	П		
		1.1.7	639 m²	639 m²		1277 m²		Б4 - Деловни и комерцијални дејности во големи канцелариски згради	/	/	8,00 m	П+1		21 паркинг места
		1.1.8	14 m²	10 m²		10 m²		Е1.8 –Трансформаторски станици	/	/	постојна	П		/
		1.1.9		4 m²		4 m²		Е1.8 –Трансформаторски станици	/	/	4,00 m	П		
		/	6693 m²	/		/		Површини под зеленило	/	/	/	/		
		/	6367 m²	/		/		Сообраќајни површини	/	/	/	/		
	33245 m²		**33245 m²**	**20185 m²**	**61%**	**21516 m²**	**0,65**							29 паркинг места

Доколку во понатамошните фази се појави потреба за изменување на проектните решенија истите може да се спроведат без потреба на изработување на нов урбанистички проект. Во ваков случај потребно е да се почитуваат условите зададени со Планскиот дел на овој Урбанистички проект.

5. Мерки за заштита

Законската регулатива врз основа на која се уредува проектниот опфат, од аспект на заштита и која е потребно да се примени при изработка на урбанистичкиот проект е следна:

- Законот за урбано зеленило („Службен весник на Република Македонија“ број 11/18);
- Закон за животна средина („Службен весник на Република Македонија“ број 53/05, 81/05, 24/07, 159/08, 83/09, 48/10, 124/10, 51/11, 123/12, 93/13, 187/13, 42/14 ,44/15, 129/15, 192/15, 39/16 и 99/18);
- Закон за заштита на природата („Службен весник на Република Македонија“ број 67/04, 14/06, 84/07, 35/10, 47/11, 148/11, 59/12, 13/13, 163/13, 41/14, 146/15, 39/16, 63/16 и 113/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ број 151/21);
- Закон за квалитет на амбиентниот воздух („Службен весник на Република Македонија“ број 67/04, 92/07, 35/10, 47/11, 59/12, 163/13 и 146/15);
- Закон за управување со отпадот („Службен весник на Република Македонија“ број 68/2004, 107/2007, 102/2008, 143/2008, 124/10 и 51/11, 123/12, 147/13, 163/13, 51/15, 146/15, 192/15, 39/16 и 63/16);
- Закон за заштита од бучава на животна средина („Службен весник на Република Македонија“ број 79/07, 124/10, 47/11, 163/13 и 146/15);
- Закон за заштита и спасување („Службен весник на Република Македонија“ број 36/04, 49/04, 86/08, 124/10, 18/11, 41/14, 129/15, 71/16, 106/16 и 83/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ број 215/21);
- Закон за пожарникарството („Службен весник на Република Македонија“, број 67/04, 81/07, 55/13, 158/14, 193/15 и 39/16 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ број 152/19)
- Закон за водите („Службен весник на Република Македонија“ број 87/08, 6/09, 161/09, 83/10, 51/11, 44/12, 23/13, 163/13, 180/14, 146/15 и 52/16);
- Уредба за класификација на водите („Службен весник на Република Македонија“ број 18/99);
- Уредба за категоризација на водотеците, езерата, акумулациите и подземните води („Службен весник на Република Македонија“ број, 18/99 и 71/99);
- Правилникот за урбанистичко планирање („Службен весник на Република Северна Македонија“ број 225/20, 219/21 и 104/22);
- Закон за градење („Службен весник на Република Македонија“ број 130/2009, 124/10, 18/11, 36/11, 54/11, 13/12, 144/12, 25/13, 79/13, 137/13, 163/13, 27/14, 28/14, 42/14, 115/14, 149/14, 187/14, 44/15, 129/15, 217/15, 226/15, 30/16, 31/16, 39/16, 71/16, 132/16, 35/18, 64/18 и 168/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ број 244/19, 18/20 и 279/20) и други законски и подзаконски акти.

5.1 Мерки за заштита на животната средина

Право и должност е на Република Северна Македонија, општината, како и на сите правни и физички лица, да обезбедат услови за заштита и за унапредување на животната средина, заради остварување на правото на граѓаните на здрава животна средина, а тоа е регулирано со Закон за животна средина („Службен весник на Република Македонија“ број 53/05, 81/05, 24/07, 159/08, 83/09, 48/10, 124/10, 51/11, 123/12, 93/13, 187/13, 42/14 ,44/15, 129/15, 192/15, 39/16 и 99/18).

Цели на овој Закон се:

- зачувување, заштита, обновување и унапредување на квалитетот на животната средина;
- заштита на животот и на здравјето на луѓето;
- заштита на биолошката разновидност;
- рационално и одржливо користење на природните богатства и
- спроведување и унапредување на мерките за решавање на регионалните и на глобалните проблеми на животната средина.

Секој е должен при преземањето активности или при вршење на дејности да обезбеди висок степен на заштита на животната средина и на животот и здравјето на луѓето.

Заштита и унапредување на животната средина е систем на мерки и активности (општествени, политички, социјални, економски, технички, образовни и други) со кои се обезбедува поддршка и создавање на услови за заштита од загадување, деградација и влијание на/врз медиумите и одделните области на животната средина.

Државата формира мрежа за мониторинг, што се состои од мониторинг на медиумите (водата, воздухот и почвата) и областите на животната средина.

Целокупната активност во оваа област ќе се насочува кон обезбедување на непречен просторен развој, при едновремена заштита на квалитетна, здрава и хумана средина за живеење и работа.

Мерките за заштита и унапредување на квалитетот на средината ќе бидат вградени во создавањето на концептот на просторната оранизација на урбаниот опфат.

5.1.1 Мерки за заштита на воздухот

Државниот мониторинг систем за квалитет на амбиентниот воздух, се состои од 15 мониторинг станици, од кои три се лоцирани во , а останатите во другите градови низ Републиката. Во фазата на изградба на предвидените содржини, можно е да се појават одредени локални и краткорочни влијанија врз квалитетот на амбиентниот воздух. Во оваа фаза, мерките за заштита генерално треба да се фокусираат на техничко ниво, преку примена на незагадувачки и одржливи градежни суровини, помошни материјали, и гориво за механизацијата, како и повторна употреба на отпадните материјали. При проектирање и реализација на сите објекти да се имплементираат принципите на енергетска ефикасност, да се предвидат мерки и активности за зголемено искористување на обновливите извори на енергија, пред се сончевата преку поставување на сончеви колектори, како и да се предвиди соодветно заштитно зеленило (пред се околу сообраќајниците). При избор на вегетацијата да се даде приоритет на видовите (автохтони) со висок биоакумулативен капацитет на загадувачки материи. За сите објекти и инсталации кои се во фаза на проектирање, изградба, реконструкција или експлоатација, задолжително е почитување на пропишаните гранични вредности за емисија на отпадни гасови и пареи. Исто така, задолжително е почитување на пропишаните гранични вредности за емисија на загадувачки супстанции од подвижни извори на загадување.

5.1.2 Мерки за заштита на водите

Секое дејствие или активност со кое се загадуваат водите или се испуштаат отпадни води или непреземање на дејствие, со кое се овозможува загадување на

водите или испуштање на отпадни води е забрането согласно Законот за водите („Службен весник на Република Македонија“ број 87/08, 6/09, 161/09, 83/10, 51/11, 44/12, 23/13, 163/13, 180/14, 146/15 и 52/16).

5.1.3 Мерки за заштита на почвата

При изградбата на предвидените содржини во проектниот опфат да се внимава да не дојде до искористување на земјиштето на начин и обем со кој би се загрозиле неговите природни вредности. За време на градежните активности потребно е да се врши контролирано и внимателно отстранување на површинскиот слој од почвата, ре-употреба на вишокот земјен материјал од ископите, организирано управување со отпадот. Исто така потребно е да се обезбеди вегетациски покривач на почвата околу новоизградените содржини. Со плановите за хортикултура да се утврдат исклучиво декоративни насади.
Со имплементација на предвидените мерки за управување со отпадот, отпадните води, масти, масла, горива, како и со доследно почитување на законската регулатива, ќе се спречи или намали ризикот од загадување на почвата.

5.1.4 Мерки за заштита од бучава

Во насока на минимизирање на бучавата се препорачува употреба на современа механизација во периодот на изградба на предвидените објекти во проектниот опфат и примена на висококвалитетни изолациски материјали. Изведувачите треба да ги почитуваат роковите за градба дадени од надлежниот орган, правилна организација на градежните активности и почитување на работното време, со цел намалување на вкупното време за градежни активности. Работното време и правила да се воспостават врз основа на потребите за намалување на бучавата. Дополнително, како мерка за контрола и мониторинг на бучавата, потребно е имплементирање на одредбите од Законот за заштита од бучава во животна средина („Службен весник на Република Македонија“ број 79/07, 124/10, 47/11, 163/13 и 146/15), преку подготовка на стратешка карта за бучава и класификација на територијата на општината според степенот на заштита од бучава.

5.1.5 Мерки за управување со отпадот

Создавачите на отпад се должни во најголема можна мера, да го избегнат создавањето на отпад и да ги намалат штетните влијанија на отпадот врз животната средина, животот и здравјето на луѓето. Во фазата на изградба неопходно е воспоставување на ефикасен систем за правилно управување со сите видови и количества на отпад што ќе се создадат. При управување со отпадот по претходно извршената селекција, отпадот треба да биде преработен по пат на рециклирање, повторно употребен во истиот или во друг процес за екстракција на секундарните суровини или пак да се искористи како извор на енергија. После соодветниот третман отпадот да се одложи со контролиран транспортен систем на постојната депонија. Создавачот и/или имателот на отпадни материи и емисии ќе ги сноси сите трошоци за санација на евентуално предизвиканите нарушувања во животната средина.

5.1.6 Мерки за заштита на биодиверзитетот

Основен услов за намалување на влијанијата врз флората и фауната е примената на предвидените мерки за правилно управување со просторот, воздухот, водите, почвата, нивоата на бучава и отпадот. При реализација на активностите на терен да се избегне прекумерно искористување или губење на биолошките ресурси и модификација и фрагментација на природните живеалишта, со цел да се намалат или целосно елиминираат негативните последици врз стабилноста на екосистемите на анализираното подрачје.

5.2 Мерки за заштита и спасување

Закон за заштита и спасување („Службен весник на Република Македонија“ број 36/04, 49/04, 86/08, 124/10, 18/11, 41/14, 129/15, 71/16, 106/16 и 83/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ број 215/21) и Закон за пожарникарството (Службен весник на Република Македонија, број 67/04, 81/07, 55/13, 158/14, 193/15 и 39/16 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ број 152/19), задолжително треба да се применуваат мерките за заштита и спасување. Заштитата и спасувањето е работа од јавен интерес за Републиката. Системот за заштита и спасување го организираат и спроведуваат државните органи, органите на државната управа, органите на единиците на локалната самоуправа, јавните претпријатија, јавните установи и служби, трговски друштва, здруженија на граѓани, граѓаните и силите за заштита и спасување на начин уреден со Закон за заштита и спасување („Службен весник на Република Македонија“ број 36/04, 49/04, 86/08, 124/10, 18/11, 41/14, 129/15, 71/16, 106/16 и 83/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ број 215/21) и Закон за пожарникарството (Службен весник на Република Македонија, број 67/04, 81/07, 55/13, 158/14, 193/15 и 39/16 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ број 152/19), како и Уредбата за спроведување на заштита и спасување од пожари („Службен весник на Република Северна Македонија“ број 98/05), Уредбата за спроведување и спасување од урнатини („Службен весник на Република Северна Македонија“ број 98/05) и Уредбата за начинот на применувањето на мерките за заштита и спасување, при планирањето и уредувањето на просторот и населбите, во проектите и при изградба на градбите, како и учество во техничкиот преглед („Службен весник на Република Северна Македонија“ број 105/05).

Системот за заштита и спасување се остварува преку:

- Набљудување, откривање, следење и проучување на можните опасности;
- Ублажување и спречување на настанување на можните опасности;
- Известување и предупредување за можните опасности и давање упатства за заштита, спасување и помош;
- Едукација и оспособување за заштита, спасување и помош;
- Организирање на силите за заштита и спасување и воспоставување и одржување на другите форми на подготвеност за заштита, спасување и помош;
- Самозаштита, самопомош и заемна помош;
- Мобилизација и активирање на силите и средстата за заштита и спасување;
- Одредување и изведување на заштитните мерки;
- Спасување и помош;
- Отстранување на последиците од природни непогоди, епидемии, епизоотии, епифитотии и други несреќи, до обезбедување на основните услови за живот;

- Надзор на спроведувањето на заштитата и спасувањето;
- Давање на помош на подрачјата кои претрпеле штети од поголеми размери од природни непогоди, епидемии, епизоотии, епифитотии и други несреќи, а кои искажале потреба за тоа и Примање помош од други држави.

Заради организирано спроведување на заштита и спасување, учесниците во системот за заштита и спасување, донесуваат План за заштита и спасување од природни непогоди, епидемии, епизоотии, епифитотии и други несреќи. Планот се изработува врз основа на Процена на загрозеност од природни непогоди, епизоотии, епифитотии и други несреќи. Планот за заштита и спасување содржи превентивни и оперативни мерки, активности и постапки за заштита и спасување. Планот го донесува Советот на Општината. Согласно член 51 и член 53 од горенаведениот Закон за заштита и спасување мерките за заштита и спасување се остваруваат преку организирање на дејства и постапки од превентивен карактер, кои ги подготвува и спроведува Републиката преку органите на државната управа во областа за кои се основани. Органите на државната управа, органите на единиците на локалната самоуправа, трговските друштва, јавните претпријатија, установите и службите, се должни да ја предвидат и планираат организацијата на спроведувањето на мерките за заштита и спасување и да спроведат мерки кои се во функција на превенцијата. Во функција на превенција се следните мерки и активности:

1. Изработка на Процена на загрозеност за можни опасности и План за заштита и спасување од проценетите опасности.
2. Вградување на предвидените и планираните мерки за заштита и спасување во редовното планирање и работа
3. Уредување на просторот и изградба на објекти, во функција на заштита и спасување
4. Воспоставување на организација и систем потребни за заштита и спасување
5. Обезбедување на материјална база, персонал и други ресурси потребни за извршување на планираната организација.

Мерките за заштита и спасување задолжително се применуваат при планирањето и уредувањето на просторот, во плановите како и при изградба на градбите и инфраструктурата согласно член 53 од претходно наведениот Закон за заштита и спасување како и согласно Уредбата за начинот на применување на мерките за заштита и спасување, при планирање и уредување на просторот и населбите, во проектите и изградба на објектите (Сл.весник на Република Северна Македонија бр.105/05), како и учество во техничкиот преглед. Мерките за заштита и спасување задолжително се применуваат:

- При планирањето и уредувањето на просторот и населбите
- Во проекти за објекти и технолошки процеси наменети за складирање, производство и употреба на опасни материи, нафта и нејзини деривати, енергетски гасови, јавниот сообраќај,црна и обоена металургија, како и за јавна, административна, културна, туристичко-угостителска дејност и
- При изградба на објект и инфрастурктура.

Согласно член 54 од Закон за заштита и спасување (Сл.весник на Република Северна Македонија бр. 36/04, 49/04, 86/08, 124/10, 18/11, 41/14, 129/15, 71/16 и 106/16), а во функција на уредување на просторот задолжително се обезбедува: Во функција на уредувањето на просторот задолжително се обезбедува:

- Изградба на објекти отпорни на сеизмички дејства
- Регулирање на водотеците и изградба на систем на одбранбени насипи
- Изградба на снегозаштитни појаси и пошумување на голините

- Озбебедување на противпожарни пречки
- Изградба на градби за заштита и
- Изградба на потребната инфрастурктура

Согласно член 61 од Закон за заштита и спасување („Службен весник на Република Македонија“ број 36/04, 49/04, 86/08, 124/10, 18/11, 41/14, 129/15, 71/16, 106/16 и 83/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ број 215/21), се предвидуваат:

5.2.1 Заштита и спасување од пожари, експлозии и опасни материи

